Konrad Adenauer Stiftung

Д-Р АЛЕКСАНДАР СПАСЕНОВСКИ
Д-Р ЈОВАН АНДОНОВСКИ



# ПОЛИТИКА И РЕТОРИКА

Konrad
Adenauer
Stiftung

Д-Р АЛЕКСАНДАР СПАСЕНОВСКИ
Д-Р ЈОВАН АНДОНОВСКИ

# ПОЛИТИКА И РЕТОРИКА

СКОПЈЕ, 2017 година

БЕСПЛАТНО ИЗДАНИЕ


## ИМПРЕСУМ

**Наслов:**
Политика и реторика

**Автори:**
**Александар Спасеновски**, доцент на Правниот факултет „Јустинијан Први“ при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј“ во Скопје
**Јован Андоновски**, доцент на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

**Издавач:**
Фондација Конрад Аденауер во Република Македонија

**Координација:**
Давор Пашоски
Јоханес Д. Раи

**Лектура:**
Ивана Коцевска

**Компјутерска подготовка и печат:**
Винсент Графика ДОО Скопје

**Тираж:**
200 примероци

**Книгата може бесплатно да се преземе на:**
http://www.kas.de/mazedonien


**Напомена:**
Ставовите изнесени во книгата не се ставови на Фондацијата Конрад Аденауер, туку се лични гледишта на авторите.

Д-Р АЛЕКСАНДАР СПАСЕНОВСКИ
Д-Р ЈОВАН АНДОНОВСКИ

# ПОЛИТИКА И РЕТОРИКА



# СОДРЖИНА


ПРЕДГОВОР 7

## ПРВ ДЕЛ - ПОЛИТИКА
### Д-Р АЛЕКСАНДАР СПАСЕНОВСКИ

**ГЛАВА 1**
**ВОВЕДНИ И ТЕОРЕТСКИ ПРАШАЊА 14**

ВОВЕД 15

1. ПОЛИТИКА 15

2. ВЛАСТ 19
2.1. Законодавна власт 21
2.2. Извршна власт 28
2.3. Судска власт 31

3. ТИПОВИ НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ 34
3.1. Парламентарен систем 35
3.2. Претседателски систем 38
3.3. Мешовит систем 40
3.4. Собраниски систем 43

**ГЛАВА 2**
**АСПЕКТИ НА ПОЛИТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 46**

ВОВЕД 47

1. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 47

2. ПАРТИСКИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 49
2.1. Контекстуализација 49
2.2. Уставна рамка 51
2.3. Законска рамка 54
2.3.1. Дефинирање на политичка партија 56
2.3.2. Начин на основање на политичка партија и потврда на регистрацијата 58
2.3.3. Постапка за регистрација на политичка партија 61

2.3.4. Престанок на постоење на политичка партија 63
2.3.5. Други прашања поврзани со функционирањето на политичките партии 64
2.3.5.1. Партиски истражувачко-аналитички центри 66

## ВТОР ДЕЛ – РЕТОРИКА

Д-Р ЈОВАН АНДОНОВСКИ

**ГЛАВА 1**
**ОПШТА РЕТОРИКА 70**

1. ПОИМ ЗА РЕТОРИКА 71

2. ВИДОВИ РЕТОРИКА 75
2.1. Поделба на говорите според содржината 76
2.2. Поделба на говорите според начинот на подготовка 81
2.3. Поделба на говорите според аудиториумот 82
2.4. Поделба на говорите според техниката 82

3. ЗНАЧЕЊЕ НА РЕТОРИКАТА 83
3.1. Реторика и етика 84
3.2. Функции на реториката 87

4. РЕТОРИКАТА ВО РЕВОЛУЦИОНЕРНИОТ НОВ ВЕК 88
4.1. Современа реторика и односот на старата и новата реторика 92

**ГЛАВА 2**
**ПОСЕБНА РЕТОРИКА 98**

1. ЕЛЕМЕНТИ НА РЕТОРИКАТА 99
1.1. Говорник 99
1.2. Аудиториум 107
1.3. Говор 111
1.3.1. Предмет, цел и подготовка на говорот 111
1.4. Организациска поделба на говорот 120
1.5. Стилови на говор 135

2. ПОЛИТИЧКА РЕТОРИКА 137
2.1. Говорникот како елемент на политичката реторика 139

2.2. Аудиториумот кај политичката реторика 141
2.3. Говорот кај политичката реторика 143

## ТРЕТ ДЕЛ - ПОЛИТИКА И РЕТОРИКА
Д-Р АЛЕКСАНДАР СПАСЕНОВСКИ
Д-Р ЈОВАН АНДОНОВСКИ

**ГЛАВА 1**
**ЈАВНО МИСЛЕЊЕ 150**

ВОВЕД 151

1. ТЕОРЕТСКИ И ПРАКТИЧНИ КОНЦЕПТИ 151
2. ФОРМИРАЊЕ И ПРОМЕНА НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ 154
3. ФОРМИРАЊЕ СТАВОВИ 156
4. ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ 157
5. ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ И ВЛАДЕЕЊЕТО 161

**ГЛАВА 2**
**ЕСЕНЦИЈА НА ПОЛИТИЧКАТА РЕТОРИКА 166**

ВОВЕД 167

1. ГОВОР 167
2. ГОВОРНИК 171
3. ПУБЛИКА 174

**ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА 177**

**РЕЗИМЕ 189**

РЕЗИМЕ (МК) ПОЛИТИКА И РЕТОРИКА 190

REZYME (SQ) POLITIKA DHE RETORIKA 194

ZUSAMMENFASSUNG (DE) POLITIK UND RHETORIK 198

SUMMARY (EN) POLITICS AND RHETORIC 202

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 207**

# ПРЕДГОВОР

# ПРЕДГОВОР



# ПРЕДГОВОР

Политиката претставува носечка активност со која луѓето, групирајќи се во одделни сегменти, настојуваат да ги остварат парцијалните и колективните замисли на локален, на државен, односно на меѓународен план. Освен ваквата т.н. „вертикална“ диверзификација, политиката како активност може да се анализира и од т.н. „хоризонтален“ аспект во смисла на темата на која се однесува истата, па според тоа се разликува: образовна, здравствена, социјална, културолошка, младинска политика итн.

Низ призма на споменатото, во однос на начините на водењето на одредена политика можат, меѓу другото, да се разликуваат два периода;

» Првиот период, односно начин е кога политиката беше почетниот елемент на еден конфликт чија срж е употребата на сила;

» Вториот период, односно начин е кога политиката е почетниот елемент на една вербална ненасилна конфронтација чија срж е говорот, односно реториката.

Имајќи го предвид споменатото, можеме да заклучиме дека и денес човекот се нема целосно преориентирано во вториот период, бидејќи насилните конфронтации како последна алатка во политиката сè уште силно се присутни. **Меѓутоа, сепак, во предоминантна смисла на зборот, извесно е дека ја живееме ерата на политиката чија основна алатка е говорот, односно реториката**.

Почетокот на оваа ера од развојот се поврзува со востановувањето на претставничката демократија во вистинска смисла на зборот, како резултат на проширувањето на општото и еднакво право на глас на граѓаните во државите, од што, како историски феномен, се појавија денешните современи политички партии.

**Живеејќи во период кога партиите ја освојуваат власта на избори во фер и демократски натпревар, врската помеѓу реториката и политиката станува уште поцврста поради што се наметнува потребата од натамошна анализа на овој меѓусебен каузалитет. Последното, пак, претставува и основен мотив за пишување на делото „Политика и реторика", кое настојува натамошно да го разјасни овој однос (политика – реторика), разработувајќи го истиот во еден општ (теоретски) контекст, но и во конкретна (практична) смисла преку примерот со Република Македонија (РМ).**

* * *

Трудот е составен од три дела.

Првиот дел од книгата, кој се занимава со темата „политика", е составен од две глави, при што во првата со наслов: *„Воведни и теоретски прашања"* се анализирани клучните поими, процеси и категоризации какви што се поимите политика и власт, во чии рамки се обработуваат особеностите на една законодавна, извршна и судска власт, а потоа, врз основа на изнесеното, следува осврт на клучните системи на организација на државната власт, односно парламентарниот, претседателскиот, мешовитиот и собранискиот систем.

Таквата теоретска основа, во втората глава, од овој прв дел на книгата со наслов: *„Аспекти на политиката во РМ"* добива практична смисла во нејзините две глави: првата, во која е направена анализа на системот на организација на државната власт во РМ, и втората глава, во која е направен осврт на конкретните уставно-правни аспекти на партискиот систем на нашата држава.

Така, преку овие две глави од овој прв дел се утврдуваат дел од клучните столбови на кои почива оваа широка тема, на што, во продолжение, се надоврзуваат информациите од вториот дел кој се занимава со прашањето на клучното „оружје" на современата политика – реториката.

Вториот дел од книгата, пак, посветен на реториката, се состои од шест дополнителни глави. Така, во првата глава со наслов: *„Поим на реторика“* е даден осврт на прашањата: од каде потекнува реториката, како е дефинирана, што е цел на реториката и што не може да се класифицира како реторика. Во следната глава, пак, со наслов *„Видови реторика“* е направена логична транзиција кон поделбата на говорите, односно реториката врз основа на следните параметри: содржината на говорот, начинот на подготовка, според аудиториумот и според техниката. Во главата што се надоврзува со наслов *„Значење на реториката“* е направен обид да се изложат јасните причини зошто реториката е значајна, особено за изучувањето и практикувањето на политиката, нејзините релации со етиката и кои се најзначајните функции на реториката. Четвртата глава е посветена на реториката во современиот век и нејзиниот однос со т.н. стара реторика. Понатаму, петтата глава од книгата е посветена на *„Елементи на реторика“* со што се прави спој помеѓу теоријата и праксата. Во неа се елаборирани основните елементи на практичната реторика: говорникот, публиката и говорот, како „свето тројство“ на реториката. Направен е и обид да се прикаже модел на организациска поделба на говорот со посебен фокус на стиловите на говор. На крајот, посебна, шеста глава е посветена на мостот помеѓу насловот на оваа книга: политичката реторика. Следејќи ја логиката на претходната глава, политичката реторика е разработена низ моделот: говорник, аудиториум и говор.

Врз основа на изнесените сознанија, во првиот и во вториот дел од книгата, следува третиот дел, со наслов „Политика и реторика“. Во овој дел, врз основа на изнесените сознанија во првите два дела од книгата, се разјаснети два каузалитети во овој заемен однос. Имено, во првата глава се разработува феноменот на „јавното мислење“ во смисла на ефектите од спроведувањето на една политика, додека во втората глава се разглобува самата реторика, во смисла на откривање на начините и својствата кои ја детерминираат нејзината успешност.

На самиот крај, пак, низ призма на изнесените информации во трите дела од книгата, се поместени заклучните согледувања.

*   *   *

Авторите искрено веруваат дека оваа книга ќе им биде од корист на сите оние кои ги интересира сложениот сет на елементи што ја карактеризираат современата политика, а особено на студентите на правните факултети, на факултетите за политички науки, како и на факултетите по новинарство и за односи со јавноста. Истовремено, со оглед на сеприсутноста на политиката во животите на луѓето, веруваме дека овој практичен водич ќе има и поширока општествена примена помеѓу активните политички чинители, новинарите или граѓанските активисти.

**На самиот крај, ја искажуваме нашата благодарност до претставништвото на Фондацијата Конрад Аденауер во РМ за поддршката и за ангажманот при издавањето на оваа книга.**

***Скопје, 2017 година***

***Од авторите***

# ПРВ ДЕЛ

## ПОЛИТИКА



# ГЛАВА 1

## ВОВЕДНИ И ТЕОРЕТСКИ ПРАШАЊА



## ВОВЕД

Политичката активност е прилично дивергентна и сложена категорија. Таа во себе опфаќа безброј процеси и интеракции, кои, во суштина, се сведуваат на целта за остварување на еден партикуларен групен интерес поврзан со функционирањето на државата. Во оваа смисла, во насока на натамошно усложнување, придонесува и фактот што постојат безброј начини (модели) како да се реализира одреден интерес на сегментите учесници во една државна политика. Така, како резултат на споменатото, теоријата се занимава со безброј прашања кои имаат за цел да го расветлат широкиот свет на политиката.

Во оваа прилика, имајќи го предвид споменатото, следува осврт на повеќе клучни политички теми. **Имено, во првиот дел е изложен осврт на темата политика во чии рамки се дефинира овој поим и се анализираат клучните теоретски стојалишта. Во вториот дел, пак, се разјаснува смислата на поимот власт, при што во продолжение подетаљно се разработени трите сегменти на една власт во демократска држава, а тоа се законодавната, извршната и судската. Конечно, во третиот дел од оваа глава, врз основа на изнесеното, се разработуваат конкретните системи на организација на една државна власт, односно парламентарниот, претседателскиот и мешовитиот систем на владеење**.

Овие теоретски објаснување претставуваат основа за натамошна елаборација на широката тема „политика" преку примерот на РМ со која ќе се занимаваме во втората глава од овој прв дел.

## 1. ПОЛИТИКА

Политиката претставува суштествен поим со чија помош се реализираат различните општествени процеси круцијални за луѓето во една заедница на локално, на национално, како и на меѓународно ниво.

Во согласност со нивото во кое како потполн облик се јавува таа, говориме за локална, национална, односно за меѓународна политика.

**Политиката најопшто може да се дефинира како ангажман во насока на остварување на одредени идеи суштествени за една човекова заедница. Тоа се, пред сè, идеите за општо добро, за правда и за општа корисност. Како што на личен план човекот треба да се стреми што повеќе да ги усоврши своите морални особини, така на планот на животот во една заедница тој треба да се стреми кон правдата и кон општото добро, т.е. кон усовршување на својата заедница.**[1] Остварувањето на ваквата колективна цел, имено, претставува политика.

Во политичката теорија не постои едногласност во однос на прецизното одредување на смислата на поимот политика. Големиот број дефиниции во однос на оваа материја политичката литература главно ги сведува на четири стојалишта, кои го опфаќаат целиот спектар особини карактеристични за политиката.

Тоа се:

- **Прво**, тоталитаристичко;
- **Второ**, етатистичко;
- **Трето**, плуралистичко; и
- **Четврто**, републиканско сфаќање на политиката.

За одредување на тоталитаристичкото сфаќање на политиката, како појдовна премиса ја анализираме изградената **мисловна теорија на германскиот правник и политички теоретичар, Карл Шмит**. Според Шмит, суштината на политичкото дејствување се наоѓа во **разликувањето на категоријата пријател – непријател**. Таквиот вид разликување, според овој автор, им дава политичка смисла на човековите дејности и мотиви. Тоталноста на политиката е содр-

[1] Enciklopedija Političke Kulture, Savremena administracija, Beograd, 1993 , стр. 873.

жана во тоа што секоја област на човековото дејствување – религијата, стопанството, моралот и друго е подложна на вакво разликување, т.е. на поделба на пријатели и непријатели. **Секоја религиозна, морална, економска, етничка или некоја друга спротивност се претвора во политичка спротивност, кога ќе стане доволно силна да ги групира луѓето на пријатели и непријатели.**[2] Според Шмит, државата претставува суштинско, тотално и меродавно политичко единство на заедницата. Нејзината моќ е тотална, бидејќи таа произлегува од основното право, правото да се поведе војна против непријателот – ius belli.[3]

Втората теоретска елаборација на политиката е врзана со етатистичкото сфаќање. **Претставник на овој мисловен правец е германскиот социолог Макс Вебер**. За него **политиката претставува тежнеење за учество во користењето на моќта или за влијание врз распределбата на моќта помеѓу групите луѓе кои живеат во една држава.**[4] За ваквата мисловна перцепција на политиката клучни се две сфаќања: моќта, односно власта и државата. Вебер, за разлика од власта, која ја дефинира како институционализиран облик на моќ, во однос на државата заклучува дека единствениот квалитет кој ја прави неа засебна категорија е монополот за легитимна примена на физичкото насилство.[5] Според ваквото сфаќање, политиката е сместена во средината на триаголникот на моќта, односно власта, легитимитетот и физичкото насилство.

Третото стојалиште е плуралистичкото. Претставник на овој мисловен правец е **Дејвид Истон**. Според него, **политиката претставува авторитарна распределба на вредностите во едно општество и таа е составена од мрежи на одлуки и дејности**

---

2 Carl Schmitt, Der Begriff des Politischen, Duncker und Humbolt, Berlin, 1979, стр. 37.
3 Carl Schmit, op. cit., стр. 45.
4 Maks Veber, Kritika Kolektivizma, Beograd, 1988, стр. 56.
5 Maks Veber, op. cit., стр. 432.

**со кои се распределуваат таквите вредности**.[6] За разлика од другите облици на дејности, каде што, исто така, се одлучува врз база на вредностите, во политиката се одлучува врз база на авторитетот, т.е. врз основа на авторитарната распределба на вредностите. Тоа значи дека во општеството, политиката, било формално било неформално, се прифаќа како нешто што обврзува.[7]

Следната мисловна теорија е републиканската, чиј претставник е **германскиот политички теоретичар Хана Арент**. Според овој правец, политиката претставува **посебна област на човековото дејствување, во која врз основа на мислењето, говорот и аргументираното одлучување се учествува во јавните работи**. Во својата суштина, политиката во модерното време е она што таа била во антиката – res publica (јавна работа) за која подеднакво одговараат сите граѓани. Политиката како засебно подрачје постои во мера во која сите граѓани го практикуваат јавниот живот. Во таа смисла, за Арент политичкото е иманентно подрачје на слободата, област на владеењето на јавниот дух и човекова самоафирмација.[8]

Од четирите изложени стојалишта, кои го дефинираат современиот поим на политиката, првото – тоталитарното, политиката ја сведува во една точка, тотално владеење и според тоа, преку општата политизација практично го укинува специфичното подрачје и смислата на политичкото. Останатите три парадигми, набљудувани во целина, јасно издвојуваат и предочуваат три клучни политички области – владеењето, интересот и јавноста. И тоа првата, етатистичката парадигма, ја потенцира областа на владеењето, втората, плуралистичката, областа на интересот, а третата, републиканската, политиката ја врзува примарно за јавноста. Ако ги занемариме теоретските преференции на овие три пристапи, можеме да утврдиме дека,

---

6 David Iston, The Political System, New York, 1963, стр. 130.
7 David Iston, op. cit., стр. 133.
8 Enciklopedija Političke Kulture, op. cit., стр. 883.

всушност, овие три области – владеењето, интересот и јавноста, во својата целокупност го чинат современиот свет на политиката.[9]

## 2. ВЛАСТ

Власта е еден од елементарните поими кои се во употреба во правните и во политичките науки (иако овој поим има и психолошко, но и социолошко значење) и истиот е исклучително тежок за дефинирање. Како што е тоа случај со останатите поими во општествените науки, и во однос на дефинирањето на терминот власт се соочуваме со голем број дефиниции. Секоја од нив тргнувајќи од различни претпоставки се обидува на најдобар можен начин да ја долови нејзината изворна смисла.

Во однос на определувањето на природата на власта, низ историјата се издиференцирале три клучни теории.

- **Прво, теократска**. Според оваа теорија, власта ја дава или ја одзема Бог, кој, всушност, е и вистинскиот владетел, додека оние што конкретно управуваат со државните работи се негови претставници. Во оваа смисла, една земска власт може да се оцени како легитимна доколку е воспоставена во согласност со милоста Божја, при што доколку е така граѓаните/поданиците се должни да ѝ се потчинуваат.
- **Второ, автократска**. Зачетоците на оваа теорија можат да се пронајдат уште за време на Античка Грција. Имено, античкиот теоретичар Платон овој облик на власт го смета за најдобар. Во конкретна смисла, под автократска власт се подразбира оној тип на државна власт која својот авторитет и легитимитет не го црпи ниту од Бога, ниту од народот, туку од самата себе.

9 Ibid.

» **Трето, демократска**. Тоа е онаа власт која својот легитимитет го црпи како резултат на дадената поддршка од страна на народот, кој управува со државата на посреден начин преку избраните претставници.

**Според теоретичарот Макс Вебер, власта е фактичка состојба во која изразената волја (наредба) на оние што владеат сака да влијае врз дејствувањето на другите. Според Чедомир Чупиќ, пак, власта однадвор е одредена со типот на општеството и со владејачкиот општествен однос на кој се заснова, а, од друга страна, таа е одредена со внатрешната логика на институциите или со организациите и дејствувањето на поединците во нив**. Чупиќ смета дека внатрешната логика на власта ја поттикнува, ја потпомага и ја одржува внатрешната логика во организациите, а логиката на доминација ја прифаќа и ја вградува логиката на власта во системот на своето функционирање. Така се одржува организацијата и се зацврстува власта, смета овој теоретичар.

Сложеноста на поимот власт доаѓа и преку неговото изедначување со поимите моќ и авторитет. Во тој контекст, теоретичарот Макс Вебер прв ги разграничува значењата на поимите власт и моќ, при тоа дефинирајќи ја моќта како веројатност дека една личност, во рамките на некој општествен однос, ќе биде во состојба да ја спроведе сопствената волја и покрај отпорот, без оглед на основата на таа веројатност.

Постојат повеќе облици на власт: црковна, родителска, културна, спортска, образовна итн. Во рамките на вака поделените облици, власта се јавува во различни форми и со различен интензитет. Некаде таа е апсолутна, а некаде рамките на нејзиното остварување се ограничени со различни норми.

Иако, како што видовме, власта е карактеристика за различните облици на здружување на поединците, сепак, нејзината употреба најчесто асоцира на политичката власт. **Политичката власт можеме да ја**

**дефинираме како посебен облик на власт, која во организирањето на политичкиот живот на одредена територија или организација создава предуслови поединечната или групната волја, со моќта или со способноста, да се наметне и да влијае врз дејствувањето и однесувањето на сите други независно од нивната согласност, со помош на заповедување или наредби и со употреба на различни средства**. Во таа насока, теоретичарот Ласвел ја претставува политиката како проучување на власта и на елитата како нејзин израз или, пак, теоретичарот Ки, кој смета дека сферата на политиката во основа може да се сведе на испитување на оние односи на власта или на контрола што се сосредоточени околу машинеријата на владеењето. Милан Подунавац смета дека политичката власт само во една точка се разликува од државата – државата е заедница во рамките на која членството не е доброволно, туку обврзно за сите припадници што живеат на дадената територија.

Во континентално-европската политичка култура поимот власт, односно владеење (regierung) се користи за да се означи дејноста на главните лостови на државната власт, раководењето со сите државни работи или уште попрецизно, начинот на дејствување на законодавните, извршните и судските органи на власта.

## 2.1. Законодавна власт

Законодавната власт (парламентот) претставува најопшт и најрепрезентативен израз на остварената сувереност на граѓаните на една држава. Таа, **како основна на претставничката демократија, е најсилното олицетворение на волјата на граѓаните кои на општи и на непосредни избори, со тајно гласање, одлучуваат на која политичка партија ќе ѝ ја дадат довербата да ја води земјата**. Во таа смисла, законодавната власт без сомнение претставува клучна институција без која не може да се реализира принципот на владеење на правото, кој,

пак, претставува елементарна претпоставка за да може една држава да се нарече демократска.

**Настанокот и развојот на парламентаризмот е во тесна корелација со настанувањето и развојот на модерните национални држави, кои, пак, претставуваат практичен израз на постојаните притисоци за ограничување на апсолутната власт на монархот.**

**Зборот парламент кој прво се јавува во англиското говорно подрачје (parliament), го влече своето потекло од латинскиот збор „parlare", што во превод значи „да се говори", „да се разговара". Во таа смисла, институцијата парламент претставува место каде што се говори, односно каде што се дебатира за важни државни прашања.** Во други јазици, освен зборот парламент за именување на законодавната власт се употребуваат и зборовите: **собрание, сабор, конвент, сејм итн**.

Од аспект на семантиката, во САД законодавната власт се именува со зборот „конгрес", кој означува „формална средба помеѓу претставници (делегати) на одредени сегменти од општеството/заедницата и слично", додека, пак, во рускиот јазик за именување на законодавната власт се употребува зборот „дума", со значење „да се размислува", „да се мисли". Оттаму, парламентот – конгресот, односно думата во согласност со ваквите именувања би претставувал институција во која на еден утврден начин би се среќавале претставниците на граѓаните за да ги размислат, да ги анализираат, односно да ги издискутираат сите важни државни прашања.

Идејата за политичкото претставување во историјата на човештвото се развива уште во раниот среден век со воспоставувањето на феудалната држава. Тогашните феудални владетели во извршувањето на своите надлежности биле упатени на соработка со племството, како и со свештенството. Имајќи го предвид споменатото, владетелите започнуваат да ги формираат првите сталешки собранија во кои членува-

ле споменатите слоеви сè со цел да се консултираат за одредени поважни политички прашања. Во оваа смисла, **особено значаен датум за развојот на парламентаризмот во светски рамки е 1215 година, кога во Англија (која важи за држава-лулка на парламентарната демократија) се носи големата повелба за слободите, односно Magna Charta Libertatum, со која, меѓу другото, се воведува правилото дека „нема оданочување без претставување", со што на овој начин сите оние жители кои му плаќале даноци на владетелот стекнуваат право да бидат претставени во соодветните институции, односно во парламентот**.

Фактот дека на овој начин се катализираат интересите на различните сегменти на општеството, говори за три нешта:

» **Прво**, парламентите стануваат претпоставка (симбол) за постоењето на одредени политички слободи и права, а особено на востановувањето на правото на глас;
» **Второ**, парламентите ја симболизираат идејата за народниот суверенитет, како и
» **Трето**, се внесуваат елементите на јавност и на контрола кон оние (монарсите) кои претходно сосема неприкосновено управувале со државите.

**Ваквата состојба во која оние што плаќаат даноци имаат право да бидат претставувани, во текот на 17 и 18 век, постепено еволуира во политичкиот концепт за т.н. „општествен договор", кој е разработен во делата на познатите теоретичари Томас Хобс, Џон Лок, како и Жан Жак Русо.** Имено, со прифаќањето на општествениот договор од страна на граѓаните во нормативна смисла денес се подразбира усвојување или признавање на општествено-правен поредок кој се воспоставува низ одредени уставни, како и останати правни акти.

**Модерните парламентарни структури, какви што ги познаваме денес, сепак, се од понов датум.**

**Имено, тие се вообличуваат во текот на целиот 19 век, со носењето на разни одлуки во насока на натамошно проширување на избирачкото право на граѓаните, со што започнува ерата на претставничката демократија**. Во оваа смисла, еден од основните елементи на претставничката демократија е принципот на поделба на власта на законодавна, извршна и судска, како механизам за да се спречи концентрацијата на власта. **Овој принцип за прв пат се воведува во Уставот на САД од 1787 година**.

Сите парламенти, независно од типот на државното уредување, имаат широк дијапазон на функции. Имајќи го предвид споменатото, важно е да се истакне и дека различни теоретичари користат различни класификации во однос на ова прашање. Во секој случај, имајќи ги предвид мноштвото класификации, во оваа прилика подетаљно ќе се осврнеме на 8-те најважни функции кои ги има секоја законодавна власт во државите во светот.

» **Прво, легитимациска функција**. Основната функција на законодавната власт е давањето легитимитет, како резултат на народната поддршка, на власта самата по себе. Имено, една власт е легитимна единствено доколку ја ужива поддршката на граѓаните. Таквата легитимност се потврдува на парламентарните избори на кои граѓаните ја даваат својата доверба на претставниците во парламентот делегирани од политичките партии или на оние кои настапуваат како независни кандидати;

» **Второ, законодавна функција**. Усвојување на законите е една од основните функции на парламентот. Имено, дури и самото име „законодавна власт" упатува на овој заклучок. Во оваа смисла, парламентите во државите се разликуваат, меѓу другото, и врз основа на степенот на нивното влијание врз законодавната постапка. Така, тргнувајќи од фактот дека најголем дел од законските предлози во парла-

ментот доаѓаат од извршната власт, парламентите можеме да ги поделиме во три групи:

- Парламенти со силна уставна позиција, кои имаат политичка и институционална сила да ги отфрлат предлозите на владата, да ги модифицираат истите или да формулираат сопствени законски предлози;
- Парламенти со умерена позиција, кои можат да ги модификуваат предлозите на владата, но не и да ги отфрлат или да вообличат целосно сопствени законски предлози;
- Парламенти со слаба позиција, кои не можат да ги отфрлат предлозите на владата, ниту истите да ги модификуваат или, пак, да вообличат сопствени предлози;

» **Трето, функција на поврзување**. Во претставничката демократија, парламентот ја има функцијата на „поврзување“ помеѓу него и граѓаните. Без оваа врска не може да постои ниту самата претставничка демократија. Сепак, постојат варијации според кои се развива ваквиот однос, кои, во основа, се сведуваат на два модела:

- Според првиот, кој уште се нарекува и **модел на „слободен мандат“, членовите на законодавната власт се апсолутно слободни да ги застапуваат оние позиции за кои тие лично сметаат дека се најсоодветни за време на расправите во однос на одредени законски и други предлози**;
- Според вториот модел, пак, кој уште се нарекува и **модел на „врзан мандат“, пратениците се само делегати во законодавната власт на оние кои ги избрале**

**и, оттаму, тие треба да ги застапуваат интересите на граѓаните, а не своите интереси**;

- **Четврто, избор и разрешување на владата (извршната власт)**. Една од основните функции на законодавната власт е изборот и, соодветно на тоа, разрешувањето на извршната власт. Имено, во согласност со начелото на „кочници и рамнотежа“, извршната власт е одговорна пред парламентот кој истата ја избира и таа постои сè додека ја ужива неговата поддршка. Во некои држави, освен владата, парламентот го избира и шефот на државата (претседателот), при што во случај на негова спреченост да ја извршува ова функција, најчесто, претседателот на собранието го заменува до изборот на новиот претседател на државата;
- **Петто, усвојување на буџетот на државата**. Усвојувањето на државниот буџет е една од првите функции кои ги поседувале парламентите низ историјата. Имено, во основа, овие институции настануваат токму заради остварувањето на оваа функција, во смисла на ограничување на правото на монархот во однос на усвојувањето нови даноци;
- **Шесто, политичка репрезентација на различните сегменти на општеството**. Со појавата на парламентот било овозможено различните социјални слоеви во општествата да бидат претставени во политичкиот живот на односните држави. Во првите фази од развојот на парламентаризмот не сите сегменти на општеството биле претставени. Сепак, со развојот, низ историјата, особено како резултат на проширувањето на избирачкото право во текот на 19 и 20 век, парламентите стануваат институции кои во најширока можна мера ги претставуваат различните политички, етнички, верски, социјални и други сегменти во општеството;

» **Седмо, артикулација и усогласување на интересите**. Современата концепција на претставништвото е изградена врз основа на идејата дека постои начин како различните интереси на сегментите на едно општество да се сосредоточат во еден општ интерес. Местото во кое доаѓа до таквата артикулација на различните интереси е парламентот, при што таквиот заеднички интерес наоѓа свој израз преку законите и другите акти што се усвојуваат од негова страна. Процесот на артикулација на интересите во парламентите на демократските држави се одвива преку филтерот на политичките партии кои се главните институции што ги собираат и ги артикулираат различните интереси и, во оваа смисла, самите пратеници, кои во најголема мера се дел од овие партии, а кои, истовремено ги изразуваат и ги застапуваат интересите на граѓаните што ги избрале;

» **Осмо, контролна функција**. Најважниот дел од контролните функции на законодавната власт се однесуваат на извршната власт Оваа функција може да се анализира во светло на четвртата функција која ја образложивме погоре, а се однесува на изборот (и разрешувањето) на владата. Во оваа смисла, облиците на контрола на парламентот во однос на извршната власт можат да бидат различни, тргнувајќи од **разрешување на владата, можноста за интерпелација против конкретен член на владата, пратенички прашања, формирање анкетни комисии за истражување конкретно прашање или тема итн**.

Наспроти функциите, парламентите се разликуваат во однос на нивната структура. Најопштата поделба во оваа смисла е на:

» **Прво**, парламенти со еднодомна структура;
» **Второ**, парламенти со дводомна структура.

Каква парламентарна структура ќе биде имплементирана во една држава зависи од повеќе фактори, а особено од големината на земјата, сложеноста на нејзината институционална структура определена со устав, историските традиции, хетерогеноста на сегментите итн. **Вообичаено, помалите по територија држави кои имаат похомогена етничка структура и поедноставна институционална структура определена со устав, имаат еднодомна законодавна власт. И обратно! Оние држави кои имаат поголема територија, посложена институционална структура и похетерогена општествена структура, имаат дводомни претставнички тела.**

## 2.2. Извршна власт

Извршната власт како дел од вкупната државна власт настанува во процесот на ограничувањето на апсолутистичката власт на монархот **во 17 и 18 век, преку вклучувањето на средното и ниското благородништво во процесите на донесување на политичките одлуки**. Подоцна, во таа борба се вклучува буржоазијата, која, исто така, излегува со барања за активно вклучување во политичките процеси. Теоретичарите Џон Лок, Шарл Луј де Монтескје и други, во контекстот на таквите политички процеси, претставуваат план за политичка и уставна реорганизација на постојната предоминантно автократска држава. **Планот, во суштина, се однесува на прашањето на организацијата на власта и тој до денес ќе остане забележан во историјата како „теорија за поделба на власта"**. Според оваа доктрина, **политичката власт треба да се подели помеѓу неколку тела како мерка на претпазливост против воспоставувањето различни видови апсолутистичко владеење**. **Џон Лок во својата теорија прави разлика помеѓу извршната, законодавната и федеративната власт (која се однесува на надворешната политика), иако неговата на-**

**мера не е да се третираат тие власти одделно.**[10] **Монтескје, пак, ваквата концепција ја развива во поопширна теорија за одвојување на законодавната, извршната и судската власт.**[11] Во Соединетите Американски Држави ваквата концепција за прв пат практично е предвидена со донесување на Уставот на државата.

Во таа смисла, извршната власт е суштинска за разбирањето на карактерот на некое политичко уредување, за неговата ефикасност и за карактерот на односите што владеат. Иако навидум лесно, дефинирањето на извршната власт е исклучително напорна задача, особено поради фактот што постојат голем број дефиниции кои тргнуваат од различни премиси во контекст на остварувањето на целта за определување на суштинската смисла на овој термин.

**Наједноставно извршната власт може да се дефинира како гранка на власта која се занимава со извршување на политиката**[12] **или со извршување на законите.**[13]

Традиционалната државно-правна теорија ја одредува извршната власт како збир на органи на кои претходно им се доверува извршувањето (од страна на законодавната власт) на усвоените политички одлуки и правни прописи.[14]

Постојат автори кои користат негативни дефиниции за одредување на суштината на извршната власт. Таква дефиниција дава Георг Јелинек, кој смета дека управната (извршната) функција е она што преостанува кога ќе се одземат законодавството и судството.[15]

---

10 Иан Маклин, Концизен оксвордски речник за политиката, Книгоиздателство МИ-АН, Скопје, 2002, стр. 257.
11 Иан Маклин, op. cit.
12 Иан Маклин, op. cit., стр. 104.
13 Saikrishna Prakash, The esential meaning of executive power, University of Illinois Law Review vol. 2003, 2003, стр. 701.
14 Enciklopedija Političke Kulture, op. cit., стр. 451.
15 Рената Тренеска, Извршната власт во демократските системи, Матица Македонска, Скопје, 1999, стр. 31.

Други теоретичари се обидуваат да ја дефинираат извршната власт сместувајќи го нејзиниот голем број функции во неколку групи.[16] И тоа:

- **Прво**, донесување политички одлуки;
- **Второ**, водење  надворешна политика и претставување на државата, како и
- **Трето**, нормативна функција.

Извршната власт се дефинира и како државна власт која не се занимава само со извршување на законите (подзаконодавство), туку учествува и во донесувањето на општите правни акти, во креирањето на внатрешната и водењето на надворешната политика.[17] Исто така, постои група теоретичари која исклучиво со правни елементи се обидува да ја долови суштината на извршната власт. Така, во научната литература се сретнуваат и следниве дефиниции:

- **Прво**, извршната власт е власт што ги извршува законите, т.е. ги донесува правните акти потребни за нивно извршување (обично управните и судските, т.е. поединечните акти, кои можат да бидат и општи акти пониски од законот со кои тој се конкретизира и разработува, како уредбите, на пример, и др.) и која го организира вршењето на материјалните акти или ги врши самата таа.[18]
- **Второ**, извршната власт е власт која со своите правни акти (општи или поединечни) ги конкретизира диспозитивите на општите законски норми, го организира вршењето на материјалните акти потребни за примена на законот, а посебно актите на физичка и друга принуда или сама ги врши.[19]
- **Трето**, извршната власт е посебна власт, различна од управната, која се грижи за извршување на одлуките на законодавната власт.

---

16 Рената Тренеска, op. cit., стр. 38.

17 Саво Климоски, Уставен и политички систем, Просветно дело, Скопје, 1998, стр. 763.

18 Pravni Leksikon (drugo izmenjeno i dopunjeno izdanje), Savremena Administracija, Beograd, 1970, стр. 396.

19 Pravni Leksikon, op. cit.

Оваа власт врши само општ надзор и дава најопшти насоки за извршување на тие одлуки. Во нејзина надлежност спаѓа и донесувањето на т.н. политички акти, т.е. акти кои по својата содржина се исти како актите на суверената законодавна власт, но се со пониска правна сила.[20]

Од изнесените дефиниции на површина излегува разногласието во однос на определувањето на суштината на извршната власт. Причините за ова, според Ненад Димитријевиќ, се во двојбеноста на самиот термин „извршна власт", бидејќи таа не се занимава само со извршувањето туку и со формулирањето на политиката, односно со донесувањето на најбитните политички одлуки.[21] Димитријевиќ смета дека **за поцелосно доловување на овој сложен и противречен сегмент од политичката власт мора да се уважуваат историските околности во кои егзекутивата настанала како реално самостојна гранка на власта, но и социјалните и политичките односи во современото општество,[22] потенцирајќи дека социјалната, политичката и структурната комплексност на модерното општество бара јасно да се издвои една политичка инстанца која ќе ја преземе одговорноста за сложената група општествени односи кои се означуваат со името политичко владеење: егзекутивата добива функции на претставување на заедницата, водство, насочување, интеграција, подготовка на правни прописи, хиерархиска контрола на системот на власта и, конечно, политичко одлучување.**[23]

## 2.3. Судска власт

Судската е една од трите гранки на власта, покрај извршната и законодавната. Нејзина задача е

20 Ibid.
21 Enciklopedija Političke Kulture, op. cit., стр. 451.
22 Ibid.
23 Ibid. стр. 452.

авторитативно пресудување во однос на одредени контроверзии поврзани со толкувањето на законите, како и донесување одлуки во однос на одредени специфични случаи кои се изнесени пред судовите.

Разликуваме граѓански случаи во кои се инволвирани физички и правни лица кои водат спорови или поради причинета материјална штета или поради кршење на законите. Во овие случаи, судските одлуки најчесто создаваат правна обврска за губитничката, односно погрешната страна во смисла на исплаќање некаква финансиска компензација во однос на победничката, односно оштетената страна. Последното се однесува единствено на случаи кои не се предвидени со Кривичниот законик на одредената држава како криминални дела. Во оваа смисла, наспроти споменатото, криминалните дела продуцираат криминални случаи, под кои подразбираме конфликти помеѓу државата или нејзините гаѓани, од една страна, и обвинетото лице, од друга страна. Судските одлуки во овие случаи определуваат дали обвинетото лице е виновно или не е виновно. Во оваа смисла, доколку судот пресуди дека лицето е виновно, следува казна (санкција), која може да варира од парична казна сè до казна затвор (а во одредени држави, во опсегот на санкциите е предвидена и смртна казна).

Конечно, наспроти претходно споменатите, судствата во демократските држави разрешуваат и други административни спорови. Имено, станува збор за конфликти помеѓу правни и физички лица или останати правни ентитети и државни агенции поврзани со имплементација на законите. Во оваа смисла, важно е да се истакне дека повеќето правни системи го инкорпорираат принципот на т.н. „државен суверенитет", под кој се подразбира состојба во која владите на една држава не можат да бидат тужени од недржавни субјекти без нивна согласност, со што се ограничува правото на тужителите да бараат отштета од страна на одредени државни служби. Секако, споменатото не значи дека граѓаните немаат право на заштита од арбитрерно, несоодветно и злонамерно аплицирање на законите од страна на државата.

Имајќи го предвид споменатото, важно е да се истакне дека постои значителна разлика помеѓу правните системи на одделни држави. Имено, во одредени држави, различни судови постапуваат по различните граѓански, кривични, односно административни случаи, додека во други држави не постои ваква диверзификација.

Од аспект на судската власт, особено важно е да се истакне дека поголем дел од предметите во граѓанските спорови, најчесто оние поврзани со разводите, старателствата или, пак, интерпретацијата на договорите не стигнуваат до судовите, односно се решаваат на вонсудски начини.

Основната функција на судовите е авторитативно судење по спорни случаи кои резултираат од апликација на законите во специфични ситуации. Сепак, исто така, судовите неизбежно се јавуваат и во улога на прикриен законодавец, бидејќи судиите мора да уживаат одредена доза на дискреција при одлучувањето. Откако е донесена судска одлука, таа може или не мора да биде спроведена. Во многу случаи, странките ја прифаќаат одлуката на судот и ја почитуваат истата, приспособувајќи го своето однесување на неа. Во други случаи, пак, судот мора да донесе наредба наменета кон некоја од странките, да се престане со одредена активност.

Врз основа на истакнатото, се навраќаме на често повторуваната теза дека судството претставува „најнеопасната" власт во структурата на една држава, бидејќи не ја поседува ниту „ташната" (парите/буџетот), ниту, пак, „мечот" (апаратот на физичката принуда), но, секако, состојбата во реалноста во демократските држави е сосема поинаква, секако, имајќи ги предвид сите предизвици со кои тие се соочуваат во насока на доследно имплементирање на концептот на владеење на правото.

## 3. ТИПОВИ НА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ

Воспоставените системи на организацијата на животот на луѓето во една заедница може да се толкуваат како практична валоризација на Хобсовата теза за плашливата природа на луѓето и за нивното постојано трагање по сигурност, кое резултира со откажување на дел од нивните права во корист на врховниот суверен, кој поради тој чин се обврзува да им гарантира мирен живот.

Државата во денешната смисла на зборот настанува по завршувањето на триесетгодишната граѓанска војна во Европа и потпишувањето на Вестфалскиот мировен договор во 1648 година, со кој истата беше завршена. Од тој датум, практично отпочна создавањето и понатамошниот развој на државата, како заокружена целина, која ги поседува следните карактеристики:

» **Прво, постојана популација;**
» **Второ, дефинирана територија;**
» **Трето, суверена власт; како и**
» **Четврто, способност да влегува во релации со други држави.**

Во така уредениот систем на односи, беа воспоставувани правила со кои се регулираа односите помеѓу граѓаните, односно беа утврдувани нивните права и обврски кон државата.

Во зависност од историската традиција, реалностите на животот, политичките случувања и генералните тенденции во таа област, беа воспоставувани различни облици на организација на државната власт.

Во основа може да се истакне дека постојат толку облици на организација на државната власт колку што постојат држави во светот. Меѓутоа, наспроти уникатноста, која можеме да ја пронајдеме во секоја држава, теоријата направила одредено воопштување, издвојувајќи четири основни системи на организација на државната власт, односно:

- **Прво, парламентарен систем;**
- **Второ, претседателски систем;**
- **Трето, мешовит систем; и**
- **Четврто, собраниски систем.**

Во продолжение, имајќи го предвид споменатото, следува осврт на секој од четирите клучни системи на организација на државната власт.

## 3.1. Парламентарен систем

При определувањето на суштината на парламентарниот систем на владеење, како што тоа е случај и со други термини во општествените науки, наидуваме на различни теоретски пристапи. Имено, во теоријата се забележуваат несогласувања помеѓу авторите, главно во однос на два елемента:

- **Прво**, во однос на самиот назив на овој облик на организација на државната власт; и
- **Второ**, во однос на определувањето на неговата изворна смисла.

Во однос на називот, **паралелно со употребата на терминот парламентарен систем на владеење се користат и други називи, најчесто називите: репрезентативен систем,[24] кабинетски систем[25] или вестминстерски систем**. Во однос на изворната смисла, пак, исто така, постојат несогласувања помеѓу авторите. Според една група теоретичари, парламентарниот систем претставува облик на државно уредување кој почива врз начелото на дуалитетот на власта (легислатива и егзекутива), а кој се карактеризира со три темелни начела: а) еднаквост помеѓу егзекутивата и легислативата, б) соработка помеѓу двете власти, в) постоење на заемни можности за дејствување на едната власт врз другата.[26] Ален Липхард, пак, смета дека парламентари-

24 John Stuart Mill, Considerations on Representative Government, London: Dent, 1984.

25 Walter Bagehot, The English Constitution, Blackmask Online, 2002 година (www.blackmask.com), 27 март 2007 година.

26 Zbornik Pravnog fakulteta – Zagreb, бр. 4, 1977, стр. 423.

змот претставува форма на уставна демократија во која моќта на егзекутивата потекнува и е подредена на авторитетот на легислативата.[27] Во таа смисла, Џовани Сартори, одејќи чекор понапред го дефинира парламентаризмот како облик на владеење во кој владата е избрана, поддржувана и разрешувана од страна на парламентот.[28]

**Како синтеза од изложените дефиниции, парламентарниот систем можеме да го определиме како облик на државно уредување во кое постои дуализам и соработка на законодавната и извршната власт и во кое под прекривката на титуларниот шеф на држава реалната власт е сместена во кабинетот, кој вообичаено или најчесто е составен од членови на претставничкото тело, а кои, пак, индивидуално и колективно се одговорни, всушност, на тоа тело.**[29]

Наспроти општоста на дефинициите, се чини дека овој облик на организација на државната власт може во поцелосна смисла да се долови доколку се набројат неговите основни карактеристики. Во таа смисла, во една држава велиме дека е имплементиран овој облик на државно уредување доколку:

- **Прво**, извршната власт е поделена помеѓу шефот на државата и претседателот на владата, односно таа е двоглава (бицефална);
- **Второ**, шефот на државата го именува премиерот;
- **Трето**, премиерот ги именува министрите во владата;
- **Четврто**, владата, односно кабинетот е колективно одлучувачко тело;

---

27 Arend Lijphart, Democracies: Patterns of Majoritarian and Consensus Government in Twenty-One Countries. New Haven: Yale University Press, 1984.

28 Giovanni Sartori, Comparative Constitutional Engineering, Houndmills: Macmillan, 1997.

29 Enciklopedija Političke Kulture, op. cit., стр. 794.

- » **Петто**, вообичаено, членовите на владата се членови на парламентот;[30]
- » **Шесто**, владата е политички одговорна пред парламентарното мнозинство;
- » **Седмо**, премиерот има право да побара распуштање на парламентот, како и
- » **Осмо**, парламентот поседува средства за контрола врз работата на владата.

Денес, парламентаризмот е најраспространет облик на организација на државната власт. **Синоним за држава во кој е имплементиран овој систем е Обединетото Кралство. Меѓутоа, него го среќаваме и во најголемите држави во светот (Индија), како и во економски најразвиените и најмоќни држави (Јапонија), но и во Канада и Нов Зеланд. Во Европа, пак, која се смета за срце на парламентаризмот, со исклучок на неколку држави, овој систем, исто така, наоѓа свој практичен израз.**[31]

Историски анализирано, основата на парламентаризмот за прв пат е воспоставена за време на Римската Република. Спротивно на претседателскиот систем, парламентаризмот е продукт на повеќевековна еволуција на политичкото уредување во Обединетото Кралство, започната во 1688 година, кога парламентот избори победа во конфликтот со кралот Џејмс II.[32] Во текот на 19 век овој систем се шири низ Европа. Така, Белгија и Луксембург истиот го имплементираат

---

30 Во Обединетото Кралство не постои акт според кој министрите треба да бидат и членови на Парламентот. Меѓутоа, практиката говори дека, всушност, членовите на Владата историски секогаш биле членови на еден од двата дома на Парламентот. Исто така, во поширока смисла во Европа не сите парламентарни демократии имаат предвидено дека министрите треба да бидат членови на Парламентот. Имено, во Шведска една третина од членовите на Владата вообичаено не се членови на Парламентот, додека во Холандија, Норвешка и Луксембург е забрането членовите на Владата да бидат членови на законодавниот дом (Види Douglas V Verny, Analyses of Political Systems, Routledge and Kegan Paul, 1959).

31 Strøm Kaare et.all, Delegation and Accountability in Parliamentary Democracies, Oxford University Press, 2005, стр. 4.

32 Strøm Kaare et.all, op. cit., стр. 6.

во 1830 година, Холандија во 1848, Италија во 1867, Шпанија во 1869, Норвешка во 1884, Данска во 1901, додека Австрија, Финска, Германија, Исланд и Ирска овој систем на организација на власта го имплементираат по Првата светска војна.[33]

### 3.2. Претседателски систем

**Претседателскиот систем на организација на власта претставува облик на државно уредување кој почива врз начелото на строга поделба на власта на законодавна, извршна и судска**. Оваа квалификација подразбира дека секоја од трите власти е независна и рамноправна со останатите во вршењето на сопствените функции. **На ова се надодава и принципот на „кочници и рамнотежа" (checks and balances), под кој се подразбира дека секоја од споменатите институции има капацитет во одредена смисла да ја контролира, односно да влијае врз работата на останатите власти**. Со тоа, практично се оневозможува евентуалната злоупотреба на деловите од власта. Меѓутоа, со оглед на општоприфатената констатација дека основните типови политички системи претставуваат теоретски објаснувања кои во реалноста претрпуваат одредени модификации, така претседателскиот систем, во делот на строгата поделба на власта, нема најдено во потполна мера практичен израз во реалноста. Во таа смисла се вели дека при дефинирањето на овој систем на организација на власта е поадекватно да се каже дека негово основно својство е претежното (а не апсолутното, н.з.) преовладување на системот на поделба на власта.[34]

Наспроти општоста на дефинициите, се чини дека овој облик на организацијата на власта може во поцелосна смисла да се долови доколку се наброjат неговите основни карактеристики. Во таа смисла, во една држава велиме дека е имплементиран овој облик на општествено уредување доколку:

33 Ibid. стр. 8.
34 Enciklopedija Političke Kulture, op. cit., стр. 932.

- **Прво**, постои строга поделба на власта на законодавна, извршна и судска;
- **Второ**, извршната власт е концентрирана во рацете на шефот на државата;
- **Трето**, членовите на владата се подредени на претседателот, односно тој е над нив, а не прв помеѓу еднаквите;
- **Четврто**, шефот на државата се избира од страна на граѓаните и тој има посебни и оригинерни извори на моќ;
- **Петто**, шефот на државата и министрите во владата не можат да бидат членови на законодавната власт; како и
- **Шесто**, односите помеѓу органите на власта почиваат врз принципот на „кочници и рамнотежа" (checks and balances).

Во сублимирана форма пренесено, **претседателскиот систем е имплементиран во оние држави каде што имаме политички неодговорен шеф на држава, од една страна, и политички неодговорни министри, од друга страна**.[35]

Претседателскиот систем уште се нарекува и конгресен систем. Се смета дека овој облик на организација на државната власт теоретски е вообличен кон крајот на 19 век во делото Конгресно владеење на Вудро Вилсон, кој подоцна ќе стане и претседател на Соединетите Американски Држави.[36] Овој систем е резултат на комбинацијата на историското и културното наследство на Римската Империја. Истиот денес се поистоветува со политичкиот систем на Соединетите Американски Држави. Освен во САД, овој облик на политички систем се среќава и во Индонезија, Филипините, Јужна Кореја, Мексико и во најголем дел од државите во Јужна Америка. Меѓутоа, останатите облици на претседателски систем го имаат задржано само основното обележје, односно превласта на шефот на др-

35 Саво Климовски, op. cit., стр. 734.
36 Филип Лово, Велике савремене демократије, издавачка књижарница Зорана Станковића, 1999, стр. 119.

жавата во извршната власт, со што во голема мера се разликуваат од обликот на организација на државната власт во Соединетите Американски Држави.[37]

### 3.3. Мешовит систем

За разлика од претседателскиот систем на организација на власта, кога станува збор за мешовитиот систем во теоријата се забележуваат несогласувања помеѓу авторите, главно во однос на два елемента:

- **Прво**, во однос на самиот назив; и
- **Второ**, во однос на определувањето на неговата изворна смисла.

Во однос на називот, во теоријата паралелно со употребата на називот „мешовит систем", одредена група автори овој облик на државно уредување го именува и со терминот „полупретседателски систем" (Semi-presidential system).[38] Во однос на изворната смисла, пак, исто така, постојат несогласувања помеѓу авторите. Имено, според една група теоретичари, мешовитиот систем на владеење е имплементиран во оние држави каде извршната власт е поделена помеѓу шефот на државата и премиерот, но каде што шефот на државата има позначајни овластувања од владата.[39] Во согласност со оваа дефиниција, **во една држава можеме да констатираме дека е имплементиран мешовитиот систем на владеење доколку погледнеме со кои овластувања располагаат шефот на државата и премиерот, односно дали шефот на државата има позначајни овластувања од премиерот. Тука елементот на начинот на избор на шефот на државата не игра одлучувачка улога во определувањето на суштината на овој систем на владеење**.

37 Филип Лово, op. cit., стр. 120.

38 Така, Robert Elgie, Semi-Presidentialism: Concepts, Consequences and Contesting Explanations, Political Studies Review vol.2, Oxford, Blackwell Publishing, 2004, стр. 314-330.

39 Patrick O'niel, Presidential Power in Post-Communist Europe: The Hungarian Case in Comparative Perspective, Journal of Communist Studies, 1993, стр. 197.

Во теоријата може да се пронајдат и размислувања на друга група теоретичари, кои го дефинираат мешовитиот систем на организација на државната власт преку комбинација на три елементи. Имено, се вели дека еден политички систем може да биде дефиниран како полупретседателски, доколку со уставот со кој се воспоставува тој се комбинирани три елементи:

» **Прво**, претседателот на републиката е избран непосредно од страна на граѓаните;
» **Второ**, претседателот на државата има значајни овластувања; како и
» **Трето**, наспроти шефот на државата се наоѓаат премиерот и министрите, кои можат да останат на тие позиции сè додека ги поддржува парламентот.[40]

Разликата на оваа дефиниција од претходната се однесува на елементот со кој се констатира дека шефот на државата треба да биде избран непосредно од страна на граѓаните и елементот според кој владата е политички одговорна пред парламентот, што значи дека шефот на државата и владата не мора да потекнуваат од иста политичка провениенција. Овој елемент се смета дека е еден од најискористуваните при дефинирањето на мешовитиот систем на државно уредување. Имено, се мисли на извесноста од кохабитација помеѓу шефот на државата и владата.

Конечно, постојат и други обиди за дефинирање на мешовитиот систем на владеење. Во таа смисла, овој систем се дефинира и како состојба каде непосредно избраниот шеф на држава со фиксен мандат егзистира наспроти премиерот и неговиот кабинет, кои се одговорни пред парламентот.[41] Оваа дефиниција претставува еден вид комбинација на претходно изложените дефиниции. Имено, како услов за категоризирање на една држава во групата држави со

---

40 Maurice Douverger, A New Political System Model: Semi-Presidential Government, European Journal of Political Research Vol. 8, 1980, стр. 166.

41 Robert Elgie, Semi-Presidentialism in Europe, Oxford, Oxford University Press, 1999, стр. 14.

мешовит систем на владеење се зема елементот на поделените надлежности помеѓу претседателот на државата и премиерот, од една страна, и одговорноста на владата (значи политичката неодговорност на претседателот на државата), пред законодавната власт, од друга страна.

Наспроти општоста на дефинициите, се чини дека овој облик на организација на државната власт може во поцелосна смисла да се долови доколку се набројат неговите основни карактеристики. Во таа смисла, во една држава велиме дека е имплементиран овој облик на државно уредување доколку:

- **Прво**, извршната власт е поделена помеѓу шефот на државата и претседателот на владата, односно таа е двоглава (бицефална);
- **Второ**, шефот на државата се избира непосредно од страна на граѓаните за одреден фиксен период;
- **Трето**, шефот на државата е политички неодговорен; како и
- **Четврто**, премиерот и министрите се одговорни пред парламентот.

Терминот „полупретседателски систем" за прв пат бил употребен од страна на новинарот и основач на весникот Le Monde, Хуберт Боув Мери, во 1959 година, додека во академски контекст Маурис Дивергер е теоретичарот кој за прв пат научно ја елаборира суштината на овој облик на организација на државната власт.[42] Во Франција, до крајот на седумдесеттите години, овој термин доживува широка употреба. Се смета дека овој систем за прв пат е имплементиран во Финска, со Уставот од 1919 година.[43] Денес, мешовитиот систем е исклучително популарна форма на уставно уредување. Најеклатантен пример за држава во која е имплементиран истиот е Франција, според сегашниот Устав, усвоен во 1958 година. Меѓутоа, него го среќаваме и во Исланд, Ирска, Португалија,

42 Robert Elgie, op. cit., стр. 1.
43 Саво Климовски, op. cit., стр. 748.

во дел од државите во Централна и Источна Европа, вклучувајќи ги Бугарија, Литванија, Полска, Романија, Русија и Украина. Во Азија, во држави како што се Монголија, Јужна Кореја и Шри Ланка и на други места, како, на пример, во Гвајана, Хаити, Ангола и во Намибија.[44]

### 3.4. Собраниски систем

За разлика од претходните системи на организација на власта, каде несогласувањата на теоретичарите се однесуваа во најголема мера на нивните фундаментални карактеристики и назив, кога станува збор за собранискиот систем, освен споменатите дилеми, расправите се сведуваат, пред сѐ, на темата дали овој систем некогаш воопшто постоел во стварноста.[45] Во таа смисла, додека за едни овој систем претставува теоретско објаснување кое нема најдено свој практичен израз во реалноста, за друга група теоретичари тоа воопшто не е така.

Во однос на прашањето на дефинирањето на овој облик на организација на државната власт, **најчесто се вели дека тој претставува систем во кој законодавната власт, делумно и посредно, ја извршува извршната власт, на тој начин остварувајќи го единството на двете власти во рацете на законодавните органи.**[46] Значи, за разлика од претходните типови политички системи, кои почиваа врз начелото на поделба на власта, собранискиот систем почива врз начелото на демократско единство на власта. Имено, власта е концентрирана во рацете на претставничкото тело, што претставува еден од најважните елементи на диференцијација од останатите политички системи, опишани погоре во текстот. Ова произлегува од фактот што не постои посебна извршна власт која во основа би била еднаква на пар-

44 Така Robert Elgie, op. cit., стр. V.
45 Така Рената Тренеска, op. cit. стр. 247.
46 Pravni Leksikon (drugo izmenjeno i dopunjeno izdanje), op. cit., стр. 474.

ламентот, како што тоа е случај со претседателот во претседателскиот систем или со владата во парламентаризмот. Во однос на називот, пак, **паралелно со употребата на терминот собраниски систем,[47] се користат и термините конвентски систем,[48] директоријален систем,[49] систем на зависна егзекутива[50] или во поново време систем на заемна согласност.**[51]

Во собранискиот систем, како што споменавме, извршната власт е во рацете на парламентот. Анализата на практичното искуство понатаму вели дека извршната власт избрана од страна на парламентот во основа нема никакви самостојни овластувања. Членовите се хиерархиски потчинети на парламентот. Парламентот може да ги прифати или да ги одбие нивните предлози, односно да ги поништи.[52] Во оваа насока, како заклучок може да се констатира дека во собранискиот систем парламентот е орган кој ги врши функциите што ги извршува владата во парламентарниот систем. Имено, се мисли на политичкото раководење со извршните функции на државата.

Наспроти општоста на изведените заклучоци, се чини дека овој облик на организација на државната власт може во поцелосна смисла да се долови доколку се набројат неговите основни карактеристики, кои беа детектирани погоре во текстот. Во таа смисла, во една држава велиме дека е имплементиран овој облик на општествено уредување доколку:

---

47 Ibid. стр. 1045.
48 Ibid.
49 Саво Климовски, op. cit., стр. 754.
50 Ibid.
51 Последниот назив се употребува за да се опише политичкиот систем на Швајцарската Конфедерација, а не во смисла на назив кој се однесува на општите поставки карактеристични за овој систем на организација на државната власт.
52 Во Швајцарија, во случај кога парламентот ги одбива одлуките донесени од федералниот совет, министрите не поднесуваат оставки, бидејќи се смета дека тие се потчинети на парламентот и немаат никаква своја посебна политика, како што е тоа случај со извршната власт во Обединетото Кралство.

» **Прво**, законодавната власт делумно и посредно ги извршува и извршните функции на власта, односно постои демократско единство на власта;
» **Второ**, членовите на извршната власт се хиерархиски потчинети на парламентот;
» **Трето**, извршната власт е избрана од страна на парламентот;
» **Четврто**, извршната власт во основа нема никакви самостојни овластувања; како и
» **Петто**, парламентот има право предлозите на владата да ги прифати или да ги одбие, односно да ги поништи.

Историски, собранискиот систем за прв пат настанува во периодот на Француската револуција (1789-1799), со воспоставувањето на францускиот конвент, во 1793 година. Овој систем го среќававме и во социјалистичките држави, меѓутоа денес синоним за држава во која е имплементиран овој облик на организација на државната власт е Швајцарската Конфедерација.

# ГЛАВА 2

# АСПЕКТИ НА ПОЛИТИКАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА



## ВОВЕД

Конкретните теоретски објаснувања во првата глава од овој дел ја засилуваат својата практична смисла доколку се стават во одреден реален контекст каков што е тој на Република Македонија. Оттаму, имајќи ја предвид целта на овој труд, во продолжение следува осврт на две клучни теми.

Во првиот дел од оваа глава е разработен системот на организација на државната власт на РМ од аспект на претходно анализираните теоретски модели во првата глава од овој труд.

Во вториот дел, пак, врз основа на изнесеното, следува разработка на уставно-правните аспекти поврзани со занимавањето со политика во РМ. Во оваа смисла се анализираат клучните уставни одредби и референтните законски текстови со кои се дефинираат границите на нашиот модел на претставничка демократија, во кој централната улога ја имаат политичките партии кои како интермедијарен елемент помеѓу граѓаните, од една страна, и институциите на државата, од друга страна, на избори, во фер и демократска атмосфера, настојуваат да ја остварат довербата за да можат потоа самостојно или во коалиција да реализираат одредена политичка програма.

## 1. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРЖАВНАТА ВЛАСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во член 8 од Уставот на Република Македонија како една од темелните вредности на уставниот поредок е стипулирана и поделбата на власта на законодавна, извршна и судска.[53] Според тоа, носител на законодавната власт е Собранието на Република Македонија, на извршната власт е Владата и претседателот на Републиката, а на судската власт носители се судовите. Во таа смисла, начелото на поделба на власта, од една страна, и карактерот на односите

---

[53] Службен весник на Република Македонија 52/91.

помеѓу органите на извршната власт, како и нивните релации со законодавната власт, од друга страна, се категориите од чиј однос можеме да го определиме карактерот на организација на државната власт во Република Македонија.

Фактот дека македонскиот политички систем почива врз начелото на поделба на власта уште на самиот почеток од сферата на нашиот интерес го исклучува собранискиот систем, кој, како што видовме, почива врз начелото на единство на власта. Имајќи го предвид и фактот дека извршната власт во Република Македонија е сосредоточена во рацете на Владата и на претседателот на Републиката, односно таа е двоглава (бицефална), од нашиот теоретски видокруг го исклучуваме и претседателскиот систем, каде извршната власт е сосредоточена во рацете на шефот на државата, односно таа е едноглава (моноцефална). Значи, со методот на елиминација, а низ призма на фактите искажани во првата глава од првиот дел на овој труд, кои се однесуваа на различните облици на организација на државната власт, при определувањето на карактерот на организацијата на власта во Република Македонија, упатени сме на споредба на нашиот систем со дефинираните карактеристики, дел од парламентарниот и од мешаниот систем. Во таа насока, а низ призма на споредба на овластувањата на македонскиот претседател со шефот на државата во двата система, се соочуваме со констатацијата дека обликот на организација на власта на Република Македонија во потполност не се вклопува со дефинираните карактеристики на парламентарниот и на мешаниот систем. Имено, за разлика од парламентарниот систем, каде шефот на државата е избран од страна на претставничкото тело и тој има сосема симболични овластувања, во Република Македонија претседателот на државата е избран од страна на граѓаните на избори, а неговите овластувања ги надминуваат рамките на симболичното претставување на државата во земјата и странство и во најопшта смисла сфатено, раководењето со државата. Од друга страна, пак, во мешовитиот систем на организација на власта шефот на

државата, избран од граѓаните на избори, поседува, како што видовме, значително поголеми оригинерни моќи, за разлика од претседателот на Република Македонија, како што ќе видиме во продолжение. Имено, за разлика од шефот на државата во мешовитите системи, ефективниот дел од овластувањата на претседателот на Република Македонија се сосредоточени во делот на одбраната и надворешните работи, каде тој е упатен на соработка со Владата и со Собранието.

Како заклучок од ова објаснување се наметнува констатацијата дека организацијата на државната власт во Република Македонија е позиционирана помеѓу виртуелниот свет на парламентарниот и на мешовитиот систем. Тоа, пак, е најверојатната причина зошто претставниците на научната и стручна јавност политичкиот систем на Република Македонија го класифицираат во групата на парламентарниот[54] или во групата на мешаниот систем,[55] секако, сфатено во најширока смисла на зборот.




## 2. ПАРТИСКИОТ СИСТЕМ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

### 2.1. Контекстуализација

Партискиот систем во Македонија се обликувал под влијание на општите историски прилики поврза-

54 Така Лазар Китановски, Поделба на власта законодавна и политичкоизвршна, Анископ, Скопје, 1996.

55 Така Рената Тренеска, op. cit.

ни со остварувањето на стремежите на граѓаните за создавање независна држава, како и под влијание на вкупните историски процеси поврзани со етаблирањето на претставничката демократија во современа смисла на зборот.

Од државно-правен аспект, историјата на партиското организирање во Македонија може да се подели на три периоди:

» **Прв период**, кој трае до 1944 година, кога Македонија ја нема заокружено својата државност;
» **Втор период**, кој трае од 1944 до 1991 година, кога Македонија го започнува процесот на заокружување на својата државност како социјалистичка република во состав на Федеративна Југославија;
» **Трет период**, кој трае од 1991 година до денес, кога Македонија е независна, самостојна и демократска држава.

Во политичко-национална смисла, меѓникот помеѓу првиот и вториот период е одржувањето на **Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (АСНОМ), на 2 август 1944 година, во манастирот „Св. Отец Прохор Пчињски“,** на кое се носи одлуката за создавање на Социјалистичка Македонија која влегува во федерација со останатите народи на Југославија. Меѓникот помеѓу вториот и третиот период, пак, е **референдумот од 8 септември 1991 година, со кој во потполност се заокружува националниот стремеж за организирање на Република Македонија како независна држава**.

Соодветно на споменатото, од аспект на карактерот на политичкиот систем, првиот период на партиското организирање на Македонија кореспондира со вкупните процеси во светот поврзани со етаблирањето на претставничката демократија во современа смисла на зборот, преку низа правни и политички чекори какви што се осигурувањето на еднаквото и општото пра-

во на глас на сите граѓани независно од нивната социјална, полова, национална или друга положба и особеност. Вториот период на партиското организирање, пак, поминува во знакот на социјалистичкиот систем на државно уредување, кој наспроти политичкиот плурализам, го имплементира концептот на политички монизам, во согласност со кој монополот на политичкото организирање го држи една (а не повеќе) политичка партија. Конечно, денес, во третиот период, Република Македонија имплементира вистинска мултипартиска претставничка демократија каква што функционира во западните европски држави.

## 2.2. Уставна рамка

Рамката на партискиот систем на РМ е утврдена со Уставот на државата. Така, „**политичкиот плурализам и слободните и непосредни избори**" **се утврдуваат како темелна вредност на нашиот уставен поредок**. За разлика од претходниот социјалистички период кога постоеше политички монизам, со Уставот независна РМ раскрстувајќи со таквото минато, започнува да нуди највисоки уставни гаранции за целосно остварување на парламентарната демократија, односно политичкиот плурализам.

Уставот на РМ **спаѓа во групата на оние устави во светот кои го определуваат политичкиот плурализам како изречна уставна категорија**, односно тоа не е направено посредно преку дефинирање на слободата на политичкото здружување на граѓаните.

Ваквото уставно решение е резултат на две околности:

- **Прво**, тоа претставува дотогаш непозната категорија која за прв пат се воведе во новиот Устав на независна РМ, како и
- **Второ**, воведувањето на политичкиот плурализам беше темелна претпоставка што мораше да се направи за да може да се трансформира претходниот социјалистички систем на

уредување во нов парламентарно-демократски систем.

Вака определенета темелна вредност на уставниот поредок понатаму во уставот соодветно се надградува. Така, уставотворецот во групата на граѓанските и политички слободи и права нуди две гаранции поврзани со споменатото:

- **Прво**, дека **граѓаните се еднакви** во остварувањето на слободите и на правата независно, меѓу другото, и од нивното политичко уверување (член 9), како и
- **Второ**, дека **граѓаните имаат слобода** да имаат свое, меѓу другото, и политичко уверување (член 16).

Споменатото значи дека **граѓаните имаат апсолутно право да имаат свои ставови во однос на одредени политички прашања и имаат право истите да ги афирмираат самостојно или во заедница со други граѓани, а државата, од своја страна, нуди гаранции за остварувањето на таквото право и утврдува дека не смее да постои нееднаквост во остварувањето на слободите и правата на граѓаните поради различна, да речеме, политичка припадност**.

Ваквата состојба понатаму дополнително се надградува во член 20 од Уставот, кој се однесува на правото на здружување на граѓаните. Имено, во согласност со претходните одредби, уставотворецот го гарантира правото на здружување на граѓаните заради остварување на нивните политички права и уверувања.

Ваквото здружување може да се остварува во две форми:

- **Прво**, како **здружение на граѓани** или
- **Второ**, како **политичка партија**.

Кон споменатите субјекти, граѓаните, во согласност со уставот, **имаат право слободно да пристапуваат, односно да истапуваат**.

За политичките партии (како и здруженијата на граѓани), како форма на артикулација на политичките уверувања на граѓаните, уставотворецот предвидува три забрани:

» **Прво**, тие не смеат да бидат насочени кон **насилно уривање на уставниот поредок**;
» **Второ**, тие не смеат да бидат насочени кон **поттикнување или кон повикување на воена агресија или разгорување на национална, расна или верска омраза и нетрпеливост**; како и
» **Трето**, се **забранува формирање на воени или полувоени здруженија** кои не се дел од вооружените сили на РМ.

Врз основа на споменатото, можеме да заклучиме дека **уставот дозволува формирање политичка партија која се залага за ненасилна промена на уставниот поредок на државата**. Ова во теоријата се нарекува „**злоупотреба на отвореноста на демократијата**". Имено, низ историјата постојат политички партии кои доаѓаат на власт користејќи ги можностите на еден демократски утврден уставен поредок каков што е тој на РМ, меѓутоа по добивањето на довербата од граѓаните преземаат чекори за промена на основите на таквиот поредок во согласност со чии правила тие се довеле во состојба да раководат со институциите.

На вака определената основа, во согласност со член 22 од Уставот, **граѓаните имаат право да ги избираат своите политички претставници (пасивно избирачко право) на уставно утврдените нивоа на власта, како и самите тие да бидат избирани (активно избирачко право)**. Условот за да се стекне таквото пасивно и активно избирачко право е граѓаните да имаат наполнето 18 години и да се деловно способни.

Во секоја демократија политичките партии имаат за цел преку утврдените механизми на државата да го реализираат својот концепт за државата раководејќи ги институциите.

Во оваа смисла, во согласност со Уставот на РМ, граѓаните самостојно или здружени во политички партии, имаат право да се кандидираат, односно да истакнуваат на избори кандидат(и) за:

» **Прво**, пратеници во Собранието на РМ;
» **Второ**, претседател на РМ;
» **Трето**, членови на советите и градоначалници на единиците на локалната самоуправа (општините и градот Скопје).

**Вака определените уставни рамки дополнително законски се разработуваат, со што се добива потполната слика на македонскиот партиски систем.**

**Клучниот закон кој се однесува на функционирањето на политичките партии е Законот за политичките партии**. Освен овој акт, партискиот систем на РМ дополнително се обликува и со **Законот за финансирање на политичките партии**, како и со **Изборниот законик**.

### 2.3. Законска рамка

Во РМ, иако рамката на политичкиот плурализам беше воспоставена со Уставот на РМ од 1991 година, сепак, сè до 1994 година на сила е стариот закон за општествените организации и здруженијата на граѓани од 1983 година, кој беше изменет и дополнет во 1990 година за да се дозволи формирање на повеќе политички партии наспроти дотогаш единствениот СКМ.

Во периодот од воведувањето на политичкиот плурализам во 1990 година сè до донесувањето на првиот Закон за политичките партии во 1994 година, во РМ се регистрираат дури 68 политички партии. Наспроти тоа, во следните пет години, односно во 1995, 1996, 1997, 1998 и 1999 година се регистрирани 15 политички партии. Со други зборови, **во првите пет години од воведувањето на политичкиот плурализам во Македонија се регистрирани пет пати повеќе нови политички субјекти наспроти**

**следните пет години**. Како заклучок од споменатото, може да се каже дека во **првиот бран на политичка плурализација, кога се појавија најголемиот дел од политичките партии во Македонија, тие ја поминаа процедурата во согласност со одредбите на адаптираниот социјалистички правен акт за општествените организации и здруженијата на граѓани**.

Табела: Број на регистрирани политички партии по години[56]

| Р.Б. | ГОДИНА | БРОЈ НА ПАРТИИ |
|---|---|---|
| 1 | 1990 | 23 |
| 2 | 1991 | 13 |
| 3 | 1992 | 17 |
| 4 | 1993 | 9 |
| 5 | 1994 | 6 |
| 6 | 1995 | 4 |
| 7 | 1996 | 4 |
| 8 | 1997 | 4 |
| 9 | 1998 | 2 |
| 10 | 1999 | 1 |

Првиот Закон за политичките партии во независна РМ се носи на 26 јули 1994 година,[57] додека вториот Закон за политичките партии се носи десет години подоцна, односно на 20.10.2004 година.[58] Во периодот од 2004 година до 2015 година, пак, овој последен закон има претрпено четири измени и

56 Цане Мојаноски, Летопис на македонската демократија, Пакунг, Скопје, 2000, стр. 3.

57 Види: Закон за политичките партии, Службен весник на Република Македонија, год. L, бр. 41, Скопје, 5.8.1994, стр.1197-1200.

58 Види: Закон за политичките партии, Службен весник на Република Македонија, год. LX, бр. 76, Скопје, 27.10.2004, стр. 1-5.

дополнувања,[59] со што дополнително се обликува основната смисла на изворното законско решение.

Во продолжение следува осврт на следните поважни прашања кои се дел од посочените закони, односно:

- **Прво**, за дефинирањето на поимот политичка партија;
- **Второ**, за начинот на основањето на политичките партии и за потврдата на регистрацијата;
- **Трето**, за постапката за регистрација на политичките партии;
- **Четврто**, за престанокот на постоењето на политичките партии; како и
- **Петто**, за останати поважни аспекти.

Изборот на посочените прашања се прави за да може да се добие многу појасна претстава на носечките (суштинските) аспекти од оваа сфера гледано од хронолошки, но и од компаративен аспект.

### 2.3.1. Дефинирање на политичка партија

Измените и дополнувањата од 1990 година на Законот за општествените организации и здруженијата на граѓани од 1983 година со кои беа создадени правните претпоставки за воведување на политичкиот плурализам во Македонија **не содржеа дефиниција за тоа што се подразбира под поимот политичка партија**. Во ова законско решение беше користен терминот „**општествени организации и здруженија на граѓани**", во кој влегуваа сите обли-

---

59 Види: Закон за изменување и дополнување на Законот за политичките партии, Службен весник на Република Македонија, год. LXIII, бр. 5, Скопје, 16.1.2007, стр. 8-9.
Види: Исправка на Законот за изменување и дополнување на Законот за политичките партии, Службен весник на Република Македонија, год. LXIII, бр. 8, Скопје, 24.1.2007, стр. 80.
Види: Закон за изменување и дополнување на Законот за политичките партии, Службен весник на Република Македонија, год. LXIV, бр. 5, Скопје, 11.1.2008, стр. 2.
Види: Закон за дополнување на Законот за политичките партии, Службен весник на Република Македонија, год.: LXIX, бр. 23, Скопје, 14.2.2008, стр. 143.

ци на здружување на луѓето, односно и невладините (граѓанските) организации и партиите и други облици на здружување на граѓаните.

Наспроти тоа, **во првиот Закон за политичките партии во независна РМ од 1994 година беше употребувана кратка дефиниција** со која се одвојуваат партиите од другите облици на здружување на граѓаните. Впрочем, тоа се прави и со самиот Закон кој се однесува само на политичките партии, а не на сите облици на здружување како што беше случај претходно. Во оваа смисла, во согласност со овој Закон, **политичките партии се дефинираат како организирани групи на граѓани што се залагаат за учество во власта** (член 2). **Во вториот Закон** за политичките партии од 2004 година, пак, **ваквата дефиниција беше проширена, но суштината останува иста**. Имено, во согласност со член 2 на овој Закон, **политичка партија е доброволна организација на граѓани, формирања за остварување и заштита на политички, економски, социјални, културни и други права и уверувања и заради учество во процесот на донесување на политички одлуки при учество во власта** (член 2).

Во контекст на македонското законско решение, во важечкиот Закон за политичките партии на Србија од 2009 година се употребува слична дефиниција. Имено, се констатира дека „**политичката партија претставува организација на граѓани кои се слободно и доброволно здружени заради остварување на политички цели преку демократско обликување на волјата на граѓаните и заради учество во власта**".

Во првиот Закон за политичките партии на независна Република Хрватска (РХ), пак, не постои дефиниција за тоа што претставува политичка партија. Наспроти тоа, се констатира дека „**политичките партии преку своето слободно дејствување се израз на повеќепартискиот систем како највисока вредност на државата** (член 1), а дека тие, закон-

ски, имаат статус на „**правно лице кое дејствува во согласност со својата програма и својот статут**" (член 2).

Имајќи ги  предвид двете дефиниции на поимот политичка партија во двата закона за политичките партии на РМ, како и изложените компаративните примери, можеме да заклучиме дека **политичките партии, како и останатите форми на здружување на граѓаните, се формираат заради остварување на одреден заеднички интерес на основачите, односно членовите и симпатизерите, но она што политичките партии ги разликува од останатите облици на здружување на луѓето е нивната основна цел да бидат дел од институциите на државата кои ги носат најважните одлуки, односно да  бидат дел од власта**. Начинот, пак, за остварување на таквата цел на политичките партии, исто така, е утврден, **а тоа се слободните и демократски избори на кои граѓаните ги избираат своите претставници номинирани од политичките партии, да ги застапуваат на одреден временски период во институциите, на локално или на државно ниво.**

### 2.3.2. Начин на основање на политичка партија и потврда на регистрацијата

Најголемиот дел од измените и дополнувањата на Законот за политичките партии на РМ се однесуваат на прашањето на начинот на основањето на политичката партија.

Дефинираната рамка со првиот закон од 1994 година до денес останува иста, додека измените и дополнувањата што следуваат се однесуваат главно на прашањето на потврдувањето на постоење веќе регистрирана партија од аспект на минималниот број членови. Во оваа смисла, **во законските решенија од 1994 година и од 2004 година се предвидува дека политичка партија може да основаат најмалку 500 полнолетни граѓани, државјани на**

**РМ, со постојано живеалиште во РМ** и дека, во оваа смисла, политичката партија секоја година доставува доказ до Окружниот суд во Скопје со кој ќе се утврди дека бројот на основачите не е намален. Имајќи го предвид споменатото, бидејќи експлицитно не е наведено кои елементи треба да ги содржи таквиот доказ, може да се констатира дека тоа има форма на општа изјава. **Ваквата одредба на законодавецот не претставуваше особена тешкотија за веќе регистрираните партии поради едноставната процедура предвидена за исполнување на овој услов. Сепак, почнувајќи од 2007 година ваквата состојба започнува да се менува во насока на отежнување на ваквиот услов.**

Таквото отежнување се однесуваше во два дела:

» **Прво**, во однос на квантитативните параметри, како и
» **Второ**, во однос на постапката.

Така, во првите измени и дополнувања на Законот за политичките партии од 2007 година, беше предвидено дека **наместо 500, политичка партија може да основаат најмалку 1000 избирачи, што претставува сериозно отежнување од квантитативен аспект**. Исто така, **веќе основана политичка партија имаше обврска да потврди дека не се намалил минималниот број на 1000 членови, меѓутоа во посложена постапка од претходно**.

Имено, се предвидуваше дека политичките партии секои 4 години, **45 дена пред истекот регистрацијата**, треба да започнат постапка за собирање **најмалку 1000 потписи**, кои се заверуваат на нотар и кои потоа се доставуваат до основниот суд. Доколку таквата постапка односната партија не ја спроведе, основниот суд по службена должност донесува решение за бришење на политичката партија од регистарот (нов член 1 со кој се менува член 11). Во оваа смисла, нелогично, но користејќи форма на „**исправка**" на донесените измени и дополнувања, 7 дена подоцна **дополнително се усложнува постапката за**

**потврдување на основањето на една политичка партија**. Имено, под формата „**исправка на донесен закон**" се предвидува **политичките партии наместо секои 4 години да доставуваат потврда за регистрација, тоа да го прават на секои 2 години и наместо потписите на членовите да се заверуваат на нотар, тоа да се прави пред овластено лице во подрачните единици на Министерството за правда,** односно пред државен орган.

Конечно, со измените од 2008 година состојбата во овој дел во извесна мера се стабилизира, со тоа што партиите имаат обврска **не секои две, туку секои четири години до основниот суд да доставуваат најмалку 1000 поединечно заверени потписи на нотар за да потврдат дека нивниот број на членови е во законски предвидените рамки.**

Споредбено, **за разлика од РМ каде се потребни 1000 потписи на полнолетни граѓани за регистрирање партија, во Словенија која има сличен број на жители, тој број изнесува 200, додека во Хрватска која има дупло повеќе жители од РМ, политичка партија можат да основаат најмалку 100 полнолетни граѓани.** Конечно, во **Србија**, до 2009 година за регистрирање политичка партија беа потребни **100 потписи**, додека од 2009 година услов е да се соберат **10.000 потписи** на полнолетни граѓани, односно 100 пати повеќе. Во оваа смисла, исклучок од ваквото правило се политичките партии кои ги застапуваат интересите на малцинствата, а кои може да се регистрираат со собрани 1000 потписи на полнолетни граѓани на оваа држава.

Слични се искуствата и во однос на прашањето на потврдата на регистрацијата во овој дел од страна на веќе основани партии. Така, во Србија со законот за политичките партии од 2009 година се применува видоизменето решение во однос на македонското решение. Имено, во правниот систем на оваа држава доколку една политичка партија има освоено мандат на изборите за државниот или покраинскиот парламент

нема обврска да ја потврдува својата регистрација. Доколку, пак, во период од 8 години, односната политичка партија нема освоено мандат, во тој случај се применува нашето законско решение, односно таа е должна да ја потврди својата регистрација собирајќи 10000 потписи (толку потписи колку што е потребно за истата да биде првично регистрирана) на полнолетни граѓани.

Врз основа на истакнатото, можеме да заклучиме дека **во сите демократски држави постои одреден долен праг на иницијална (првична) поддршка кој треба да го има секоја политичка партија за да може да стекне правен статус**. Од 2007 година во РМ започнаа процеси на отежнување на условите за регистрација на нови партии, како и отежнување на условите за потврда на регистрацијата на постоечките политички партии. Тоа, како ефект, **доведе до намалување на бројот на политичките партии во државата, што од своја страна има свои позитивни и негативни ефекти врз партискиот систем**. **Имајќи ги предвид, пак, компаративните примери, може да се заклучи дека не постои одредено воедначено решение од аспект на минималниот број на потписи на граѓани што секоја политичка иницијатива треба да ги собере за да се регистрира како партија, како и во однос на прашањето на потврдувањето на регистрацијата на веќе основаната политичка партија**.

### 2.3.3. Постапка за регистрација на политичка партија

Во однос на прашањето на регистрација на политичките партии, **постапката предвидена со првиот Закон за политичките партии од 1994 година, во основа останува иста до денес**. Освен тоа, и компаративните примери од други демократски држави слични на РМ (Словенија, Хрватска или Србија) во своите законски решенија за политичките партии имаат прифатено слична постапка.

Во РМ, една политичка партија се основа на **собрание на основачите**. На ова собрание **треба да се донесат три одлуки**, односно:

- **Прво**, одлука за **основање** на политичката партија;
- **Второ**, се усвојува **програмата** на политичката партија, како и
- **Трето**, се усвојува **статутот** на политичката партија.

Потоа **се избираат органите на партијата, со што завршува овој прв дел од постапката**. По завршувањето на овој прв дел од постапката, започнува вториот дел, кој се однесува на запишувањето во судскиот регистар кој се води во основниот суд.

**Ваквата постапка, политичката партија е должна да ја започне во рок од 30 дена од одржувањето на основачкото собрание со доставување барање до основниот суд кое содржи три документи**:

- **Прво**, **записник** од основачкото собрание;
- **Второ**, копија од усвоената **програма и од статут** усвоени на основачкото собрание, како и
- **Трето**, **одлука за основање** на односната политичка партија.

Понатаму, во согласност со одредбите од законот, судот е должен да одговори на ова барање **во рок од 15 дена**, при што доколку барањето за запишување во судскиот регистар е нецелосно, во тој случај судот ќе го повика подносителот да ги исправи недостатоците **во рок од 30 дена**.

Доколку подносителот не постапи во предвидениот рок, судот ќе донесе решение дека се одбива барањето за запишување во регистарот. Против решението е предвидено право на **жалба во рок од 15 дена до Апелацискиот суд**. На крајот, во согласност со одредбите од законот, **една политичка партија започнува со постоење од моментот кога ќе биде впишана во регистарот на политичките партии**.

И во останатите демократски држави постојат слични одредби во однос на постапката за регистрација на секоја политичка партија. **Единствено симболичните разлики се однесуваат во однос на институциите кои се надлежни да постапуваат по барањата на граѓаните за основање политички партии. Така, на пример, за разлика од РМ каде до 1994 година надлежна институција за регистрација на политичките партии беше Министерството за внатрешни работи, додека од 1994 година до денес политичките партии се регистрираат во судовите, во Србија и во Хрватска надлежната институција е државниот орган надлежен за работите на управата**.

### 2.3.4. Престанок на постоење на политичка партија

Во однос на прашањето за престанокот на постоењето на една политичка партија, досегашните законски решенија остануваат во основа непроменети. Така, во РМ една политичка партија престанува со работа доколку:

- » **Прво**, ѝ е забрането дејствувањето од страна на надлежен суд;
- » **Второ**, доколку Уставниот суд донел одлука според која програмата, статутот или друг документ на таа политичка партија не е во согласност со Уставот на РМ;
- » **Трето**, доколку партиски орган донесе одлука за престанок на постоењето на односната политичка партија;
- » **Четврто**, кога ќе се намали бројот на членовите на односната политичка партија под законски определениот број; како и
- » **Петто**, доколку односната политичка партија донесе одлука за здружување со друга партија.

Во контекст на споменатото, слични се и компаративните примери. Во секој случај, во законот за политичките партии на Хрватска, освен споменатите услови, како основ за носење решение за престанок со

работа на една политичка партија има една карактеристична околност. Имено, во оваа држава една политичка партија и формално ќе престане со работа „**доколку највисокото партиско тело не се состане во рок два пати подолг од обврската дефинирана со статутот**". Ова би значело дека доколку, да речеме, конгресот како највисок орган на една партија има обврска да биде свикан, односно да се состане еднаш на 4 години, а тој не се свика, односно не се состане во рок од 8 години, во тој случај министерството за државна управа ќе донесе решение за забрана на дејствувањето на односната политичка партија.

### 2.3.5. Други прашања поврзани со функционирањето на политичките партии

Освен споменатите носечки прашања, со законот за политичките партии се регулираат и други важни теми со кои се добива поцелосна претстава за карактерот на македонскиот партиски систем.

Така, во согласност со нашите законски одредби, **политичките партии во РМ се должни да се грижат за остварување на принципот на еднаквост на половите во достапноста на функциите во политичката партија**. Оваа одредба се воведува во Законот за политичките партии од 2004 година и истата треба да се гледа како дел од вкупните тенденции за создавање правни и други претпоставки за рамноправно учество и на мажите и на жените во политиката и во институциите. Во конкретна смисла, одредбата предвидува една „**мека обврска**" за политичките партии да настојуваат колку е можно повеќе да дојде до израз половата еднаквост во партиските тела и органи. На тој начин, потоа, таквата поизразена рамноправност помеѓу двата пола во органите на партиите треба да најде свој практичен израз и во институциите на државната власт.

Исто така, постои законска забрана за дискриминација на граѓаните врз основа на нивното членување

или нечленување во политичка партија. Постоењето на оваа одредба треба да се гледа од аспект на вкупната атмосфера која е создадена во РМ, а која се однесува на мотивите за членување на граѓаните во политичките партии. Имено, за разлика од основните мотиви поврзани со блискоста на идеологијата и програмските залагања на одредена партија, во РМ постојат тенденции на зачленување на граѓаните во партиите за да остварат одредени лични цели поврзани со напредок во кариера, вработување или слично.

Ваквата цел, пак, ако постои, скоро секогаш е на штета на оние граѓани кои не членуваат во партии. Оттаму, оваа одредба има за цел симболички да укаже на овој проблем и да ја потврди уставната норма според која граѓаните се слободни во одлуката дали ќе членуваат или нема да членуваат во одредена политичка партија. Во секој случај, наспроти уставните норми како и одредбата од законот за политичките партии, сè уште се присутни тенденции граѓаните да го користат членувањето во партиите заради остварување потесни цели.

Освен споменатите решенија поврзани со еднаквоста на половите, како и со недискриминацијата, законот за политичките партии се занимава и со прашањето на забраните. Така, во него може да се сретнат четири покарактеристични забрани.

» **Прво**, се забранува политичките партии во својата внатрешна организација да имаат воени или полувоени структури;
» **Второ**, забрането е партиите да имаат свои организации (да дејствуваат) во органите на државната и општинската власт, односно е утврдено дека **политичките партии се организираат на територијален принцип**;
» **Трето**, се забранува политички партии регистрирани во други земји да дејствуваат на територијата на РМ; и
» **Четврто**, се забранува името и ознаките на политичката партија да бидат исти со имињата и ознаките на другите партии во РМ и не

смеат да го содржат името и симболите на РМ, на државните органи, на единиците на локалната самоуправа, на други држави и меѓународни организации.

Освен споменатите прашања, друга поважна работа од аспект на функционирањето на политичките партии беше предвидена со дополнувањата на Законот за политичките партии од 2013 година. Со овие дополнувања **беше овозможено политичките партии во својата внатрешна организација да можат да основаат партиски истражувачко-аналитички центри** на начин утврден со закон.

### 2.3.5.1. Партиски истражувачко - аналитички центри

Начинот на функционирањето на партиските истражувачко-аналитички центри е утврден со Законот за партиски истражувачко-аналитички центри од 2013 година.[60]

Партиските истражувачко-аналитички центри (ПИАЦ) се формираат како дел од внатрешната организација на партиите без посебен правен субјективитет. Причината, пак, за нивното формирање лежи во **целта да се изгради платформа во државата која ќе овозможи политичката дебата да биде поструктурирана и поквалификувана**. Во прилог на остварување на споменатата цел е и предвидената можност со Законот ваквите истражувачки центри на партиите да контактираат и да соработуваат преку одржување меѓусебни средби и состаноци. На овој начин, идејата е **да се придонесе во насока на натамошно унапредување на вкупните односи помеѓу партиите**.

Во рамките на ПИАЦ, а во функција на остварување на целите и задачите, егзистираат два оддела (сегменти):

60 Закон за партиски истражувачко-аналитички центри, Службен весник на Република Македонија, год.: LXIX, бр.: 23, Скопје, 14.2.2013, (стр. 141-142).

» **Прво**, **оперативен оддел**, кој се занимава со прашањето на изработка на анализи, прибирање податоци и други истржувања потребни за подобро функционирање на односната политичка партија;
» **Второ**, **проектен оддел**, кој повеќе се однесува на јавноста и под истиот се подразбира организација на трибини, дебати, семинари, обуки и сл., за потребите и во функција на односната партија.

Активностите на ПИАЦ се финансираат од буџетот, но и од други проекти. Во оваа смисла, законодавецот забранува средствата кои ги имаат ПИАЦ да се користат за директно или за индиректно финансирање на политичката партија чиј дел се. Тоа значи дека овие средства може да се користат исклучиво за остварување на активностите (изработка на анализи, истражувања, организација на трибини, конференции итн.) на овие центри кои посредно им се од помош на самите партии.

Инаку, со Законот државата им остава можност на сите регистрирани партии да формираат вакви истражувачки и аналитички центри, но се обврзува да ја финансира работата на ПИАЦ на четирите политички партии кои имаат освоено најголем дел пратеници во македонскиот парламент на последните избори.

# ВТОР ДЕЛ

## РЕТОРИКА

# ГЛАВА 1

## ОПШТА РЕТОРИКА



# 1. ПОИМ ЗА РЕТОРИКА

Една од покомплексните задачи е определување на поимот реторика. Дефиницијата на реториката е различна во зависност од сфаќањето за неа од страна на оној кој ја предлага, било да е правник, филозоф, мислител, позната личност или обичен човек. Во нашиот јазик се употребуваат термините: реторика, ораторство, беседништво, говорништво, слаткоречивост и сл. Самата неодреденост на поимот дозволува извесна флексибилност во толкувањето. Пред да се дојде до дефиниција на поимот реторика, треба да се направи обид да се одговори на неколку претходни прашања.

**1.1. Од каде потекнува зборот реторика**? Најстарото значење на реториката се врзува за хеленскиот збор ретор (ῥήτωρ), оној кој поднесува барање, обично до судот, а има врска со именката rhema (ῥῆμα) - збор. Со тоа иницијално реториката се поврзува со судското беседништво, за потоа ретор или оратор да е оној кој говори. Римјаните ја прифатиле оваа хеленска определба, но кај нив се употребува зборот оратор (oro, orare – оној кој моли, се обраќа на суд). Оратор бил оној кој се обраќа на некого, оној кој е говорник.[61] Во тесна врска со orator е именката eloquentia (од глаголот loquor, loqui – да се говори или во поширoко значење, речитост).[62]

**1.2. Како се дефинира реториката?** Низ историјата се дадени различни дефиниции за реториката. Но, во основа, под реторика се подразбира вештина (téhne, ars). За определување на поимот вештина ќе се повикаме на една прецизна разработка на поимот од страна на Љубомир Тадиќ, во делото „Реторика, вовед во вештините на говорништвото“,[63] кое ќе го искористиме како ориентација и патоказ за објаснување на пои-

61 Поленак–Аќимовска, Мирјана, Гоце Наумовски. Реторика и правна аргументација. Правен факултет „Јустинијан Први“. Скопје, 2010 г. стр. 7.

62 Станојевић, О. Аврамовић, С. Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 14.

63 Види повеќе во Tadić, Ljubomir. RETORIKA, Uvod u veštinu besedništva. Beograd, Institut za filozofiju i društvenu teoriju, 1995.

мот вештина и реториката како вештина. Вештина во античкото значење е прилично сложен поим, а настанува од збирни делови на природата, случаи и искуства. Човек може да биде природно надарен, но неискусен за определено дејство. Тогаш е упатен на случајност, а секое случајно дејствување сочинува низа на поедини дејствија кои доведуваат до случаен, безнамерен исход. Но, повторувањето на случајните дејствија значи таложење на искуство врз основа на кое се стекнува способност на имитирање, кое Хелените го нарекле μίμησις, а Римјаните imitatio. Вештина подразбира некое свесно, планско дејствување, преточено во дело (хел ἔργον., лат. Opus). Вештина подразбира збир на правила кои произлегле од искуство, но кои се дополнително промислени, за да би се постигнал оној вид на дејствување кој не е случаен, односно е планиран. Според тоа, вештина  претставува созреано искуство кое е рационално. Најголемиот дострел на вештината се постигнува со спој на природна дарба и вежба. Со вежбата може да се дојде до совршенство. Способноста да се дојде до совршена вештина Хелените и Римјаните ја нарекувале виртуозност (хел. ἀρετή, лат. Virtus).

Понатаму, под реторика се подразбира вештина на убедување. Како основни елементи при дефинирање на реториката се појавуваат убедувањето и наговарањето. Да се убеди (convincere) некој значи да му се наметне некој став, идеја, план или размислување преку силата на доказите. Да се наговори (persuader) некој, тоа подразбира заземање  личен став. Наговарањето не се базира на разум, на аргументи, колку на емоции.[64] Кај убедувањето, доминантна улога има силата на логичните аргументи, додека, пак, кај наговарањето, доаѓаат до израз личните квалитети на говорникот: елоквенција и афективност, моќта на сликовитото изразување и физичките својства (глас, став и изглед), а понекогаш и моралните квалитети. Кај наговарањето, слушателот бива совладан, неговиот разум е победен.[65]

64 Станојевић, О. Аврамовић, С.  Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 17.

65 Chaignet A. Ed. La Rhetorique et son histoire.  Paris, F. Vieweg, 1888. p. 93.

Суштината, односно целта на реториката е елоквентното, речито изразување, кое се состои од убаво или добро срочени зборови (форма) и има за цел да ги убеди луѓето или да предизвика кај нив емоции (суштина).[66]

Постојат доста варијации во дефинирањето на поимот реторика. За издвојување се две дефиниции. Првата, која е и доста прецизна, реториката ја дефинира како вештина на убедување преку дискурс. Под дискурс се подразбираат сите вербални, напишани или изговорени продукти кои имаат почеток и крај претпоставувајќи единство на смисла.[67] Втората, пак, ја дефинира реториката како употреба на јазикот како вештина на убедување која се заснова на организирано знаење.[68] За ранохеленските оратори, кои главно се занимавале со судска реторика, говорништвото претставува вештина на спорење, вештина на водење на расправа. Аристотел смета дека реториката е пронаоѓање на сите средства кои служат за убедување. Квинтилијан, познат римски оратор и професор, има десетина обиди за дефинирање на овој поим, реториката едноставно ја сметал за моќ на убедување.[69]

Најсоодветна описна дефиниција на реториката дале Цицерон и Аристотел. Имено, Цицерон рекол дека целта на говорништвото е во наговарањето или убедувањето на слушателите.[70] Говорникот својот officium го наоѓа во слушателите, во публиката, во аудиториумот во потесна смисла на зборот. Едно реторичко дело, opus, настанува со соединување на мисловната содржина, res, и јазичното изразување, verba. Аристотел ги поделил говорите на три вида: политички говор, чија цел е да убеди што е полезно

66 Станојевић, О. Аврамовић, С. Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 14.
67 Reboul, Oliver. Introduction a la rhetorique, Theorie at practique. Paris, PUF, 1991. p. 4.
68 Станојевић, О. Аврамовић, С. Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 14.
69 Квинтилијан. Institutio oratoria, II, 15, 3.
70 Cicero. De oratore. 1. 31. 13. Primum oratoris officium esse dicere ad persuadendum accommodato.

а што штетно; судски говор, кој треба да убеди што е праведно или неправедно и пригодни говори, чија цел е да убеди што е чесно а што срамно.[71]

Според старите мислители од античкиот свет, кои, пред сè, се занимавале со судската реторика, говорништвото е вештина на спорење, вештина на водење на расправа. Според Аристотел, реториката е пронаоѓање на сите средства кои служат на убедувањето. Дополнително, Аристотел сметал дека за да допре беседата до слушателите треба да биде симбиоза меѓу logos, ethos и pathos, преку разум, личноста на говорникот и чувствата, емоциите, иако во зависност од тоа дали е во прашање судска, политичка или пригодна реторика, ќе преовладува еден или друг елемент од аристотеловото „свето тројство".[72]

Најпроминентниот професор по реторика во Стариот Рим, Квинтилијан, сметал дека реториката е моќ на убедување.[73] Според Цицерон, говорникот има три задачи и тоа: да ја докаже својата теза, да приреди уживање кај слушателите, да дејствува на нивната волја.[74] Заедничката определба е дека реториката е ars bene dicendi – уметност на убавото зборување.[75]

Факт е дека реториката не смее да се изедначува со обична техника. Таа има повеќе значења, како вештина, уметност, дисциплина, потреба на секој човек, кому изговорената реч му е професија. Следствено, постои двојство помеѓу тоа што се говори и како се говори,[76] односно допир помеѓу логичката и естетската страна на говорот. Реториката како вешти-

---

71 Аристотел. Реторика. прев. од старогрчки Весна Томовска. Скопје, Македонска книга, 2002. стр. 38.

72 Аристотел. Реторика. прев. од старогрчки Весна Томовска. Скопје, Македонска книга, 2002. стр. 21.

73 Квинтилијан. Institutio oratoria. II, 12, 3. https://archive.org/details/institutioorator04quinuoft

74 Поленак–Аќимовска, Мирјана, Гоце Наумовски. Реторика и правна аргументација. Правен факултет „Јустинијан Први". Скопје, 2010. стр. 9.

75 Cicero. De Oratore. 2, 2, 15; Quintilianus. Institutio oratoria. 1, 5, 1a.

76 Станојевић, О. Аврамовић, С. Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 17.

на на добар говор, односно дискурс кој убедува, има особености на теоријата и практиката.

Од сето погоре напишано, можеме да ја изведеме следната **дефиниција:** реториката е вештина на елоквентно, речито изразување кое има за цел да ги убеди слушателите преку докажување на своите тези, говорење кое ќе предизвика чувство на задоволство кај слушателите и ќе дејствува на нивната волја.

**1.3.** Подеднакво голем предизвик на дефинирањето на поимот реторика е и утврдувањето на целта. **Што е цел на реториката?** Не е цел сама по себе убавото и доброто изнесување на мислите. Со говорот треба нешто да се постигне, да предизвика емоции, да влијае на мислењето, на ставовите и одлуките. Убедување на останатите во исправноста на некој политички, верски или научен систем или идеја, убедување на група луѓе дека нешто треба да се смени или обратно, некоја состојба да се задржи, убедување на судијата или поротата се само некои од целите на говорништвото. Понекогаш, говорот треба да ги поттикне и да ги охрабри луѓето да преземат акција, да ги доведе во состојба во која ќе бидат подготвени и на фанатични дејствија, па дури и по цена на сопствениот живот.

**1.4.** Се поставува прашањето: **што не е реторика?** Одговорот е дека тоа се дискурси чија цел не е убедување. На пример, една обична забрана базирана на некој акт, или некоја информација, не се сметаат за реторика.

## 2. ВИДОВИ РЕТОРИКА

Беседите (говорите) може да се поделат според различни критериуми. Основната поделба се врши врз основа на содржината, а постојат поделби и според начинот на подготовка, аудиториумот, техниките и др.

### 2.1. Поделба на говорите според содржината

Според содржината, говорите се делат на: судски (форензични), политички (делиберативни), црковни (омилитика), војнички и пригодни (епидектички).

**2.1.1. Судските (форензични) говори** може да ги сметаме за најстари, а воедно и за најважни говори. Се смета дека реториката се појавила во форма на судска реторика, во средина на петтиот век пр.н.е. во Сицилија, која во тоа време била хеленска колонија. Две историски збиднувања биле значајни за нејзиното настанување: рушењето на тиранијата на Хиерон и сопственичките спорови кои настанале поради насилната депортација на населението во врска со населувањето на Сиракуза, како и бројните експропријации на земјиштето. Тогаш било потребно некој да биде многу елоквентен за да се настапи пред народната порота, за да се биде победник во имотен спор во врска со сопственоста на земјиштето.[77] Може да се каже дека најголемиот дел од старите оратори својата големина ја стекнале, пред сè, со судските говори, а во помал обем преку политичките говори. Според Аристотел, задача на судскиот говор е да обвинува или да брани, а основна цел на судската реторика е да покаже што е, односно што не е право и правично.[78] Исто така, добро сроченииот одбранбен или обвинителен говор може да значи разлика помеѓу живот и смрт.[79] Зошто овие говори ги сметаме за најважни? Пред сè, овој вид на говори се најважни за сите правници. Со овие говори може да се влијае на ставот и одлуката во судската постапка, да се стекнат права и обврски.

**2.1.2. Политичка (делиберативна) реторика**, потекнува од зборот delibero, deliberare – да се советува, одлучува. Овој вид на реторика има за цел убедување на помал или поголем број луѓе во исправ-

---

77 Tadić, Ljubomir. RETORIKA, Uvod u veštinu besedništva. Beograd, Institut za filozofiju i društvenu teoriju, 1995. str. 19.

78 Аристотел. Реторика. прев. од старогрчки Весна Томовска. Скопје, Македонска книга, 2002. стр. 13.

79 Станојевић, О. Аврамовић, С. Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 20.

носта или неисправноста на некој став или идеја која има политички карактер. Според Аристотел, задача на политичкиот говор е да советува, да наговара или да одвраќа, а целта на овој вид говор е да ги убеди луѓето во тоа што е корисно а што штетно.[80] Овој вид на говори може да се користи во парламент, јавни настапи, политички собири итн. Политичките говори се во директна релација со демократијата и слободата на изразувањето. Во демократијата секој може да се изрази и да се спротивстави. А, говорот е едно од најмоќните политички орудија. Историјата оставила голема архива на прочуени и моќни политички говори.

**2.1.3. Црковните говори (омилитика)** претставуваат беседи кои се упатени од страна на свештено лице кон верниците. Зборот омилитика потекнува од хеленскиот – omileo, што значи да се говори. Така, омилитика може да кажеме дека означува речитост. Црковната реторика служи како средство за толкување на Светото писмо и проповедање на верата. За време на средновековието овој вид на говорништво бил еден од поразвиените. Секако, тоа било случај и за време на појавата и ширењето на христијанството, вера која како феномен се проширила не само врз основа на осведоченото, туку и врз основа на говорниот пренос на основите и принципите на верувањето. Во теоријата, ова прашање има добиено посебен третман, особено при изучувањето на теологијата. Постои класификација на црковните говори на: 1. „интимни" говори (беседа и придика) и 2. свечени црковни говори (проповед, панегирик, опело и конференција). Така, проповеди се коментари на евангелијата. Постојат повеќе видови проповеди – оние кои се темелат на Стариот и Новиот Завет, проповеди по однос на некои состојби и прашања, милосрдни проповеди, проповеди за некои свечености, како што се јубилеи и сл. Придика е изнесување на став за прашања од христијанската доктрина. Панегирик е црковен говор кој се однесува на животот на некој светец. Погребен

80 Аристотел. Реторика. прев. од старогрчки Весна Томовска. Скопје, Македонска книга, 2002. стр. 38.

говор или опело настанал во време на христијанските страдалници. Религиска конференција се одржува пред избрана публика, на која се врши излагање на некоја посебна тема или прашање од историја на религијата или, пак, некој современ проблем на верата.

**2.1.4. Војничките говори** претставуваат посебен вид на говор упатен кон војниците, во многу различни околности, воени или мирновременски. Целта на овој вид говори е да го развие и да го поттикне патриотизмот, да предизвика чувство на воодушевување за некоја идеја или идеологија, омраза кон непријателот, да ја поттикне храброста и одлучноста.[81] Како и кај политичките, во историјата останале запишани голем број на прочуени и вонвременски воени говори. Речиси да нема голема војна или битка на која не ѝ претходел воен говор. Најчесто овие говори се доста кратки. Ги одликува сила, емоции, оптимизам и самоувереност. Кај овие говори не се очекува следење на правилата на реториката или структурирање на говорот според посебни правила. Овие говори треба да бидат концизни, да имаат јасна порака, без вовед и заклучок. Војничкиот говор треба да биде запалив, а да биде изговорен од некој кој има авторитет и кој умее да ги препознава разните психолошки состојби кај своите борци. Ваков став имаат и Пајевиќ и Касагиќ.[82]

**2.1.5. Пригодните говори (епидектички)** се говори кои се користат за обраќање по повод некој настан, прослава, јубилеј, празник или погреб. Најчесто станува збор за пофални, но некои теоретичари во оваа група ги сврстуваат и погрдните говори. Аристотел сметал дека овој вид на говори има за задача да куди или да фали. Целта на овој вид говори е да убеди што е чесно а што срамно.[83] Тие треба некого

81 Станојевић, О. Аврамовић, С. Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 21.

82 Пајевић, Д. Касагић, Љ. Војна психологија. Београд, Војноиздавачки и новински центар, 2001. стр. 145.

83 Аристотел. Реторика. прев. од старогрчки Весна Томовска. Скопје, Македонска книга, 2002. стр. 38.

да воздигнат, да ги истакнат неговите вештини и карактеристики, заслуги или, пак, да го оцрнат, да ги покажат маните и штетноста од некоја личност.[84] Според античкото разбирање, во оваа група на говори спаѓале *панегирици,* свечени беседи пред насобран народ; пофалните говори (хел. *енкомијум*); посмртните говори (хел. *епитафи)*, како и напади на некои личности или некоја група (партија, народ, раса или религија). Овој вид  говори може да се смета за еден од најстарите видови, сосема веројатно и постари од судските говори. Но, има и мислења според кои овој вид говори се јавил последен, по делиберативната и форензичката реторика, затоа што неговата појава не била од витално значење за полисот, како што се другите два видови реторика.[85]

За разлика од судските и политичките говори, кај пригодните говори говорникот повеќе се обраќа на емоциите кај аудиториумот, отколку на разумот. Секако, пофалата мора да биде приспособена на ситуацијата и одмерена. Постои опасност, особено кај неискусните говорници, да преминат во невкус и да претераат со пофалбите. Овој вид  говор нема за цел да ги убеди слушателите, туку преку убави зборови кај нив да се поттикнат пријатни или непријатни чувства и да се развие посебен однос кон некоја личност или настан. Стилот кај овие говори има предност над содржината. Аудиториумот  по правило е пријателски настроен и затоа може да се смета дека не се потребни посебни усилби за да се влијае на убедувањето. Поточно, говорникот не мора да се бори со аудиториумот и да ги совладува неговите мисли и аргументи. Естетскиот момент е од особено значење и затоа доста често овие говори се приближуваат кон поезијата.

Кај пригодните (свечени) говори целта е да се создаде пријатно расположение и да се разбудат позитивни емоции, а потоа публиката да се информи-

---

84 Станојевић, О. Аврамовић, С. Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 21.

85 Sheard, C. Miecznikowski.  The Public Value of Epidectic Rhetoric.  London, College English Urbana, 1996. p. 4.

ра, да се убеди или да се поттикне. Говорникот треба да биде соодветно расположен и емотивен. Кај овие говори не е природно да постои каква било бариера помеѓу говорникот и публиката. Говорникот треба да води сметка неговиот говор да се поклопи со очекувањата и мислите на слушателите. Ваквиот вид говори не треба да бидат претенциозни или егоцентрични. Со пофалбите не треба да се претерува, односно говорникот треба да биде умерен. Секоја неумереност може да предизвика лош ефект кај публиката. Говорникот треба да биде искрен, љубезен, срдечен, лично убеден и духовит. „...Говорникот мора да биде по малку и глумец и поет со оглед дека естетскиот и емотивниот момент е пред логичкиот".[86] Пригодните говори не треба да бидат долги. Кај овие говори треба да се биде краток и да се кажат само основни пораки. Не е пожелно да се користи пишан текст, а способноста да се интерпретира и да се говори спонтано е услов за успешност. Кај овие говори, кога поводот дозволува, препорачлива е употреба на досетки и хумор.

Посмртните говори се најделикатен вид пригодни говори и предизвик за говорникот. Најчесто се исполнети со премногу емоции, што е посебен и голем предизвик и за говорникот. Кај овие говори не секој може да биде говорник. Во однос на содржината, погребните говори треба да имаат некој податок за биографијата на лицето за кое се говори, неговите заслуги и најважните лични карактеристики. De mortuis nihil nisi bene – за покојните не говорете ништо освен добро. Тоа не значи дека треба да се претера со фалби во говорот. Се препорачува умерен стил на говор, а повремени пофалби се дозволени. Секој вид на хумор кај овие говори е неумесен. Најголема ефикасност се постигнува со потенцирање на позитивните особини на лицето и неговиот придонес за семејството, професијата, општеството и слично. Овие говори имаат претежно предвидлива содржина или редослед: биографски податоци, достигнувања и неколку мисли за карактеристиките на лицето за кое се говори.

86 Baldwin, S. Charles. Ancient Rhetoric and Poetic. London, Kessinger Publishing. 2006. p. 14.

Добро е говорот да се започне со топли зборови. Говорот не треба да биде долг, а дозволено е користење пишан текст, затоа што емоциите може да го нарушат текот на мислата. Погребните говори често пати се преплетуваат и со духовните говори, односно како посебен вид говор кај омилитиката.

Мора да се напомене дека во одредени случаи некои говори може да имаат карактеристики и сличности со повеќе видови говори.

Како што беше спомнато претходно, говорите може да се делат и според останати критериуми.

### 2.2. Поделба на говорите според начинот на подготовка

Според начинот на подготовка, говорите се делат на: подготвени и импровизирани. Самиот индикатор е доволно прецизен и јасен. За подготовка на говор е потребно време, посветеност и искуство. Додека, пак, за импровизација се потребни, покрај останатото, добро познавање на предметната област, елоквенција и интелигенција, голема вештина и искуство. Уште во античка доба оваа поделба привлекувала особен интерес. Импровизацијата била поврзувана со меморијата, односно способноста да се запамети или да се научи до збор некој говор. Некои мислители и оратори биле поддржувачи на ставот дека не треба секогаш да се ослонуваме на меморијата. Квинтилијан сметал дека е подобро да ги меморизираме главните поенти и да ѝ оставиме слобода на мислата.[87] На исто мислење биле и Платон и Сарсеј. Платон сметал дека пишаниот текст му смета на памтењето и дека со ослонувањето на пишаниот текст стануваме мрзливи и неспособни да го запаметиме тоа за што треба да говориме.[88] Сарсеј, пак, од други побуди се противи на пишаните говори. Тој сметал дека со носењето бележ-

87 Petrović, Sreten. Retorika. Beograd, ISP Savremena administracija d.d., 1995. str. 65.

88 Plato. Fedar. https://ia801006.us.archive.org/14/items/28399909PlatonFedar/28399909-Platon-Fedar.pdf

ник се намалува можноста за сугестивно дејствување на говорникот кон масата. Од друга страна, Морис Угарди сметал дека не треба целосно да се одречеме од меморијата. Тој сметал дека може да се импровизира само со формата на говорот, но не и со основата (суштината) на говорот. „Оние кои импровизирале и со основата и со формата на говорот можеби биле добри актери, но не успеале да го убедат аудиториумот пред кого се обратиле“.[89] Макс Десоар сметал дека за секој говор се потребни значителни подготовки. Сметал дека секогаш треба да се биде добро подготвен и не треба да ѝ се препуштиме на случајноста.[90]

### 2.3. Поделба на говорите според аудиториумот

Според аудиториумот, говорите се делат на: говори пред масовен аудиториум, говор на помали собири и обраќање преку современите форми на електронска комуникација. Во овој случај, како параметар за поделба е земен квантитетот, односно бројот на лицата пред кои се обраќа говорникот. Во теоријата постојат различни гледишта околу дефинирањето на квантитетот, односно бројноста на публиката. Во оваа форма на класификација на говорите, еден од предизвиците претставува дефинирањето на поимите маса, публика и нивните карактеристики. Во оваа група се додадени и современите форми на електронска комуникација, кои во современиот свет претставуваат основна и речиси незаменлива алатка за комуникација која заслужува посебно внимание (види подетаљно глава 4).

### 2.4. Поделба на говорите според техниката

Според техниката, говорите се делат на класични беседи и дебати. За разлика од класичната бесе-

89 Hougardy, Maurice. La parole en public. Essai sur la rhetorique et l’ eloquence aujord’hui et dans le passé. Bruxelles, Edite par Baude, 1966. p. 30.

90 Dessoir, Max. Die Rede als Kunst. München, Ernst Reinhardt Buecherreihe. Erasmus Verlag, 1948. p. 93.

да (говор), кај дебатите е форум за дискусија во кој наизменично учествуваат повеќе говорници, кои најчесто изнесуваат различни ставови и мислења, со цел на крајот од дебатата да се дојде до заклучок кој е прифатлив за сите или за мнозинството од учесниците. Дебатата како форма е позната уште во античко време. Во антички Хелада и Рим дебатирањето било составен дел на општествениот и политичкиот живот. Некои дела на хеленските оратори имаат форма на дебата (Платон, Цицерон, Тацит и др.). Денес пак, е незамисливо постоењето на демократското општество и самиот процес на одлучување без употреба на дебата како форма на расправа и одлучување.

## 3. ЗНАЧЕЊЕ НА РЕТОРИКАТА

Дали можеме да си го претставиме светот без комуникација? Би било незамисливо постоењето на цивилизацијата без каква било форма на комуникација. Невозможно е да се случи речиси каква било промена во општеството без да се разговара, односно да се комуницира. Ова особено се однесува на политичките, правните, верските, воените или кои било други форми на општествени промени. Најверојатно Француската револуција не би се случила или би имала поинаков тек без Дантон, Мирабо, Робеспјер, без овие жестоки говорници кои ја поттикнувале масата. Слично е и со Октомвриската револуција доколку не биле Ленин и Троцки или ширењето на фашизмот без Мусолини и Хитлер. Во делото „Мојата борба“, Хитлер напишал: „Знам дека луѓето може да ги придобијам со пишана реч, но многу повеќе со изговорена...“.[91] Ниту една светска религија не настанала без големите пророци кои своите верници ги привлекувале со зборови и дела. Евреите го имаат Мојсеј, христијаните Исус, муслиманите Мухамед. Особено е важно судското беседништво. Да се убеди судијата и поротата што е право а што неправо, е голем предизвик за говорништвото.

91 Хитлер, Адолф. Мојата борба. Прев. Елена Николова. Скопје, ТНИД Ѓурѓа, 2005. стр. 9.

Последно, но многу важно, не може да се замисли демократија без реторика, затоа што се темели на силата на убедувањето и слободното одлучување.

Придобивките од реториката се многубројни. Таа е важна за демократијата. Преку борба на спротивставени мислења се доаѓа до најдобрите решенија. Ова важи за секое сценарио: одлучување во политиката, помеѓу менаџерите во правните субјекти, во војна, во неформалните разговори помеѓу пријатели. Таа е подеднакво значајна за поединецот и општеството. Реториката е важна за образованието и воспитанието. Останале запишани голем број говори кои се извор на мудрости и поука за сите идни генерации.

Познати се безброј мудрости и мисли кои ја опишуваат моќта на зборот. Понекогаш велиме: „Убавиот збор железни врати отвора". Или како што рекол Платон: „Зборот може да го запре стравот, да ја отстрани болката, да предизвика радост и да го зголеми сочувството".[92] На ова би се надоврзала мислата на Цицерон: „Беседништвото може со мудрите мисли да го обземе духот, со убавите зборови да го помилува увото, да го покрене срцето на народот, да го отстрани сомнежот кај судиите, да понуди одлучувачки совети, да ги заштити невините, да им помогне на неволните, да ги спаси потиштените, да ги ослободи прогонетите, да ги отрезни заблудените, да ги охрабри слабите, да ги понижи дрските, да ги надвладее противниците, да ги придобие колебливите, да ги преобрати сомничавите, да ја поткрепи правдата, да ја одврати неправдата и со иста сила да се брани и напаѓа".[93] Според Тацит, реториката е ќерка на слободата.

## 3.1. Реторика и етика

Прашањето на односот помеѓу реториката и етиката било третирано од многумина, почнувајќи од

92 Платон, Горгија. http://classics.mit.edu/Plato/gorgias.html. Исто и Станојевић, О. Аврамовић, С. Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 25.

93 Cicero. De oratore. 1. 8. 32.

Платон, Аристотел, Цицерон, Квинтилијан, Шопенхауер, Кант, Перелман и др. На ова прашање може да се пристапи од два аспекта, класично и ново сфаќање.

а) *Класично сфаќање*. Во античка доба, етиката заземала силна позиција. Се сметало дека говорникот треба да биде добар и етичен човек и дека реториката треба да се темели на етиката.[94] Тоа не било случај со софистите, кои за примарна цел го имале самото убедување, по секоја цена. За нив било поважно да убедат и да победат, отколку да бидат етични. За Платон, софистичката реторика е штетна затоа што дава привидна вистина, додека правата вештина на убедување треба да биде во служба на моралот.[95] Затоа, сметал дека во идеалната држава нема место за говорниците – софисти. И Аристотел сметал дека говорникот треба да биде етичен. Сметал дека самото политичко здружување, преку формирањето на држава, има за цел да оствари добробит.[96] Истиот став го застапувал и во делата „Никомахова етика" и во „Реторика". Особено во второто дело во неколку наврати ја нагласува врската помеѓу етиката, реториката и правичноста.

Цицерон имал посебен, но нецелосно доследен однос кон етичноста на реториката. Од една страна, тој сметал дека идеалниот говорник треба да биде чесна личност: oratur probus esse debet.[97] Од друга страна, Цицерон сметал дека реториката може да послужи како средство за постигнување некоја цел, а патот до таа цел не мора да биде сосема прав. За да се убеди судот или сенатот, „потребно е твојот говор мудрите да го доживеат како измама, а будалите како вистина".[98] И Квинтилијан посветил внимание на односот помеѓу реториката и етиката. Во својот учебник

94 Платон. Горгија. Београд, Култура, 1968. стр. 161.
95 Платон. Федар. Београд, Култура, 1979. стр. 260.
96 Aristotle. Politics. transl. by Carnes Lord, second edition. Chicago and London, The University of Chicago Press, 2013. p. 125.
97 Cicero. Murder Trials. прев. Michael Grant. Harmondsworth, Penguin Group, 1990. p. 33.
98 Cicero. De oratore. 1.44. прев. на англиски E. W. Sutton, Cambridge, MA, Harvard University Press, 1967.

по реторика, тој посветил цела глава на ова прашање, насловена како „Само чесен човек може да биде говорник“.[99] Квинтилијан и на сликовит начин направил паралела помеѓу реториката и етиката: „како што добриот мечувалец, кој својата вештина ја користи за злосторство, не може да се нарече херој, така и злиот човек, кој реториката ја користи за неморални цели, не може да се смета за прав говорник“.[100]

Во средновековието, христијанската омилитика заземала централно место. Со самото тоа, црковната реторика, која, пред сѐ, служела за зацврстување на верата, била подредена на строгите начела на христијанската етика. И самите аристотелови списи имале голема популарност, затоа што вклопувале во христијанските етички начела.[101]

б) *Ново сфаќање*. Во новото време, евидентно е губењето на врската помеѓу реториката и етиката. Реториката добива примеси на софистиката, поважно е да се убеди, отколку да се каже вистината. Како критичар на ваквите тенденции се јавува Хаим Перелман, кој сметал дека одвојувањето на реториката од етиката, на вистината од аргументацијата, е последица на ставот кој содржи длабок презир кон реториката.[102] Постојат и ставови според кои во целина реториката е аморална вештина. Таква позиција застапуваат Роуленд и Вомек. Иако е јасна тенденцијата на губење на врската помеѓу реториката и етиката, сепак, треба да се констатира дека говорникот и во современото време треба да биде насочен кон барање на вистината. Јасно е дека е тешко да се следи вистината како една од компонентите на етиката, сепак, на неа треба да се настојува. Особен предизвик е да се негува однос кон вистината кај некои видови на говори, како,

99 Јелић, Велимир. Стерија и Квинтилијан. Нови Сад, Народна штампа, 1988. стр. 272 – 275.

100 Јелић, Велимир. Стерија и Квинтилијан. Нови Сад, Народна штампа, 1988. стр. 495.

101 Murphy, J. James. Rhetoric in Middle Ages. Barkley, University of California Press, 1974. p. 101.

102 Хасанбеговић, Јасминка. Перелманова правна етика и аргументација. Београд, 1988. стр. 110-111.

на пример, во воените говори (вистината и воената пропаганда немаат многу заедничко) или политичките говори (целта ги оправдува средствата), но и за адвокатот кој се обидува по секоја цена да го заштити својот клиент за кој знае дека е виновен. Полоши се последиците од говорењето невистини, отколку да се говори вистината. Наместо заклучок, да се навратиме на целите на трите вида говорништво поставени од Аристотел: *вистината* треба да биде крајна цел на судската реторика, *доброто и корисното* да биде цел на политичката реторика, а *убавото* на пригодните говори. Сите три цели на посебните видови реторика се поврзани со етиката.

## 3.2. Функции на реториката

Во теоријата постојат неколку функции на реториката и тоа: аргументативна и ораторска функција, херменаутичка, хеуристичка и педагошка функција. Функцијата на убедување или уверување (аргументативната и ораторска) е најзначајна функција на реториката и таа произлегува од самата дефиниција на реториката, затоа што ако под реторика се подразбира, пред сѐ, вештина на убедување, тогаш сосема логично е дека првата функција на реториката е да се убеди аудиториумот во ставовите на ораторот.

Следната функција е херменаутичка, која означува вештина на разбирање, толкување и изложување. Херменаутиката води потекло од старо хеленскиот јазик (Хермес – гласноговорник на боговите, оттаму настанала кованицата херменаутика – означување на етимологијата на поимот што се одредува како вештина на толкување и разбирање). Каде е врската помеѓу реториката и херменаутиката? Ако реториката е вештина на убедување со помош на дискурс, секако дека дискурсот не е изолиран, тој е упатен кон аудиториум, тој се наоѓа во конфликт со друг дискурс или во содејство со друг дискурс, кој го поддржува.

Третата функција на реториката, хеуристичката (етим. euro, eureka – да се пронајде), во реториката

означува можност да се осветли, да се разјасни, да се открие, да се пронајде тоа што се сака да се презентира пред слушателите.

Четврта и, секако, доста важна улога на реториката е педагошката функција. Оваа функција на реториката е важна за општата култура на секој образован човек кој ја практицира усната реч во вршењето на својата професија.

## 4. РЕТОРИКАТА ВО РЕВОЛУЦИОНЕРНИОТ НОВ ВЕК

Силен поттик на заживување на реториката дале демократските струења во Европа. Школата за природно право, теоријата за општествен договор, мислата за народен суверенитет, во комбинација со правото на еднаквост и правото на сите граѓани да говорат и да настапуваат јавно, отвориле нови перспективи за реториката. Политичкото говорништво, а особено парламентарните говори, најнапред во Англија, а потоа и во Франција, предизвикале позитивни тенденции за „обнова" на реториката. Реториката добила нови димензии: структуралистичка, естетска, филозофска, правна, комуникациска итн. На американскиот континент, реториката се трансформирала во нова дисциплина наречена „јавно говорење". Целите на оваа реторика биле: да ги убеди слушателите, да ги извести, да ги придобие, да ги анимира и забавува.

Демократските промени создале нови услови за развој на реториката. Англиската револуција настанала како резултат на борбата на ставови изразени преку говори во парламентот. Англија се смета за колевка на парламентаризмот, но и на парламентарното говорништво. Еден од првите парламентарни говорници бил сер Едвард Коук, адвокат, потоа пратеник и спикер на Долниот дом и прв врховен судија на Англија. После судир со кралот Џемс I, тој бил разрешен и повторно станал пратеник, каде доминирал со својот авторитет и говори. Станал славен по своите

говори за ограничување на власта и самоволието на кралот. Со своите говори тој успеал да издејствува усвојување на познатата „Петиција за правата" од 1628 г., која била вовед во Англиската револуција. Големи говорнички способности, покрај воените, поседувал и водачот на Англиската револуција, пратеникот во Долниот дом, Оливер Кромвел. Исто така, во редот на големи говорници се вбројувале и Џон Милтон во XVII век, додека, пак, во XVIII век впечаток оставиле Вилхем Пит, Едмунд Берк, Ричард Шеридан и др.[103]

Една од придобивките од англиската револуционерна реторика е еден посебен вид на парламентарен говор кој има прагматична цел да спречи носење некоја одлука. Тие говори и говорници се нарекувани „разбивање на одлучувањето" (decision breakers). Овде не се води сметка за убавината на говорот и начинот на кој се стигнува до целта. Подоцна, во американската парламентарна демократија се развива поимот филибастер (filibuster), пратеник кој говори со саати и го минира носењето одлука. Секако, за еден таков говор се потребни големи ораторски способности, образование и пракса.

Француската револуција довела до повторен процут на реториката. Дворската реторика, која била комбинација од проповед и панегирика, опстојувала во царскиот двор низ годините. Со појавата на засилена борба помеѓу жирондинците и јакобинците во парламентот, се појавиле низа одлични говорници. Најистакнат бил гроф Мирабо, кој имал преку 150 говори во парламентот, залагајќи се за уставно уредување и ограничување на власта на царот. Имал квалитетно општо образование, бил добар логичар и лингвист. Со своите говори успевал да направи пресврт во одлучувањето во парламентот. Две други клучни лица на Француската револуција биле Дантон и Робеспјер, кои, исто така, се истакнувале како одлични оратори. Тука се свртуваат и Пјер Верњо, адвокат од Бор-

---

103 Станојевић, О. Аврамовић, С. Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 105.

до и Сен Жист, кој го одржал последниот говор пред убиството на царот Луј XVI. По говорот, разбеснетата толпа ја доживеала смртта на царот како единствена исправна одлука. По Револуцијата, голем говорнички углед стекнал и Наполеон со своите воени говори, кои најчесто биле кратки но ефективни.

Една од придобивките на Француската револуција е Декларацијата за правата на човекот и граѓанинот. Во член 11 е утврдена слободата на говорот. После стотици години, конечно, како и во Атина, можело слободно да се говори и да се изразува мислењето. Слободата на говорот станала основа на цивилизациските промени во Европа.

Американската револуција родила свои ѕвезди на ораторството. Еден од креаторите на државата и нејзин прв претседател, Џорџ Вашингтон, бил одличен војсководец, но и говорник. Тој бил силен мотиватор за војската, но и одличен политички говорник, кој се залагал и успеал во намерата да се создаде федеративна држава и да се донесе американски устав. Следен во низата е Томас Џеферсон, кому му се припишува заслугата за носењето на два клучни политички документи, Декларацијата за независност и Уставните амандмани. Тој со своите говори поттикнувал широки расправи, но бил движечка сила за усвојувањето на овие акти. За напомена, првиот амандман се однесува на слободата на говорот, што придонело за развој на говорништвото во САД и пошироко. Преку парламентарна дебата во Конгресот, се одлучувало за безброј важни прашања. Најистакнат говорник во XIX век бил Даниел Вебстер, кој се спротивставувал на сепаратистичките настојувања на јужните членки на федерацијата. Негов противник бил сенаторот од Јужна Каролина, Роберт Хејн, кој се залагал за примарна употреба на правото на единката, наместо на федерацијата, доколку е тоа во нејзин интерес. Вебстер се вбројува во редот на петте т.н. „бесмртни сенатори“ (Senate Imortalis), кои Сенатот ги прогласил во 1957 г., заедно со Хенри Клеј, Џон Калхун, Роберт Лафолет и Робет Тафт. Тие со своите говори влијаеле на

американската историја.[104] Не треба да се заборави ниту Абрахам Линколн, кој се прославил со своите говори, со кои се залагал за укинување на ропството и ослободување на црнците. Тој имал успешни судски, а потоа политички говори, за на крај да стане претседател на САД.

Може да се заклучи дека реториката силно влијаела на демократската политичка култура во САД. Таа доживеала силен подем, кој  е видлив до ден-денешен. Политичарите не можат да ја замислат својата активност без јавен настап и говор, а за таа цел се ангажирани дури и специјализирани експерти и агенции. Следствено, теоретскиот и практичниот развој на реториката достигнуваат врвни дострели.

Социјалистичките револуции дале низа говорници, како Маркс, Енгелс, Ласал, Блум, Роза Луксембург, Троцки, Ленин и др. Самите социјалистички револуции започнувале со силни и емотивни говори кои ја буделе новата мисла кај масата. Во социјалистичките револуционерни времиња големо значење се посветувало на кажаниот збор. Означувале нов почеток, нов вид на општествени односи. Според марксистичката теорија, работничката класа ја презема власта, а потоа од позиција на власт ја менува економијата. Таа цел изискувала многу голема пресија, како преку пишаниот, така и преку кажаниот збор и пропаганда. Но, во постреволуционерните времиња се потврдила уште еднаш Верновата мисла: револуцијата (мислејќи на француската), како богот Сатурн, ќе ги изеде сопствените деца. Социјализмот значел безизлезна темница за мислата и говорништвото. Доминирале пригодните говори со воспевање на револуционерните или актуелните лидери. Лидерите и партијата биле секогаш во право, а кој смета дека е секогаш во право, значи и дека не ги признава или не е свесен за грешките. Се говорело премногу често, но не и убаво. Едноумието и идеологијата не дозволу-

104 Станојевић, О. Аврамовић, С. Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 108.

вале никакво отстапување од формата и содржината. Говорништвото ги следело шемите на системот: класна борба, диктатура на пролетеријатот, работници – селани – чесна интелигенција, светлина на иднината. Биле организирани големи собири, самоуправни собранија, на кои привидно можеле сите слободно да говорат за кое било прашање. Но, постоела слобода на мислата, а и квантитетот не давал квалитет. Мнозина станале жртви на системот и биле „убивани од збор", дали од сопствениот или од туѓиот.

Низ времето се јавил и еден посебен т.н. бирократски стил на говор, кој претставувал говор на посебна група и знак на припадност кон одредени кругови. Говорот не бил убав, но бил тежок за совладување. Овој говор уште бил нарекуван и „дрвен говор".

Реториката во либералниот капитализам предизвикала појава на теоретичари кои ги отфрлиле старите догми. Самиот либерализам не прифаќал строги правила на антиката и средновековието. Се сметало дека секој може да говори, без примена на наука или вештина која би ги учела луѓето добро да се подготват за говорот, за да ги убедат слушателите.

### 4.1. Современа реторика и односот на старата и новата реторика

Некои работи имаат трајна вредност. Но, секое време носи нови квалитети кои соодветствуваат на потребите. Овде ги претставувам збирните согледувања за современата реторика. Новата реторика се одликува со експанзија на говорништвото, влијание на техничките средства, поголемо инсистирање на занимливости, импровизации, користење на сознанија од областа на психологијата и другите науки, помалку крути правила.[105] Сублимирано, класичната и средновековната реторика се аристократски, по вкусот, рафинираноста, по времетраењето, а говорници-

105 Станојевић, О. Аврамовић, С. Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 131.

те најчесто биле големопоседници. Други работеле на нивниот имот, а тие се занимавале со државнички прашања, политика, војна, говорништво и сл., поточно, имале благородно хоби, кое не носело животна заработувачка. Долго време не се земала парична надомест за застапувањето пред суд. Само говорниците од пониските слоеви наплаќале за своите услуги. Но, кај побогатите важело правилото, услуга за услуга, што често пати неплаќањето ги чинело поскапо. Во средновековието реториката била под закрила на црквата. Секако, постоела црковна, пригодна и судска реторика, но само омилитиката имала посебен карактер на научна дисциплина.

Во новиот век настануваат системски промени во секој сегмент на општеството, настануваат нови сталежи, се практикува нова политика, следствено, говорништвото се приспособило на новото време. Развојот на демократијата придонело за зголемување на бројот на оратори. Демократијата им дава шанса на сите граѓани. На современиот човек античките говори му изгледаат помпезни, накитени, извештачени, долги и здодевни, и обратно, на старите Хелени и Римјани денешните говори би им биле вулгарни, неубедливи, кратки, без уметничка вредност. Некогаш реториката била забава за масите, денес човекот е бомбардиран со безброј информации, од светли моменти до несреќи, што по малку го прави без чувствителен.

Современите средства за комуникација го оформуваат мислењето кај граѓаните, а со тоа влијаат и на говорништвото. Денес човек не мора да има силен глас, тоа го надоместува техниката. Обраќањето преку медиумите наметнува потреба од приспособување на настапот, нешто што порано не било познато. Техниката овозможува нешто што порано било незамисливо во говорништвото, незабележливо читање.

Новата реторика настанала под влијание на новите научни, технолошки и општествени околности. Незамисливо е да се говори без да се води сметка за медиумите и масовниот пазар. Медиумите претставу-

ваат најмоќно орудие за влијание над луѓето. Тие овозможиле нешто што претходно не било познато како цел во реториката, а тоа е наметнување мисла и став преку т.н. „перење мозок". Индустријализацијата поттикнала масовно производство, со главен предизвик не како да се произведе, туку како масовно да се продаде. Поаѓајќи од таа цел, цели тимови од експерти се занимаваат со рекламирање и психологија на потрошувачите, додека, пак, во политиката се појавува масовна психологија кон гласачите. Со масовната психологија научно се открива патот како да се влијае на луѓето поединечно или групно.

Кои се принципите на новата реторика? Пред сè, денес говорите се пократки. Во современиот живот, луѓето немаат време да следат долги говори. Ако кај класичната реторика биле важни етиката, патетиката и разумот, кај современата реторика важни се дејствувањето на моралот и чувствата, а многу помалку е важно логичкото аргументирање. Денес многу помалку се влијае на емоциите, а многу повеќе на разумот. Улогата на личноста на говорникот е многу малку изразена. Говорништвото не е саморекламирање, туку соопштување на некои идеи, помалку е драматично отколку некогаш.[106]

Современите говорници се поопуштени, непосредни, помалку помпезни и патетични. Помалку се глуми и гестикулира отколку порано. Правилата за составување  говор од античко или средновековно време денес важат само како отворена рамка, но не како строг шаблон. Денес се настојува говорот да има воведен дел, изнесување на суштината и заклучок, но ниту овие правила не се строги, односно дозволени се скокови од еден во друг дел. Старите учители давале совет дека е пожелно  говорот да биде зачинет со анегдота или шега, иако Демостен речиси и да не знаел за шега во своите говори, а Цицерон користел досетки или реплики од сенатот. Денес речиси секој

106 Станојевић, О. Аврамовић, С.  Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 136.

говор мора да има некаква занимливост за да го привлече или да го задржи вниманието на слушателите.

И денес како и порано, добрите говори се резултат на добра подготовка, но денес многу помалку време е потребно да се подготви добар говор, а и самото подготвување е различно. Во новиот говор сè почесто има импровизации. Денес преовладува правилото говорот да не се учи буквално.[107] Современата реторика користи претходни сознанија за слушателите и аудиториумот. Исто така, се користат науки, како психологија и социологија, и за говорникот и за слушателите. Како говорникот да ја совлада тремата, како реагираат слушателите, како се однесува мала група а како голема група на луѓе, за што треба да води сметка говорникот кога ќе застане пред аудиториумот итн. Класичните книги и прирачници давале строги формални правила за реториката, додека, пак, современата реторика дава само упатства и совети. Но, оној кој сака да стане добар оратор, мора да ги знае и правилата на старите мајстори. Секако, на ова треба да се додадат и употребата на странски зборови, кратенки, суперлативи, сложени наместо поедноставени зборови кои се во секојдневна примена и лажна симетрија помеѓу една и друга крајност.

Кои оратори оставиле трага во современото време? Тука, пред сè, е Дејл Карнеги, кој силно влијаел на современата реторика и на еден посебен облик наречен јавно говорење (public speaking). Тој е автор на неколку дела кои станале најчитани дела во новата реторика („Како јавно да се настапува и како да се влијае на луѓето во бизнисот", „Како да се стекне пријателство и да се влијае над луѓето" и др.). Карнеги дал неколку препораки за успешно говорење: придобијте го вниманието и интересот на слушателите, стекнете ја нивната доверба, изложете ги фактите, изнесете ги мотивите кои ќе предизвикаат акција, не говорете додека не сте сигурен дека имате што да кажете и добро

107 Carnegie, Dale. How to win friends and influence people. New York, Simon & Schuster, 1940, p. 280.

да знаете како тоа да го сторите, треба добро да се подготвите, приспособете го говорот на публиката, добро анализирајте ја публиката, избегнувајте да читате, повторете ја последната реченица (пораката) и со неа продолжете понатаму, научете да се смеете, проучете го просторот во кој ќе говорите, разбивајте ја монотонијата со промена на тоналитетот и нагласување на некои зборови, правете паузи особено после важен дел од говорот, лицето на говорникот секогаш треба да биде видливо, практикувајте да стоите, не седите кога говорите, изгледајте самоуверено дури и кога имате трема, избегнувајте гестикулации кои манифестираат несигурност и нервоза, гестикулирајте но не извештачено или монотоно, гестовите треба да се во хармонија со говорот. Говорот нека биде исполнет со примери од животот, а не со воопштени мисли или податоци како за енциклопедија, употребете некој предмет кој ќе им го покажете на слушателите, прашувајте прашања, пробајте да ја поврзете темата за која говорите со прашања кои се од животно значење за слушателите (по природа, човекот сака да се занимава со прашања кои директно го засегаат, а не со светските проблеми), „постои мерка за сите работи" – говорот нека трае додека говорникот може да стои на една нога (не долго), треба да се почувствува кога треба говорот да заврши, а тоа најдобро се мери од реакциите на слушателите. Последната реченица најдолго се памти. Заклучокот треба да биде во природен след со говорот, а не вештачки додаток. Добро е да се повторат главните поенти на говорот и да се поврзе почетокот со крајот. Овие совети се од големо значење за современата реторика, особено за американската пракса. Сепак, Карнеги немал широко образование, слушнал за Аристотел, но не знаел за Квинтилијан, неговите примери се од поново време и се апликативно во целост во американската култура. Тој е типичен пример на американскиот прагматизам.

# ГЛАВА 2

## ПОСЕБНА РЕТОРИКА



## 1. ЕЛЕМЕНТИ НА РЕТОРИКАТА

Реториката се дели на општа и посебна. Како што беше и претходно објаснето, општата реторика е онаа која се занимава со прашања што се актуелни за сите видови реторика. Кај посебната реторика, акцентот е ставен на видот на говорот, односно во која прилика и за каква намена е упатен говорот. Задача на посебната реторика е да изврши расчленување на основните елементи во процесот на говорење. Според тоа, треба да се дефинираат и поимите што ги сочинуваат овие елементи, а тоа се говорник, односно оној кој говори, аудиториум – кому му се говори, говор – што се говори, потоа, подготовка на говорот и негова соодветна поделба и прашањето за стиловите на говорење.

### 1.1. Говорник

Говорењето е невозможно или би немало смисла без да постојат три основни елементи: говорник, аудиториум и говор. Еден од овие важни елементи е токму говорникот, а за него, пак, е важна личноста, односно неговите особености. Доколку еден ист говор биде изговорен од две лица, тој може да остави различен впечаток кај слушателите.

*Личноста на говорникот* може да се дефинира според различни параметри, како што се: изглед, углед, интелигенција, карактер, образование, глас, ораторско искуство, физичка кондиција, темперамент, мотивираност и слично. Оваа поделба ја прават Обрад Станојевиќ и Сима Аврамовиќ, а која е сеопфатна. По истата логика, ќе бидат презентирани сите параметри.

*Изгледот* на говорникот отсекогаш бил важен елемент при говорењето. Тацит има напишано: „Речит е со самата своја појава“.[108] Сепак, не треба да

[108] Тацит, Корнелие. Анали. Прев. на српски, Љиљана Црепајац. Београд, Српска књижевна задруга, 1970. стр. 304.

се заборави дека тоа е дар од Бога. Исто така, тоа може само да му помогне на ораторот, но не може да го направи добар оратор. Не треба да се заборави дека имало многу умешни оратори кои не биле лични ниту, пак, биле со убава става. Ниски по раст биле Октавијан, Август, Наполеон, Ататурк, а некои, пак, биле помалку лични, но, сепак, успеале да стигнат до самите врвови на реториката и станале мајстори на изговорениот збор. Помалку важни елементи кои се поврзани со изгледот се начинот на облекување или следењето на модните трендови. Овие елементи треба да бидат приспособени на пригодата на која се говори. Цезар секогаш носел наметка која понекогаш демонстративно ја симнувал. Исто така, носел и „ловоров венец“ за да го сокрие недостатигот на коса. Но, важел за голем естет, секогаш уреден во облеката и особено фризурата. Ова неформално правило е важно и денес.

*Угледот* на говорникот е многу поважен од изгледот. Покрај физичкиот изглед, посебно внимание треба да се посвети на моралната страна на ораторот. Начинот на кој говорот ќе биде прифатен од слушателите особено зависи од угледот на говорникот. Речиси сите антички оратори и учители посветувале големо внимание на прашањето на етосот. Угледот се стекнува. Се стекнува преку докажаните морални вредности. Некои антички оратори во основата на својот говор ја имале потрагата по вистината и праведното. За разлика од нив, софистите знаеле да ја подведат вистината и правдата, односно праведноста под целта, а тоа било убедувањето. Квинтилијан, на пример, посветува големо внимание на моралот на говорникот, за кого смета дека мора да биде чесен и угледен. Цицерон, најверојатно под влијание на софистите, понекогаш целта ја подведувал под етиката, тврдејќи дека говорот во парница треба да биде таков што мудрите ќе го сфатат како измама, а будалите како вистина. Може да се заклучи дека угледот на говорникот е, исто така, важно правило кое е апликативно и во денешно време. Некои автори дури сметаат дека

убедливоста на аргументите зависи и од кредибилитетот на личноста која ги презентира.[109]

Зборот *интелигенција* потекнува од латинскиот збор intellego, intellegere, а означува разум, разбирање. Интелигенцијата е дефинирана како способност да се разбере, да се учи, да се уочат разликите помеѓу причините и последиците.[110] Интелигенцијата е дарба која со многу труд може да се унапредува. Зависи од љубопитноста на поединецот, неговата упорност и желба да научи нешто ново. Постојат лица со природна дарба, односно интелигенција, но кои се задоволуваат со својата просечност. И обратно, лица со помала дарба, но кои преку упорност ја надоместуваат својата потпросечност. Интелигентните луѓе имаат посебен сенс за духовитост како посебен облик на способност. Духовитиот говорник побргу ја стекнува довербата и вниманието на слушателите, а со своите досетки може да го надмудри противникот, да го поколеба, па дури и да го победи. Луѓето со добра меморија се добри оратори, особено во полемики, дијалози. Знаат бргу да реагираат и со реплика да ги ослабнат аргументите на соговорникот. Оние кои имаат добра меморија можат да ги запамтат целите говори или, пак, нивните главни елементи. Значењето на интелигенцијата кај реториката е безвременско.

*Карактерот* го означува психолошкиот склоп кај човекот. Од аспект на реториката, прашањето за карактерот, односно психолошките карактеристики на ораторот биле предмет на интерес уште кај античките оратори. Аристотел има посветено неколку глави на оваа тема во делото „Реторика". Се осврнува на разумноста, доблеста, добронамерноста, лутината, смиреноста, стравот, срамот, љубезноста, сожалувањето, огорченоста, зависта и слично. Тој посветил внимание и на прашањата за карактерот на младите, ста-

---

109 Graver, Hans Peter. Sense and Sensibility – Classic Rhetoric as a Model for Modern Legal Thinking. Stockholm, Scandinavian Studies in Law, 2012. p. 236.

110 Станојевић, О. Аврамовић, С. Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 149.

рите, лицата во зрела возраст, карактерот кај лицата со благородничко потекло, богатите, карактерот кој го обликува добрата среќа итн. Платоновата „Психагогија" или како што била нарекувана вештината за водење на душите  преку зборовите, исто така, има допирна точка со карактерот на говорникот и пошироко, слушателите. Квинтилијан за „совршениот говорник", меѓу другите карактеристики, смета дека треба да биде човек кој е чесен, кој во своите говори се служи со чесни средства. Тоа, секако, зависи од карактерот на човекот, кој треба да биде vir bonus, односно добар човек. Карактерот е поврзан со угледот, затоа што многу често карактерот претставува збир на внатрешни особини, а угледот е зависен од надворешната експресија на карактерот. Но, оваа релација не секогаш се поклопува. Некој може да има лош карактер, а да поседува добар углед и да биде добар говорник.

*Образованието* на говорникот било и ќе остане доста важно. Реториката е збир на правила кој се занимава со формата, а не со содржината. Поточно, таа може да го научи говорникот како треба да се говори, но не и што треба да се говори. Без добро образование, но и солидно а не површно познавање на работите, не може да се стане добар говорник. Во антиката, ораторите биле најчесто лица со одлично и сеопфатно образование. Ова особено важело за хеленските оратори. Тие покрај со практичната примена на реториката, се занимавале и со теоретизирање на оваа тема. Образованието го сметале за темел на доброто беседење. Сите големи оратори биле добро образовани, дел од нив се занимавале и со филозофија и со други вештини, а образованието им било широко и сеопфатно. Само така тие можеле да одговорат на улогата која ја имале во општеството, а тоа била доминатно политичка, правна и воена. Во античка доба реториката се изучувала паралелно со другите науки, а во некои етапи од развојот на хеленската и римската цивилизација таа била задолжителен предмет во образовниот процес. Еден од оние кои сметале дека образованието е значајно за ораторот бил Цицерон.

Тој самиот имал широко образование кое покривало различни области, како што се: право, филозофија, реторика, глума, граматика, говорел одлично латински и хеленски итн. Врската помеѓу реториката и образованието, исто така, била предмет на разработка и кај Квинтилијан. Тој е автор на „De institutione oratoria“ – „За образованието на ораторот“, учебник по реторика, најпознатиот во целата историја на реториката. Тој сметал дека надарениот човек може да стане просечен оратор, а само образованиот човек може да постигне совршенство. Во книгата се расправа и за тоа каков треба да биде учителот, каков ученикот, кои знаења треба да ги има образованиот оратор. Говорникот, исто така, треба да има добри познавања од право, историја, граматика, ортографија, стилистика, но и музика, геометрија, астрономија.[111] За Квинтилијан, професор не е само лице кое го пренесува знаењето, тој е еден вид  родител, кого учениците треба да го сакаат и да го слушаат. Наметнувал дилеми околу прашања кои и денес се актуелни: дали треба образованието да започне од седмата година во животот, дали странски јазик треба да се учи од почетокот на школувањето и дали паралелно со латинскиот, како да се приспособи образованието на способностите на ученикот, педагошките мерки за поттикнување и казнување на учениците и сл. Цицерон, исто така, сметал дека за говорникот е поважно општото образование од познавање на правилата на реториката.[112] Можеме да заклучиме дека на говорникот не му вредат ништо правилата за добро говорење ако не знае што и како да каже. Прашањето за образованието е доста важно и денес. А, знаењето може да се стекне на различни начини. Преку воспитанието од родителите, преку училиштата, читањето, разговори со умни луѓе, преку животното искуство и слично. Сепак, говорот треба да биде приспособен на публиката. Не треба високото ниво на образование, кое едновремено значи и посложен речник за изразување,

---

111 Квинтилијан. I 7 – 11.

112 Cicero. De oratore. 1.44. прев. на англиски E. W. Sutton,  Cambridge, MA, Harvard University Press, 1967. p. 1. 33.

да се применува пред аудиториум кој има пониско ниво на образованост. Истото може да има спротивен ефект, особено кај делиберативната реторика.

*Гласот,* односно неговата јачина и боја се многу важни за говорникот. Во минатото јачината на гласот била особено важна кога говорникот сакал да се обрати на голема маса луѓе, во собрание или форум. Денес, ова може да се надомести со достигнувањата на технологијата. Но, пријатната боја на гласот не може да биде надоместена ниту со помош на технологијата и сè уште претставува важен елемент кај говорот. Природните недостатоци и мани, како што се лошиот изговор на некои букви или, пак, пискавиот глас, пелтечењето, шушкањето при говорот се хендикеп за говорникот. Но, сепак, праксата покажува дека и овие недостатоци се надминливи. Демостен, Изократ и Цицерон самите големи оратори имале сериозни проблеми со гласот и изговорот. Со многу пракса и вежба успеале да ги совладаат. Науката во новото време напредува и е од голема помош за полесно совладување на овие пречки.

*Ораторското искуство и увежбаност* – латинската изрека fabricando fit faber или „со ковање се станува ковач" е најдобар приказ за важноста на вежбањето и повторувањето, а преку тоа стекнување на искуство. Ниту еден голем оратор не стапнал на пиедестал без пракса и вежба. Цицерон секој ден вежбал говори или рецитирање, а многу пред него истото го правеле и мнозина хеленски оратори, особено Демостен. Искуството може да се стекне преку читање, слушање и говорење. Читањето говори помага за создавање своја говорничка рамка, слушањето, пак, овозможува практично визуелизирање на говорењето, особено кога се слуша добар говор, па дури и кога се слуша лош говор, тоа може да помогне во стекнување искуство, затоа што може да се учи и од грешките. Говорењето е најдобар начин да се стекне искуство. Во антиката се организирале натпревари во реторика на кои учествувале ученици по реторика, нивните учители и широка публика. На некои натпревари во

Рим победниците добивале „ловоров венец", а оние кои имале лоши говори царските гардисти ги фрлале во реката Тибар, да ги оладат емоциите без талент. Говорниците без дар морале да научат да пливаат, ако веќе не знаеле да држат беседи. Натпреварите биле на однапред познати теми, на слободна тема или, пак, темата им била соопштувана непосредно пред настапот и им се давало кратко време за подготовка. Вежбата и практицирањето на говорењето помага да се подобри настапот, а тоа влијае на самодовербата кај говорникот. Тоа помага да се совладаат и некои предизвици и проблеми кои ги имаат голем број говорници, како што се: тремата, непријатните прашања, како да се задржи вниманието кај слушателите и слично.

Говорењето предизвикува психички и физички напор. Тоа, пак, значи дека говорникот треба да има добра *кондиција*. Говорникот треба да направи неколку работи: да го запамти текстот или главните поенти по кои треба да го разгради говорот, да внимава на начинот на кој говори, да ја следи реакцијата на публиката, да направи напори за да го задржи вниманието на слушателите, а тоа подразбира голем напор. Особено кај политичкото, военото и судското говорништво.

*Темпераментот* кај говорникот е доста важен. Не постои универзален модел, но, сепак, добро е кога говорникот има определена жестина во говорењето. Тоа, секако, зависи и од видот на говорот. Еден е видот на емоции кај политичките, а друг кај пригодните говори. Независно дали и какви аргументи користи говорникот при настапот, доколку тие не се проследени со одредени емоции, тогаш нивниот ефект е намален. Слушателите брзо го губат вниманието кај млитавите говорници. Говорникот треба да се познава самиот и да знае до каде се границите на неговите способности и каков вид емоции се својствени за него. Важно е говорникот да ја следи публиката. Доколку вниманието се намалува, треба да вложи дополнителен напор за да внесе жар во настапот, за да може повторно да го

врати вниманието на публиката. Не треба да се заборави дека кај говорот една од најважните цели е убедувањето на публиката. Тука е важно да се имаат предвид класификациите на чувствата кои ги има разработено Аристотел во втората книга од делото „Реторика", а кои се применливи и денес. На пример, ако говорникот забележи дека го совладува гнев, тогаш тој треба да се смири, исто така, и ако се вознемири.

*Мотивираноста* е во директна врска со уверливоста при настапот, односно со основната цел на говорот, убедувањето. Говорникот треба со секој говор да си постави јасна цел: што сака да постигне. Во таа насока многу помага ако говорникот е убеден во тоа што го говори. За мотивираноста е важен и изборот на темата на која се говори. Публиката лесно може да препознае говорник кој не е мотивиран, а тоа е погубно за секој говорник.

Низата продолжува со *тремата*. Таа често пати ги обзема говорниците, особено оние со помало искуство. Тремата има потекло од латинскиот збор tremor, што значи страв, треперење. Таа е предизвикана од самото сознание за јавен настап. Поврзано со тремата е и срамењето, кое иако е различно, сепак, е поврзано со чувството на непријатност од јавен настап. Што може да ја предизвика тремата? Тремата, пред сè, е последица на чувството за одговорност, односно од стравот дали говорникот ќе биде на висина на задачата или да не се посрамоти. Пред говоникот се појавуваат многу прашања: дали е добро подготвен, дали има доволно информации, дали ќе им се допадне на слушателите, дали ќе ја постигне целта, дали настапот ќе биде добар и слично. Тремата е особено присутна кога треба да се говори пред стручен аудиториум или, пак, пред непријателски настроена публика. Секако, има и други причинители од помалку позната природа.

Познатиот хеленски оратор Изократ бил на врвот на листата на оратори кои имале трема и проблем со уверливост при настапот пред публика. Но, таков

страв искусувале и Мојсеј, пророкот Јеремиј и многу други. Тоа значи дека трémата е стара илјадници години и го следи човека.

Трémата, сепак, може да биде од корист. Таа може да поттикне мобилност на мислите и посветување на говорникот на подготовка на говорот и подобар настап. Се смета дека тоа може да го постигне т.н. „оптимално ниво на трема“.[113] Во теоријата се развиени и серија на совети како да се надмине трémата. Препорачливо е говорникот најнапред добро да се подготви за настапот, секогаш кога тоа го дозволуваат околностите. Добро е ако може говорот да се извежба, а најважните поенти во него да бидат означени со за говорникот препознатлив стил. Исто така, добро е говорникот, ако дозволуваат условите, да го има говорот со себе или, пак, мал потсетник за темите на кои треба да говори. Особено ако во говорот има цитати или податоци кои се посложени за меморирање, како што се изреки или бројки. Обратно, нивното искажување напамет остава впечаток на импровизација или, пак, преforsирано подготвување. Исто така, добар совет е говорникот да се соочи со публиката, односно да ги гледа слушателите во очи. Иако тоа е ризично за почетниците, сепак, може за почеток да се гледа во неистакнатите делови на телото на слушателите сè додека не се осети чувство на пријатност при настапот, па дури потоа говорникот може да воспостави личен контакт со публиката. Важно е говорникот да се фокусира на тоа што сака да каже. Заклучок, најдобар начин да се совлада трémата е праксата.

## 1.2. Аудиториум

Зборот аудиториум потекнува од латинскиот збор audio, audiare – слушање. Со говорот, говорникот се обраќа некому. Говорот не е монолог, туку форма на изразување став или мисла упатена до помал или поголем број слушатели. Според Станојевиќ и Авра-

113 Станојевић, О. Аврамовић, С. Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 158.

мовиќ, аудиториумот во поширока смисла го сочинуваат: местото, поводот и самите слушатели.[114]

Така, местото на говорење може да биде некој отворен или затворен простор. Кога се говори на отворено, препорачливо е да се користат повеќе гестикулации и движење на телото за да може да се постигне ефект кај сите присутни, дури и најоддалечените, особено ако не се употребува соодветна технологија. Поводот за говор може да биде различен, а зависно од него таков е и говорот кој треба говорникот да го изговори. И, секако, слушателите се аудиториумот, односно најважниот елемент кој е важен за говорникот, како кога се подготвува за говорот  така и кога говори.

Кај слушателите се важни следниве елементи: бројноста, составот на публиката и нејзиното расположение. Не е ист говорот кога се говори пред помала публика, и обратно, кога се говори пред голема публика. Кога се говори пред помал состав, голема е веројатноста дека говорникот ќе биде понепосреден, ќе воспостави контакт со слушателите и нема да користи повишен тон на гласот. Кај ваквите говори може да дојде до израз самата личност на говорникот. Обратно, кај говорите пред голем аудиториум говорникот е посреден, воспоставува контакт со маса на слушатели и полесно може да предизвика колективни емоции кај публиката. Говорникот може да биде потемпераментен, да гестикулира, но и да користи поедноставен речник и да биде директен. Во минатото, ораторите ги практикувале и двете форми на говорење. Говореле пред голем број на слушатели во агората, во собранието, во судот, кој најчесто судел во голем број, на форумите, во амфитеатрите, на плоштадите. Обратно, говорниците говореле и пред помалубројна публика, учителите пред учениците, филозофите пред заинтересираните слушатели, проповедниците пред верниците и слично. Денес, корисно е да се знае однапред

114 Станојевић, О. Аврамовић, С.  Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 168.

за бројноста на публиката пред која се говори. Собранието е броен форум, судот помал. Политичкиот говор најчесто е пред голема маса народ, додека, пак, судскиот е пред помала. Пригодните говори можат да бидат применети и во двата случаи на бројност на публика.

Полезно е говорникот ако може да собере информации за публиката пред која треба да говори. Најнапред добро е да се знаат целните групи кај публиката, а кое групирање може да се врши според различни индикатори: пол, старост, образование, политичка определба, интереси, економска и социјална положба и слично. Колку повеќе информации има говорникот за публиката, толку подобро може да биде подготвен.

Што се однесува до расположението на слушателите, разликуваме три вида: добро, односно пријателско расположение, рамнодушно и непријателско. Пријателски став има тогаш кога публиката го познава говорникот или, пак, темата побудува одреден интерес кај слушателите. Тоа најчесто подразбира дека говорникот го говори она што публиката сака да го слушне или го препознава својот интерес, став, мислење или убедување во кажаното. Позитивно расположение може да има, исто така, ако говорникот нуди определени решенија за некој проблем кој ги засега слушателите, кога публиката може да научи нешто ново и слично.

Спротивно на тоа, непријателското расположение кај публиката е еден од најголемите предизвици за говорникот. Тоа е присутно кога говорникот застапува ставови или мисли кои се спротивни на верувањата или убедувањата на слушателите. Политичар кој се обраќа на спротивниот табор, адвокат кој застапува тежок престапник, раководно лице кое треба да ги информира вработените за некои нови мерки итн. Ваквите говори биле присутни од секогаш. Пратеничките мисии меѓу Атина и завојуваните соседи, хеленските и римските судски спорови, во политичкиот натпревар во Раната Римска Република помеѓу патри-

циите и плебејците и сл. Секако, постоеле говорници кои биле родени да говорат пред неистомисленици. Пратеничките мисии во кои учествувал Демостен или неговите соплеменици, Есхин, Ликург, Полиевкт и останатите, потоа, Цицерон, кој го застапувал, односно го бранел непријателот на Цезар, Лигариј и многу други. Говорникот треба да биде одлично подготвен за да може да се носи со една таква публика. Треба да има добра подготовка, да ја познава реториката како вештина, да владее со себе, но и да ја познава публиката. Препорачливо е говорот да го почне со нешто за што сите се согласуваат, а потоа да ги нотира разликите. Говорникот може да признае дека има тешка задача, односно дека треба да ги убеди слушателите во нешто во што тие не веруваат. Корисно е ако говорникот ги повика слушателите на разум или толеранција и ако изрази надеж дека публиката, сепак, може да го смени својот став. А, потоа, на системски начин, преку изложување аргументи и податоци, примери и паралели, да се обиде да ја докаже својата теза. Добро е доколку говорникот може да ги предвиди контрааргументите на спротивната страна, да се обиде да ги доведе до апсурд и, секако, да биде подготвен за можни прашања.

Рамнодушен или инфериорен аудиториум, исто така, е голем предизвик за ораторот. Говорникот, слично како и кај непријателски настроен аудиториум, мора добро да биде подготвен, да се обиде да го привлече вниманието на публиката, истото да го задржи и на тој начин да ја стекне благонаклонетоста на публиката. Препорачливо е говорот да биде жив, динамичен, добро аргументиран, говорникот да биде убеден за да може да ги убеди слушателите.

Што се однесува до публиката денес, говорите се приспособени на новонастанатите околности. Луѓето денес се презаситени од информации кои ги добиваат на најразлични начини. Публиката денес сака да слуша кратки говори, јасни, ненакитени и без непотребни додатоци. Говорникот својот говор го приспособува на медиумите, најмасовен начин на пренесување

на пораките. Новиот аудиториум се разликува квалитативно и квантитативно од класичниот. Сѐ поретко постои класична физичка врска помеѓу говорникот и слушателот, сето тоа е заменето со технологија. Исто така, говорникот не може директно да ја следи реакцијата на слушателите. Секако, некои говори не можат да бидат опфатени со ваквиот начин на комуникација. Тука, пред сѐ, станува збор за судските говори, во кои обвинителот, обвинетиот и неговиот застапник најчесто лично и директно говорат во судот. Слично е и кај пригодните говори, воените, погребните, па дури и директните политички обраќања во собранието.

### 1.3. Говор

За да се објасни говорот, односно да се определи неговата рамка, најнапред треба да се одговори на две прашања: што се говори и како се говори? Поточно, секој говор треба да има одредена содржина и форма. За говорот да добие одредена содржина и форма, говорникот треба да ги определи следните елементи: идеја, композиција, стил и излагање.

#### 1.3.1. Предмет, цел и подготовка на говорот

Еден од основните елементи на говорот е предметот за кој се говори. Колку е подобар изборот на предметот за кој се говори, толку и говорот е подобар. Изборот на предметот и темата на која се говори зависи и од тоа за што треба да се говори, односно за приликата во која треба да се одржи говор. Тоа, исто така, зависи и од самиот говорник, неговото образование, интелигенција, дарба, местото каде треба да се говори, особеностите на публиката итн. Говорникот мора да има јасно определена главна идеја околу која ќе го заснова говорот. Катон Стариот поставил доста примитивна теза за реториката, rem tene, verba sequuntur или „држи се до предметот/темата, зборовите сами ќе доаѓаат". Тој, исто така, секој говор го завршувал со идејата дека Картагина треба да

биде уништена. Во пракса, сепак, може да се случи говорникот да нема време за претходна подготовка и следствено на тоа да нема време ниту да го разработи предметот. Најчесто во вакви ситуации молкот е најдобар одговор. Ако говорникот не е во можност да избира, тогаш неговиот говор најдобро е да се базира на искуство и убедување, за што е потребен посебен пристап и вештина.

При изборот на предметот (темата) за која треба да се говори, говорникот треба да се води од следниве моменти: кои теми него го интересираат а кои би можеле да ја интересираат публиката, која тема најмногу одговара на приликата во која ќе се говори, како таа тема може да се поврзе со неговата професија, дали има доволно информации на темата, дали образованието на говорникот е адекватно на темата, какво е личното искуство на таа тема, дали има доволно аргументи и слично. Идеално е кога би можело говорникот да ги има запазено сите овие елементи при изборот на предметот за кој сака да говори. Во теоријата постојат и цели трудови и дела посветени на изборот на предметот на говорот, нудејќи и класификации на темите според различни индикатори.[115]

Важно е говорот да има една главна порака, која одговара на предметот на говорот. Имањето една главна порака е тесно поврзано со изборот на предметот, односно темата. Но, со изборот на предметот на говорот е поврзан и обемот на истиот. Обемот треба да биде приспособен на расположливото време за настап. Ако во антиката долгите говори биле на цена, денес, обратно, краткиот говор може да го постигне посакуваниот ефект. Дури и Тацит успеал да забележи дека „порано на публиката, која била без искуство и образование, лесно можеле да ѝ се допаднат долги и гломазни говори, та дури бил и фален оној кој цел ден умеел да го-

115 Lucas, E. Stephen. The Art of Public Speaking. Boston, Massachusetts, Mc Graw – Hill, 1998. p. 76.

вори. На цена биле и долгите воведи, поединости во излагањето кои се навраќале далеку наназад, бескрајна низа на докази...".[116] Колку е времето пократко, потешко се создава говорот, односно изборот на предметот е голем предизвик дури и за искусните говорници.

Целта на говорот е тесно поврзана со предметот на говорот. Ако дефинирањето на предметот на говорот бара посебен ангажман кај говорникот, тоа особено се усложнува кога преку изборот на предметот треба да се постигне одредена цел. Аристотел бил еден од првите автори кој кај секој вид говор успеал да постави цел. Во третата глава во делото „Реторика", како цели на реториката ги поставил: кај политичкиот говор, целта е да убеди што е полезно а што штетно; кај судските говори, да определат што е праведно а што неправедно и кај пригодните говори, што е срамно а што чесно.[117] Една од најважните работи кои говорникот треба да ги знае при составување на говорот е целта што сака да ја постигне, односно која е неговата главна цел. И модерната реторика при изборот на целта се базира на следните три елементи: говорот треба да информира (античко docere), да убеди (movere) или да забавува (delectare). Овој став го застапуваат и О. Станојевиќ и С. Аврамовиќ, исто како и Стивен Лукас и Дејл Карнеги.[118] Секако, во денешно време е можно да се прави комбинација на повеќе цели. Така, со говорот може да се информира, но истото може да се стори и со забава. Или, пак, може да се информира, а преку тоа и да се убедува. Сепак, во говорот треба да постои една доминантна цел.

116 Тацит. Разговор о говорницима. Прев. Д. Невенић – Грабовац. Београд, 1969. стр. 19.

117 Аристотел. Реторика. прев. од старогрчки Весна Томовска. Скопје, Македонска книга, 2002. стр. 38.

118 Станојевић, О. Аврамовић, С. Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 186.; Lucas, E. Stephen. The Art of Public Speaking. Boston, Massachusetts, Mc Graw – Hill, 1998. p. 82. Carnegie, Dale. How to develop self-confidence and influence people. USA, Pocket Books, 1956. p. 93.

Некои автори во современата теорија сметаат дека може покрај главната цел, да има и специфична цел или цели. Тоа најчесто се прави преку проширување на значењето на главната цел, преку логично поврзување на главната со специфичните цели.[119]

Кога информирањето е главна цел во говорот, говорникот има задача на слушателите да им соопшти некои факти, да даде објаснување, да опише или да дефинира. Сето тоа треба да се стори по логичен редослед, да ги претстави основните елементи, истите сликовито да ги претстави. Кај ваквата цел на говорот пожелно е да се користи лесен и разбирлив јазик.

Говорите кои имаат цел да забавуваат најчесто може да се користат при посебни пригоди, свечености и пред посебно избрана публика. Кај овие говори доминира духовитоста, која, исто така, била широко распространета уште во античките говори.

Говорите кои имаат цел да убедат имаат подлога уште во античките говори. Преку овие говори кај слушателите треба да се наметнат определени ставови, мисли или убедувања кои претходно им биле непознати, неприфатени или неприфатливи. Ова може да се постигне преку разумот или емоциите. Преку употреба на аргументи, факти и докази се допира до разумот кај слушателите, а преку употреба на различни техники, до нивните чувства. Преку овие говори, исто така, често пати се поттикнува дејство кај слушателите, кои претходно веќе биле убедени во нешто. Политичарот ги повикува гласачите да гласаат за него, адвокатот ги повикува поротниците да гласаат во полза на неговиот клиент и сл.

Подготовката на говорот е финална фаза која следува по утврдување на предметот и целта на говорот. Таа зависи од видот на говор кој треба да се испорача, од личните својства на говорникот, како и од публиката пред која треба да се говори. Некому му

---

119 Lucas, E. Stephen. The Art of Public Speaking. Boston, Massachusetts, Mc Graw – Hill, 1998. p. 84.

е потребно кратко време за подготовка, а некои говорници изискуваат подолго време за подготовка на говорот. Демостен бил еден од оние кои посветувал долго време на подготовка на говор. Но, има и такви кои сметаат дека не им е потребна претходна подготовка. Подготовката на говорот во многу зависи од времето кое го имаме на располагање.

Откако ќе биде утврдено времето кое стои на располагање, треба да се пристапи кон критичко размислување за предметот на говорот. Користењето на сопственото знаење и искуство е најдобар патоказ за подготовка на говорот. Потоа, препорачливо е пристапување кон истражување на различни извори на информации поврзани со конкретниот предмет. Собраниот материјал треба методолошки да се обработи, а потоа да се издвојат корисните аргументи и примери кои ќе бидат искористени во говорот. Дополнително, доколку дозволува времето, при подготовка на говорот може да се спроведе и истражување или интервјуа со лица кои се упатени во предметот на говорот. Откако ќе бидат спроведени гореспомнатите постапки, може да се пристапи кон изработка на концепт на говорот.

Во основа постојат три вида на концепти. Еден концепт е говорникот да користи подготвен текст, кој го содржи целиот говор. Ова најчесто е одлика на почетниците кои го читаат целиот говор буквално. Овој начин на говорење ја одзема вредноста на говорот. Доколку како цел се постави убедувањето или повикот за дејство, тогаш со сигурност тоа нема да биде постигнато преку читање на говорот. Ова не се однесува на оние ситуации во кои говорот треба да биде прочитан, за да не се постигнат несакани последици. Такви се, на пример, изјави на високи официјални претставници на држави или организации, излагање на научна конференција на која се презентираат нови пронајдоци или информации, читање изјава на сведок или друго лице во судска постапка и слично. Исто така, можна е ситуација во која говорот е научен напамет. Ваквиот начин на излагање на говорот

често пати е механички, без да може да се демонстрира лична заложба или убедување. Ризикот при ваков настап е lapsus memoriae, односно заборавање на делови од текстот, по што навистина е тешко да се продолжи да се говори.

Кај говорниците-почетници е дозволено да го имаат целиот напишан говор пред себе. Тоа влева доверба кај нив. Но, препорачливо е пред таков настап да го проучат добро говорот и истиот да го извежбаат. Секако, меморирање на делови од текстот може да биде од корист. Не е препорачливо меморирање на целиот текст, затоа што таквите говорници не се добри оратори. Само со континуирана пракса може да се усоврши настапот и да се постигне целта – говорење преку подготовка, со обмислен предмет и дефинирана цел.

Вториот тип на концепти е свесно импровизирање во говорењето. Кај овој тип  говори, говорникот повторно мора сериозно да се подготвува за настапот, но со таа разлика што тој наместо цел говор, подготвува само главни поенти и мисли,  односно елементи на говорот, кои потоа лицето ги користи, но најчесто тоа публиката не го ни забележува. Најчесто говорникот ги користи првите реченици напишани, а потоа само го следи редоследот, без притоа да мора да се ослонува на тој материјал. Практично, говорникот го користи како помошно средство, еден вид потсетник при говорењето. Во него се наведени главните поенти и по некој аргумент за нив. На крајот на овој говор се изведуваат заклучни согледувања, кои треба да ја постигнат крајната цел. Кај овој концепт, говорникот има поголема слобода да воспостави контакт и интеракција со слушателите. На овој концепт му се забележува дека не е класична импровизација, затоа што, сепак, говорникот претходно се подготвувал и ја дефинирал мисловната рамка во која ќе се движи при говорењето. Овој говор во стручната литература се вика ex tempore – говорот настанува во моментот кога се изложува. Импровизацијата, сепак, постои, затоа што кај вака подготвен концепт, истиот говорник не е во можност буквално да го повтори говорот. Тоа во

пракса остава одличен впечаток кај слушателите, затоа што говорот изгледа поспонтан, а говорникотповешт, способен и полн со доверба.

Третиот вид концепти најчесто се користи кога говорникот има малку време за подготовка. Овој говор се нарекува impromptu, односно импровизиран говор. Препорачливо е и при ваквите ситуации, доколку има можност, да се направи минимален концепт, кој би послужил како поддршка при говорот. Во крајна линија, говорникот треба да размисли што треба да каже. Со тоа, тој креира мисловен концепт на говор.[120] Овде е важно добро да се обмисли првата воведна реченица, која треба да биде ударна. Исто така, препорачливо е да се потенцира главната порака, која е комплементарна со главната цел на говорот. И кај импровизираните говори може да дојде до lapsus memoriae. Во тој случај, поискусните говорници најчесто се навраќаат на дотогаш кажаното, со прераскажување на основните тези, не преку буквално повторување на истите. На тој начин говорникот добива дополнително време да размисли како да продолжи понатаму. Доколку и потоа тој не може да се сосредоточи, препорачливо е на духовит начин да признае дека има недостиг на меморија, да продолжи да импровизира, без да се доведе во ќор-сокак, да се обиде да го финализира говорот, да премине логично до заклучокот, да постави некое прашање кон присутните во публиката итн.

Во антиката имало различни мислења по однос на меморирањето на говорите. Во хеленската ораторска пракса, познато било меморирањето на говорите особено кај судските говори. Логографите пишувале судски говори, приспособени на својствата на говорникот, кој потоа ги меморирал и се обидувал буквално да ги изговори во судот. Секако, тоа често пати значело импровизирање при настапот. Платон бил противник на пишаните говори, не затоа што мислел дека

120 Станојевић, О. Аврамовић, С. Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 203.

тоа ќе ја намали оригиналноста во излагањето, туку затоа што говорникот ќе станел мрзлив и неспособен. Но, тоа не значи дека хеленските оратори не импровизирале. Се смета дека говорењето ex tempore било заводлива идеја за атињаните.[121] Квинтилијан, исто така, посветил посебно внимание на ова прашање. Тој не бил приврзаник на импровизираните говори и истите не ги ценел премногу, но бил свесен дека тоа е често пати можно во животот и затоа треба говорникот да биде подготвен за такво нешто. Затоа сметал дека „најголем плод на нашите студии и најголема наша награда за долготрајниот напор е способноста да се говори без подготовка".[122] Сепак, тој сметал дека „довербата во сопствените импровизаторски способности не смее да оди толку далеку, барем да не посветиме неколку минути на она (предметот, темата м.з.) за што сакаме да говориме".[123] Во римската ораторска пракса, говорниците често пати импровизирале, особено при говорење во сенатот или форумот. На тој начин тие добивале на оригиналност и непосредност. Тацит сметал дека „ако се држи долго подготвуван говор, уживањето како да добива на сериозност и самодоверба, исто како и беседата, но ако е во прашање нова и итна работа, тоа нема да помине без извесна возбуда".[124] Тој сметал дека напамет научените говори биле сложени, извештачени и неуверливи.

Импровизираните говори се доста чести во современата реторика. Многу често говорникот треба да одговори на некое прашање, да одговори на коментар, сугестија, вербален напад, во неочекувани ситуации да се обрати на публиката, во собранието, на политичка дебата или во суд. Во ваква ситуација говорникот мора да говори со импровизација. Во теоријата постојат низа совети, кои, секако, биле познати уште

121 Brown, Louise Hasel. Extemporary Speech in Antiquity. Chicago, Chicago University Press, 1914. p. 163.
122 Quintilian. Institutio oratoria. English transl. H.E. Butler. London, William Heinemann, 1920. p. X. 7. 1.
123 Ibid. X. 7. 20.
124 Тацит. Разговор о говорницима. Прев. Д. Невенић – Грабовац. Београд, 1969. стр. 19.

во антиката, а кои се применливи и денес. Препорачливо е говорникот да се сосредоточи на предметот, да говори едноставно, само за една до две идеи, да користи пример, повеќе да води сметка на главната порака или тема отколку на убавината на јазикот, освен ако не е способен да ги комбинира и двете. Најважно е во ваква ситуација говорникот да говори бавно, со што ќе добие дополнително време да размисли.

Прашањето на предметот, целта и подготовката на говорот се заокружува со вежбање на говорот. Кога има добро подготвен концепт, добро е говорникот да пристапи кон вежбање на подготвениот говор. Преку вежбањето говорникот не треба да го меморира говорот, туку да го подобри неговиот квалитет, затоа што на тој начин, преку самокритичност на кажаното може да се изродат нови и подобри идеи. Вежбањето на говорот, исто така, помага говорникот да провери дали е сè опфатено што се однесува до предметот и целта на говорот. Демостен поминал денови во практицирање на своите говори. Истото го правел и Цицерон. „Непрекинато ги слушав останатите, стремежот за красноречие сè посилно се разгоруваше кај мене, секојдневно пишував, читав, размислував, но не се задоволував само со ораторските примени“.[125]

За разлика од него, Квинтилијан на прашањето што е поважно: талентот или вежбањето, предност дава на талентот. „На неплодната земја нема да ѝ помогне ниту најдобриот земјоделец, додека, пак, плодната земја и без обработка може да даде некаков плод, но ако е во прашање навистина плодна земја, обработката ќе придонесе за уште поголема плодност“.[126] Сепак, Квинтилијан советувал дека е „подобро и сам пред себе да се говори, отколку да не се говори воопшто“.[127]

---

125 Cicero. Brutus. Transl. by G. L. Hendrickson. Harvard, Loeb Clasical Library, 1993. p. 86.

126 Quintilian. Institutio oratoria. English transl. H.E. Butler. London, William Heinemann, 1920. p. II 15, 3.

127 Ibid. X 7, 24.

## 1.4. Организациска поделба на говорот

Во минатото античките оратори воспоставиле свои системи на организациска поделба на говорите, која строго се почитувала. Тој вид на распоредување на материјата во говорот во денешно време сè повеќе се напушта и говорот во својата структура зависи од многу дополнителни околности, како што се: видот на говорот, аудиториумот, особеностите на говорникот, времето кое стои на располагање и многу други.

Античките оратори на големо се занимавале со ова прашање. Уште Коракс, еден од основоположниците на реториката, советувал говорот да има пет дела: вовед (proemium), излагање (narratio), докажување (probatio), побивање (refutatio) и заклучок (peroratio). Оваа поделба била карактеристична за судските говори, кои биле карактеристични за почетната фаза од развојот на реториката. Така, Аристотел сметал дека беседата треба да има задолжително два составни дела „затоа што прво треба да се каже предметот за кој ќе се говори, а потоа да се докажува". Првиот дел од овие два дела е изложување на предметот, а вториот е убедувањето, односно докажувањето. Освен овие задолжителни делови што се однесуваат на секоја беседа, говорот најчесто има уште два дела, вкупно четири: вовед, изложување, убедување/докажување и завршен дел/заклучок.[128]

Цицерон, пак, разработил шест дела на говорот: вовед (exordium), изложување/раскажување (narratio), преглед (partitio), докажување (confirmatio), побивање (reprehensio) и заклучок (conclusio). Квинтилијан, пак, смета дека говорот треба да има пет дела: вовед (prooemium/exordium), изложување (narratio), докажување (probatio), побивање (refutatio) и завршен дел (peroratio).

Ова разногласие владее и денес, затоа што секој автор смета дека говорот треба да биде составен од

128 Томовска, Весна. Античка реторика. Скопје, Магор, 2013. стр. 95.

различни елементи, давајќи предност на еден или на друг елемент. Сепак, со сигурност може да се каже дека говорот не може без два основни елемента, а тоа се вовед и заклучок, односно завршен дел. Разликите се доминантни во однос на тоа што се наоѓа помеѓу нив. Тоа е област во која треба да се најде клучен елемент кој треба да помогне на крајната цел на говорот, а тоа е убедувањето, односно докажувањето. Уште во антиката имало оратори кои ја напуштале традиционалната поделба на говорите. Така, Горгија, а особено Исеј, знаеле да започнат говор без вовед, влегувајќи веднаш во излагање или, пак, да направат испреплетување во нарација и изведување докази.[129] А вакви примери биле забележани и во римската реторика. Цицерон, во говор против Катилина започнал без вовед: „Та, до кога, Катилина, ќе го злоупотребуваш нашето трпение? До кога ќе нè предизвикуваш со своето насилство? До каде ќе оди твојата неконтролирана дрскост...? Зарем не гледаш дека твоите намери се откриени и дека твојата завера е спречена? Дали мислиш дека никој од нас не знае што правеше минатата и предминатата ноќ: каде беше, кого повика и што планираш?“[130]

Модерната реторика е релативно ослободена од строгиот формализам и организациска поделба на говорот која постоела во антиката. Дури во многу случаи говорникот располага со апсолутна слобода. Ако станува збор за кратки говори, најчесто тие се состојат од следниве делови: пример, поента и аргументи. Во теоријата често пати се говори за организирање на говорот, односно негова структура која треба да ги опфати следниве елементи: вовед, централен дел на говорот и заклучок.[131] Оваа поделба е најчеста, иако трпи некои модификации кои во основа се однесуваат на називот на делот.

---

129 Burtt, John. Minor Attic Orators. London, Cambridge, MA. 1973, p. 467.
130 Повеќе за Цицерон на стр. 122.
131 Lucas, E. Stephen. The Art of Public Speaking. Boston, Massachusetts, Mc Graw – Hill, 1998, p. 162. Исто и Verderber, R. F. Challenge of Effective Speaking. Belmont, CA. 1991. p. 73. и други.

**1.4.1. Вовед** (premium, exordium) е почеток на беседата. Со него се трасира патот на говорот. Аристотел сметал дека воведот во пригодните беседи може да се темели врз пофалби или прекорувања, врз некаков совет кој поттикнува или одвраќа или врз делови преземени од воведите на други говори, а кои претставуваат некакво обраќање. Кај судската беседа, воведот има задача да го претстави предметот и да објасни која е крајната цел поради која се кажува беседата. Кај политичките беседи помала е потребата од вовед, затоа што најчесто се знае за што ќе се говори, па на предметот не му треба претставување, освен поради самиот говорник или поради опонентите или за да не се добие впечаток дека предметот за кој ќе се говори не е важен. Аристотел сметал дека покрај овие причини, воведот е важен поради средената на говорот (организираноста), затоа што ако нема вовед, говорот личи на нешто составено без внимание и ред.[132]

Воведот е посветен на слушателите. Така, кај политичките говори воведот е насочен кон граѓаните, кон собранието, односно кон неговите членови, а во судските говори, тоа се судиите. Кај пригодните говори, публиката вообичаено не е дефинирана. Директното обраќање кон публиката има за цел да предизвика некакво чувство кај неа. Затоа, Цицерон сметал дека „воведот е говорење што на соодветен начин ќе ја подготви душата и умот на слушателот за следење на преостанатиот дел од беседата".[133]

Преку воведот, говорникот треба да го освои вниманието на аудиториумот, да го претстави предметот на дискусија и да ги подготви слушателите за целта која говорникот сака да ја постигне. Цицерон и Квинтилијан разликувале два вида на вовед: „почеток" (principium, prooemium) и „воведување/упатување"

132 Аристотел. Реторика. прев. од старогрчки Весна Томовска. Скопје, Македонска книга, 2002. стр. 328.

133 "Exordium est oratio animum auditoris idonee comparans ad reliquam dictionem". Cicero. Inv. 1.20. 1-2.

(insinuatio).[134] „Почетокот (principium) е јасно говорење што веднаш го прави слушателот благонаклонет или отворен за сознанија или внимателен. А, воведувањето (insinuatio) е говорење што некако со преправање и со заобиколување скришно се вовлекува во душата на слушателот".[135] Почетокот (principium) е, всушност, вистински вовед (exordium) затоа што е насочен кон исполнување на темелните обврски – слушателот да го направи благонаклонет (benevolus), внимателен (attentus) и отворен за нови сознанија, податоци, информации (docilis) според кои ќе може да донесе објективна пресуда или одлука. За разлика од „почетокот", кој претставува директен и јасен пристап кон слушателите, „воведувањето" е индиректно, нејасно и суптилно моделирање на ставот на слушателот, па оттаму овој вид насоченост кон слушателите има поточен назив во умилкување или додворување.[136]

За да може да се допре до вниманието на слушателите, за да се поттикне нивната љубопитност или за да се обезбеди нивната благонаклонетост, односно да се дојде до убедување на слушателите како крајна цел во говорот, тоа зависи или од предметот или од слушателите или од говорникот. А, тоа може да се постигне ако говорникот се обраќа директно до аудиториумот. Обраќањето до нив може да биде преку именување, барање внимание од слушателите, упатување на ораторски прашања, потенцирање дека говорот ќе биде краток, да се нагласи важноста на говорот или предметот за кој ќе се говори и сл. Ова особено може да се постигне ако на аудиториумот му се нагласи дека предметот за кој ќе се говори го засега и него.

Преку воведот, говорникот треба да направи обид да влијае на емоциите на слушателите и на тој начин да влијае на нивните убедувања. Но, треба да се има предвид дека поттикнувањето на слушателите не е

134 https://archive.org/details/institutioorator04quinuoft 4.1.42.
135 Томовска, Весна. Античка реторика. Скопје, Магор, 2013. стр. 102.
136 Томовска, Весна. Античка реторика. Скопје, Магор, 2013. стр. 102.

цел на говорникот само во воведот, туку кон тоа треба да се стреми во текот на целиот говор. Во воведот е нагласена потребата од градење релација помеѓу говорникот и слушателите, за да може да се постигне посакуваната цел. Значи, покрај поттикнување на интересот и вниманието кај слушателите и влијаењето на нивните емоции, со воведот треба да се претстави и предметот за кој ќе се говори, но и самиот говорник.[137] По однос на предметот, говорникот треба да се обиде добро, кратко и јасно да го образложи истиот. Тоа може да го направи со прашање (Цицерон – зошто не сакам мир?) или со силни и интересни искази, интересни извадоци и цитати од книги, писма, документи, закони, статистика и сл.

Како денес се прави вовед во говорот? Најчесто се предлага говорот да се отвори со некоја приказна, пример или зборови кои директно ќе ги засегнат слушателите и лично би ги поврзале со темата. Исто така, воведот може да се почне со укажување на значењето на предметот, ако се истакне некој проблем или се побуди љубопитноста кај аудиториумот. Воведот може да се почне со некоја досетка или, пак, со прашање. Се предлагаат и неколку дополнителни можни начини за воведување во говорот. Говорот може да се почне со некој цитат, наведување статистички податок, споделување лично искуство, повикување на чувствата на слушателите и сл. Некои автори сметаат дека преку воведот постојат седум можни начини да се придобие вниманието на слушателите: поставување прашање, подигнување на љубопитноста, стимулирање на нивната фантазија, ветување извесна корист, забавување на публиката, внесување енергија и давање комплимент на публиката.[138] Други автори, пак, биле и поинвентивни, креирајќи подолга листа на можни воведи: изнесете изненадувачки факт, поставете прашање, кажете шега, цитирајте, наведете пример, воспоставете врска со ситуацијата

137 http://wac.colostate.edu/books/lauer_invention/history.pdf
138 George L. Grice, John F. Skinner. Mastering Public Speaking. SA, Pearson, 2013. p. 179.

за која се говори, кажете некој историски настан, кажете некоја пофалба за слушателите, направете неочекуван пресврт или истакнете го значењето на темата.[139]

Како не треба да се прави вовед? Добра поука е да не се користи еден ист или сличен вовед за различни говори или истиот да се повторува повеќе пати. Стереотипните воведи, исто така, не се препорачливи. Како стереотипни воведи можеме да ги наречеме воведите кои се еднообразни. Примери за вакви воведи се започнување на говори со именување на присутните (почитувани), искажување на скромност во воведот, кои биле актуелни особено во античките говори а карактеристични за софистите („јас не сум добар говорник, но, сепак, ќе се обидам...“ или „ја прифатив оваа задача“), вовед со пофалба упатена кон некого („ми претставува чест и задоволство да говорам денес пред вас“ и сл.). Тука може да се додадат и претенциозните воведи, каде говорникот најчесто настапува кон публиката од позиција на авторитет. Уште во антиката било посочувано дека воведот не треба да биде долг. Истото важи и денес.

Важно е, исто така, говорникот да претстави јасна слика дека е дојден до крај на воведот и дека потоа следува раскажувањето, односно изложувањето.

**1.4.2. Изложувањето, односно раскажувањето** претставува најобемен дел од говорот. За разлика од воведот и заклучокот, кај кои говорникот најчесто ги поттикнува емоциите кај публиката, во овој дел тој се обраќа на разумот кај слушателите. Затоа се смета дека изложувањето треба да се подели на неколку делови, кои во основа може да се групираат во две категории: изложување на предметот и докажување.

139 Станојевић, О. Аврамовић, С. Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 218.

Оваа класификација е извршена уште во антиката, иако и денес, како и тогаш, постојат дилеми дали треба да има една целина помеѓу воведот и заклучокот (изложување) или, пак, таа треба да биде поделена на неколку одделни делови. Кај Хелените, најчесто овој дел бил една целина означена како изложување. Ваквото категоризирање е присутно и кај Аристотел. Кај римските оратори, ова прашање е малку пошироко разработено. Просторот во беседата помеѓу воведот и докажувањето е исполнет со содржини што можат да се сегментираат во неколку различни низи: 1. narratio – propositio, 2. narratio – propositio – divisio/partitio, 3. narratio – divisio/partitio (+propositio).[140] (1. раскажување – исказ, 2. раскажување – исказ – поделба, 3. раскажување – поделба (+предлог)).

Изложувањето или претставувањето на проблемот може да се направи на најразлични начини. Еден од најчестите и најзастапените начини во теоријата е разделување на составот на предметот и изнесување на различни ставови за него (divisio, partitio, amplificatio), а потоа преку докажување и побивање на спротивните ставови (confirmatio, refutatio) да се дојде до финалето, односно до заклучоците. Соопштувањето на фактите може да се движи во два правца: од општи кон посебни или обратно, од посебни кон општи. Претставување на предметот кај изложувањето може да биде хронолошко, причинско-последично, од познатите кон непознатите факти итн.[141] Сепак, еден антички начин на изложување можеби е најсеопфатен и најпрецизен. Цицерон и Квинтилијан сметале дека најефектен начин на изложување е следниот: "quis, quid, cur, ubi, quando, quemadmodo, quibus adminiculis", односно – кој, што, зошто, каде, кога, како, со чија помош.[142]

Објаснувањето може да се врши со помош на дефиниции или толкувања, описно објаснување, наве-

---

140 Томовска, Весна. Античка реторика. Скопје, Магор, 2013. стр. 109.

141 Jo, Sprague & Douglas, Stuart. The Speakers Handbook. Boston, MA, Wadsworth Cengage Learning, 2010. p. 96.

142 Ciceron. De inventione. I, 21.: Quintilian. Institutio Oratoria. IV, 2, 55.

дување примери, паралели, класификации, согледување на некои прашања според области (право, политика, економија и сл.) и др. Овој дел од говорот, сепак, иако е најдолг не треба да се раслои до недоглед. Изложувањето треба да се фокусира само на најважните поенти. Голем број на поенти или податоци можат да го дефокусираат вниманието од главната цел или предметот на говорот. Исто така, тие го намалуваат вниманието кај публиката и го оддалечуваат вниманието од главната мисла. Исто така, изложувањето треба да биде со јасен и впечатлив јазик, искажан во неколку идеи и аргументи.

Добра разработка на прашањето на изложувањето дал и Аристотел, а таа е речиси целосно применлива и денес. Изложувањето на предметот не треба да биде ниту брзо, ниту опширно, туку умерено. Умереноста значи доволно време колку што е потребно за да се изложи предметот. Исто така, изложувањето треба да изразува некаков карактер и да се темели врз некакви чувства. Според него, изложувањето на предметот може да се изостави во пригодните говори, а доколку е присутно, тоа треба да се прави во низа, а не на делови. Изоставувањето на изложувањето особено може да важи кога предметот за кој се говори (пофалба или критика) е добро позната личност или се добро познати нејзините дела.

Изложување речиси и да нема во политичките говори, затоа што раскажувањето се однесува на веќе случени настани, а советодавните говори се однесуваат на идни нешта. Тоа, сепак, не значи дека во политичките говори не може да се говори за минати настани, кои би се искористиле за да ги потсетат слушателите на она што некогаш се случило, за да може да решаваат за идните нешта.

**1.4.3. Докажувањето (аргументирање)** е еден од посложените процеси во подготовката на говорот. Најнапред да дадеме објаснување што е аргумент? Аргумент е обид да се потврди определен заклучок. Потврдувањето треба да биде доволно силно и увер-

ливо за да ги убеди останатите дека заклучокот е исправен. Од што се состои аргументот? Секој аргумент се состои од премиса и заклучок. Премисите се партикуларни изјави кои обезбедуваат причина или доказ што го поткрепуваат заклучокот. Заклучокот е, се разбира, позицијата за која се дискутира, односно која сакаме да ја наметнеме.[143]

Од внимателниот избор на аргументите зависи и успехот на говорот. Колку се тие посилни и поуверливи, толку е поверојатно дека говорникот ќе успее да стигне до својата цел, убедување на аудиториумот. Некаде овој елемент од говорот се нарекува и убедување. Овој термин го користел Аристотел. Некои оратори, пак, место убедување ги употребувале термините докажување и побивање (Квинтилијан – probatio, refutatio и Цицерон – confirmatio, reprehensio). Едно е сигурно, дека убедувањето е крајна цел на реториката. Тоа е потврдено и со низа дефиниции за реториката.

По однос на убедувањата, Аристотел сметал дека тие треба да бидат докажувачки, а докажувањата треба да бидат насочени кон четири прашања: 1. дали нешто се случило или не, 2. дали е штетно или не, 3. дали е значајно или не и 4. дали е праведно или не?

Аристотел сметал дека при убедувањето треба да се користат изреки. Побивањето на противникот го сметал за вид, односно начин на убедување. Говорникот треба најнапред да ги изложи своите убедувања, а потоа да ги посочи аргументите на противникот, побивајќи ги или однапред обессилувајќи ги. Оној кој реплицира на говорот на противникот најнапред треба да ги посочи своите аргументи против говорот на противникот, особено ако биле добро прифатени од слушателите. А, тоа се постигнува или со побивање на сите аргументи на противникот или на најважните или на најпрепознатливите аргументи или на оние

143 Skene, Allyson. Constructing a Logical Argument. Toronto, University of Toronto, 2004. p. 1.

што можат најлесно да се побијат, па на тој начин она што се кажува да стане убедливо.

Во римската реторика, исто како во хеленската реторика, крајна цел е убедувањето. Цицерон сметал дека крајна цел на реториката е да убеди (persuadere), а задача на говорникот (officium oratoris) е да говори убедливо (ad persuadendum dicere).[144] Убедувањето (persuadere) сфатено како стратегија за насочено влијание врз слушателите заради моделирање на нивниот интелектуален став и заради донесувањето одлука во полза на онаа страна што ја застапува говорникот, има неколку подрачја на остварување: 1. проучување (docere) или образложување (probare), 2. разонодување (delectare) или придобивање (conciliare) и 3. емоционално поттикнување, раздвижување (movere, flectare).[145]

Многу автори сметаат дека докажувањето е можеби најважен дел од говорот. Говорникот не смее да користи сопствени убедувања или верувања како доказ. Исто така, говорникот не треба да смета на сопствениот авторитет како аргумент. Тој не смее да се ослони на уверување дека некој аргумент е очигледен, ниту да користи фрази и изреки кои отсликуваат таков впечаток („како што е општо познато").[146]

Многу е важно не само обезбедување доволен број докази, туку и како тие ќе бидат подредени. Ако силен аргумент биде неправилно искористен, тогаш тој како да не постои.[147] Аргументите може да се подредуваат во правец од најслабиот кон најсилниот или обратно, од најсилниот кон најслабиот. По однос на прашањето кој пристап да се користи, во теоријата постои несогласување. Едни сметаат дека првиот впечаток е најважен и затоа треба да се почне со ударен аргумент. Други, пак, сметаат дека најважен е финалниот

---

144 Томовска, Весна. Античка реторика. Скопје, Магор, 2013. стр. 124.
145 Ibid
146 Lode, Eric. Slippery Slope Arguments and Legal Reasoning. California, California Law Review, 1999, p. 1480.
147 Saunders, M. Kurt. Law as Rhetoric, Rhetoric as Argument. Journal of Legal Education. Los Angeles, CA. 1994. p. 29.

потег, односно најсилниот аргумент да биде оставен за крај. Но, исто така, се препорачува да не се упадне во замки во завршното аргументирање, нешто што може да направи штета на говорникот, а како такви се сметаат давањето несоодветно толкување на правото или погрешно правно квалификување, да се критикува законот (правото) или судските процедури, погрешно да се толкуваат доказите, да се искажуваат лични ставови, да се изнесуваат предрасуди, страсти или симпатии и сл.[148] Исто така, аргументите може да се подредуваат хронолошки. Може да се заклучи дека не постои универзален модел на распоредување на аргументите.

Прашањето за теоријата на аргументацијата е широко разработено. Во теоријата најголем придонес дале Стефан Толмин, Хајм Перелман, Јирген Хабермен, Нил МакКормак, Роберт Алекси, Аулис Арнио, Александар Печеник, Франс ван Емерен, Роб Гротендорст и др. Ова прашање добило посебен третман во теоријата, затоа што аргументацијата игра значајна улога во реториката. Зависно од тоа како ќе биде претставен предметот во говорот и каква аргументација ќе биде понудена, таков ќе биде исходот од тој спор. Постојат и различни дефиниции за аргументацијата. Така, Перелман смета дека „аргументацијата е определена како комплекс од дискурзивни техники кои овозможуваат да се интензивира или да се предизвика приклонување на личностите кон тезите кои им се презентираат за прифаќање“.[149] Во оваа дефиниција на Перелман се нагласува јазикот како средство и аргументација, аудиториумот кон кој е упатена и степенот на прифаќање на тезите од страна на аудиториумот како критериум за нејзината ефикасност и успешност. Врската помеѓу реториката и аргументацијата може да се забележи и во дефиницијата на Оливие Ребул, кој истата ја смета за „метод

148 Ronzetti, Tucker. Humphreys, L. Janet. Avoiding Pitfalls in Closing Arguments. Florida, The Florida Bar Journal, 2003. p. 37 – 38.

149 Perelman, Chaim. Traite de l'argumentation – La nouvelle rhetorique. Bruxelles, Universite de Bruxelles, 1970. p. 5.

на истражување и докажување...“. Тој го дефинира терминот аргументација преку пет одлики: 1. таа секогаш се обраќа на некој аудиториум, 2. таа се изразува низ медиумот на природниот аудиториум, 3. нејзините премиси се веројатни, а не нужно вистинити, 4. начинот на нејзино развивање зависи од говорникот и 5. нејзините заклучоци се секогаш подложни на оспорување.[150]

Интересна дефиниција на аргументацијата даваат претставниците на Амстердамската школа, Емерен, Хротендорст и Краухер. Според нив, „Аргументацијата претставува социјална, интелектуална вербална активност со цел да се оправда или да се побие некое мнение, составена од констелација на искази и насочена кон добивање согласност од некој аудиториум“.[151] На оваа дефиниција може да се надоврзе и дефиницијата на Планер: „Аргументацијата претставува дејство преку кое говорникот настојува со помош на јазични средства да го трансформира системот на верувања на својот соговорник“. Неговата реторичка дефиниција на аргументацијата гласи: „Аргументацијата претставува дискурзивна операција преку која говорникот настојува да влијае врз својата публика“.[152]

Од гореизесеното може да се констатира дека не постои една стандардизирана дефиниција на аргументацијата. Со овие дефиниции се воспоставени определени аргументациски модели кои прават аргументацијата да стане појасна.

**1.4.4. Заклучокот**, исто така, е доста важен дел во говорот. Не случајно со векови опстојува изреката „finis coronat opus“ – „крајот го краси делото“. Случајно или не, Аристотел делото „Реторика“ го завршува со оваа тема. Сметал дека епилогот (заклучокот) треба да

150 Reboul, Olivier. Introduction a la Rhetorique. Paris, P.U.F., 1994. p. 99.
151 Димишковска, Трајаноска Ана. Прагматиката и теоријата на аргументацијата. Скопје, Ѓурѓа, 2001. стр. 105.
152 Ibid.

исполни четири задачи: 1. кај слушателот да поттикне добро расположение кон говорникот а лошо кон противникот, 2. нешто да засили, нешто да намали, 3. да разбуди определени чувства кај слушателот и 4. да направи преглед на кажаното. Откако ќе биде потврдено дека говорникот е во право а противникот греши, разбирливо е говорникот да се фали а противникот да се обвинува и да се даде завршен облик.[153] Аристотел сугерирал дека со заклучокот треба да се настојува на следниве две нешта: од една страна, да се покаже дека говорникот е добар или за слушателите или апсолутно, а, од друга страна, да се покаже дека противникот е лош или за слушателите или апсолутно.

Понатаму, Аристотел заклучува дека епилогот треба да започне со изјава дека тоа што било ветено во воведот е исполнето. Аристотел предложил прегледот на аргументите да се спореди со аргументите на противникот или со иронија или преку поставување прашања. „На крајот од говорот прилега да не се употребуваат сврзници, за да не се претвори епилогот во говор", констатирал Аристотел.[154]

Квинтилијан сметал дека заклучокот има двојна задача: да потсети на веќе кажаното и да го моделира емоционалниот статус на слушателите, со што се прави последен обид да се влијае на ставот и на пресудата на слушателите. Ова особено било важно кај советодавните говори, преку кои треба да се донесе одлука за идни настани. Двојната задача на завршниот дел од беседата е позиционирана во две подрачја на дискурзивната комуникација, во предметот (in rebus) и во чувствата (in affectibus). Цицерон сметал дека кај заклучокот треба да се направи тројна поделба: набројување (enumeratio), разгневување (indignatio) и освојување (conquestio). Во првиот дел од заклучокот се потсетува на кажаното и се сумираат доказите. Во вториот дел се подгреваат чувствата на слушате-

153 Аристотел. Реторика. прев. од старогрчки Весна Томовска. Скопје, Македонска книга, 2002. стр. 353.

154 Ibid.

лите во негативна насока кон противникот, односно кон спротивната страна и буквално се разгневуваат. Во третиот дел се истакнува стекнатата благонаклонетост на слушателите за позицијата што ја застапува говорникот освоена со поттикнати чувства на сочувство и сожалување.[155]

Правилата и препораките на античките оратори се применливи и во современата реторика. Покрај нив, може да се дополнат уште неколку идеи и укажувања. Во заклучниот дел од говорот може да се користат реторички прашања, на кои говорникот треба да даде одговори. Овие прашања е пожелно да бидат поврзани со аргументите. На крајот, говорот може да се заврши со некој цитат или мисла на познат автор, сентенција, духовитост или повторување на првата реченица од говорот, која била употребена во воведот.

Се препорачува заклучокот да биде краток, да биде драматичен или психолошки.[156] Исто така, се предлага заклучокот да содржи предизвик за слушателите.[157] Препораката заклучокот да биде краток е, пред сè, последица на намаленото времетраење на говорите во современата реторика, како и потребата од фокусирање на клучните аргументи. Советот, заклучокот да биде драматичен или психолошки претставува еден вид на модификација на искуствата на римските оратори кои повикувале заклучокот да ги разгневи и да ги освои слушателите. Овие чувства се можни само преку добро познавање на психологијата на аудиториумот, нешто што е многу детаљно разработено од Аристотел во делото „Реторика". Предлогот заклучокот да содржи предизвик за слушателите, исто така, произлегува од претходното образложение, кое би значело константно задржување на вниманието кај публиката, преку пролонгирана тензија, која во заклучокот би достигнала кулминација.

155 Томовска, Весна. Античка реторика. Скопје, Магор, 2013. стр. 146.
156 Lucas, E. Stephen. The Art of Public Speaking. Boston, Massachusetts, Mc Graw – Hill, 1998. p. 176.
157 Samovar, A. Larry, Mills, John. Oral communication: Speaking across cultures (10th ed.). Boston, MA, McGraw-Hill, 1998. p. 202.

На крајот на заклучокот говорникот треба да поентира со финално изложување на пораката на јасен и ефективен начин. Со тоа треба да се отстранат сите дилеми кај слушателите. Во заклучниот дел од говорот, говорникот треба да се обрати до разумот и емоциите на публиката.[158] Тоа може да се направи на неколку начини: преку предизвикувачко прашање („Дали сакате и понатаму да ја трпите таа неправда?"), силно тврдење („И затоа, сега одлучно пред вас изјавувам, го распуштам парламентот" – О. Кромвел, 1655 г.), сеќавања на впечатлив пример („Имајте предвид дека во вас тече света крвта на некоја голема личност од минатото"), предвидување („Да го сториме тоа сега, инаку ќе не чека тешка иднина") итн. Исто така, завршниот дел може да се заврши со една реченица – парола (Судете му! Така треба! И сл.) или со сензитивна мисла после возбудлива перорација, како што тоа го правел Цицерон: „Овде мора да завршам. Од солзите не можам повеќе да говорам".[159]

Како не треба да изгледа заклучокот? Тој, секако, не треба да биде неинвентивен („Тоа би било сè што сакав да кажам") или, пак, говорникот да дели извинување (за говорот, за соопштените мисли и сл.). Оценката за говорот ја даваат слушателите. Не е умесно и препорачливо тоа сам да го стори говорникот, особено не на крајот од говорот. Таквите изјави се одраз на неискуство или, пак, на голема трема, односно тензија кај говорникот. Со таков начин на завршување на говорот слушателите наместо да се предадат на разумот и емоциите, ќе се насочат кон говорникот, прашање кое треба да биде расчистено уште во воведот. Заклучокот, односно крајот на говорот треба да дојде природно и очекувано. Непријатно е и за говорникот и за публиката доколку тоа не можат да го доживеат и финалето настапи неочекувано. Исто така, говорникот во заклучокот не треба

158 Graver, Hans Peter. Sense and Sensibility – Classic Rhetoric as a Model for Modern Legal Thinking. Stockholm, Scandinavian Studies in Law, 2012. p. 239.

159 Станојевић, О. Аврамовић, С. Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 226.

да добие инспирација за нови идеи кои претходно воопшто не биле предмет на разработка во говорот, ниту преку предметот ниту во аргументите.

### 1.5. Стилови на говор

Дали еден говор ќе биде успешен подеднакво зависи не само од тоа што ќе биде кажано, туку и како ќе биде кажано. По однос на прашањето како ќе биде нешто кажано, важно е говорникот да има изградено говорнички стил. Говорникот може да ги познава сите правила на реториката, но тие нема да му бидат од голема корист доколку тој нема развиен говорнички стил. Стилот на говорот е индивидуална карактеристика на човекот, но, сепак, постојат некои универзални особености. Иако прашањето за стиловите на говори припаѓа на една друга дисциплина, стилистиката, сепак, заслужува посебно внимание.

Во антиката едно од првите прашања кои биле разработени во врска со стилот е прашањето за усниот или писмениот стил. Квинтилијан сметал дека не постои разлика помеѓу усниот и писмениот стил и дека исти правила важат и за двата стила. Ваквиот став на Квинтилијан најверојатно бил инспириран од формален аспект, имајќи предвид дека за него било важно запазување на три елементи кај усниот и писмен говор (текст): правилен јазик, јасност и убавина. Секако, тој во целост во својата теоретска разработка на прашањата од областа на реториката се ослонува на усниот говор. Несомнено, кога говориме за стил на говорење, треба да се задржиме на усниот говор. Тоа треба да се прави поради следните причини: усниот стил е директен и личен, за разлика од пишаниот кој е индиректен. Можеби најдобра илустрација дава Платон, во дијалогот „Федар", кој смета дека „пишаниот говор личи на слика, а таа ти се чини како да е жива. Но, ако ја прашаш што било, таа секогаш достоинствено молчи".[160] Кај усните говори, за разлика од пишаните,

160 Платон. Федар. превод на српски Милош Ђурић. Београд, Култура, 1970. стр. 175.

постои визуелизација. Пишаниот говор може само да се чита, а усниот, пак, се слуша и гледа. Кај усниот говор доаѓаат до израз некои особености на говорникот, како што се: гестикулации, глас, тон, боја, ритам и др., кои влијаат на убедувањето на публиката. Усниот говор допира до емоциите, а пишаниот до разумот. Секако, ова треба да се сфати условно, ако се има предвид дека и пишаниот говор може да допре до емоциите, а усниот до разумот.

Второто прашање кое побудило интерес е за видот на стиловите. Основна поделба на стиловите е следната: постојат говори кои се едноставни, збиени и содржајни и биле нарекувани „атички" и говори кои се накитени и разводнети и биле нарекувани „азијански". На средина од овие два постоел и трет вид на говорнички стил кој се нарекувал „родоски", а кој се наоѓа помеѓу „атичкиот" и „азијанскиот". Дефинирањето на говорничкиот стил им го должиме на хеленските оратори. Но, тоа прашање заземало важно место и кај римските оратори.

Во делото „За ораторот", Цицерон прави осврт на прашањето за стилот на кој треба да се говори. Имено, сметал дека при говорењето треба да се избере стил кој ќе го задржува вниманието на слушателите и кој нема само да ги шармира, туку ќе ги шармира а нема да ги засити. Сметал дека во говорењето треба да се користи умерен, среден стил.

Квинтилијан констатирал дека постојат различни стилови, а предност дал на „атичкиот" стил. Дополнително како критериум според кој ги дели стиловите е силата на емоциите. Начинот на кој говорникот се обраќа на аудиториумот може да биде со благ и едноставен стил (genus subtile), кој се користи кога се изложуваат  предметот, факти и докази. Тој бара остроумност. Негова задача е да поучува, а доблест му е јасноста. Го навел Менелај како пример за говорник кој практикувал ваков јазичен стил. Средниот стил (genus medium) се нарекува и цветен (genus floridum), Квинитлијан го споредува со бистра река

која тече покрај брегови обраснати со зелена шума – тој служи да се придобијат слушателите, да се забавуваат, а од говорникот се очекува благост. Треба да се користат дигресии, метафори, изреки и сето тоа да се изведе спокојно, без брзање. Според Квинтилијан, овој стил одговарал за советодавните говори. Според него, најдобар пример за ваков говорник е Хомеровиот Нестор. Високиот или силен стил (stilus grande atque robustum) бара сила и емоции и е наменет да поттикне чувства кај слушателите. Тој стил бара употреба на хиперболи, силен глас и гестикулации. Овој стил е соодветен за пригодни беседи, но може да се користи и во судски и советодавни говори. Како пример за ваков говорник тој го смета Одисеј кај Хомер.

Кој стил е препорачлив денес? Одговорот се движи помеѓу „атичкиот" стил, кој бара јасен, прецизен, едноставен и разбирлив стил на говорење, и „умерениот", кој дозволува употреба на некои елементи од „азијанскиот" стил, како што се малку поширока разработка на предметот на говорот и по некој додаток, кој ќе придонесе говорот да плени. Класичниот „азијански" стил би бил тешко прифатлив за денешната публика. Денес слушателите немаат време за предолги говори, ниту, пак, сакаат премногу уметност и накитеност во говорите. Говорот треба да биде доволно јасен, прецизен и едноставен за да може секој слушател да го разбере.

## 2. ПОЛИТИЧКА РЕТОРИКА

**Политичката (делиберативна) реторика** потекнува од зборот delibero, deliberare – да се советува, одлучува. Иако се смета дека прва настанала судската реторика, сепак, треба да се разгледа со сериозност прашањето кое говорништво е постаро, дали судското или политичкото? Голема е веројатноста првите говори, сепак, да биле политички. Оваа претпоставка можеме да ја аргументираме на следниот начин: политичката реторика опфаќа поширок опсег на прашања кои засегаат голем број на луѓе, а понекогаш дури и судбината на еден народ или држа-

ва. Исто така, неслучајно и Аристотел во своите разработки на оваа тема на прво место ја става политичката реторика. Самата цел на политичката реторика е дефинирана како општо добро. За разлика од тоа, кај судските говор опфатот е потесен, само определен број на луѓе, а со тоа и целта на судската реторика е да определи што е добро а што лошо, што е праведно а што неправедно. Опфатот е далеку потесен, освен во судски спорови од општ интерес.

Политичката реторика е вид  реторика која има за цел убедување на помал или поголем број  луѓе во исправноста или неисправноста на некој став или идеја која има политички карактер. Според Аристотел, задача на политичкиот говор е да советува, да наговара или да одвраќа, а целта на овој вид на говор е да ги убеди луѓето во тоа што е корисно, а што штетно.[161] Аристотел определил пет области, односно теми кај политичката реторика за кои сметал дека говорникот треба да дава совети: проток на средства, војна и мир, одбрана на земјата, увоз и извоз и законодавство. За да може говорникот да советува за  која било тема, тој сметал дека треба да има познавање за определени состојби и тоа не само во сопствената земја туку и во другите, а особено во соседните.[162] Прифаќајќи ја Аристотеловата логика, Бранислав Нушиќ, во неговото дело „Реторика", определил дека политичкиот говорник треба да има познавања од следните области: историјата на својот народ, минатото на другите народи, треба да биде наоружан со знаење за народна економија, државно и меѓународно право и над сè вистински да го познава сопствениот народ, неговите околности, неговите добри и лоши особини, обичаи и начин на живот.[163] Морис Угарди сметал дека особеност на политичката реторика е нејзината актуелност и поврзаност со моментални случувања на кои говорникот реаги-

161 Аристотел. Реторика.  прев. од старогрчки Весна Томовска. Скопје, Македонска книга, 2002. стр. 38.

162 Аристотел. Реторика.  прев. од старогрчки Весна Томовска. Скопје, Македонска книга, 2002. стр. 44.

163 Нушић, Бранислав.  Реторика. Наука о беседништву.  Београд, 1938. стр. 144.

ра.[164] Која е смислата на политичката реторика? Пењон сметал дека улогата на политичката елоквенција се состои во тоа да се придобијат екстремните колебливци од партиите, дисидентите и неодлучните.[165]

Овој вид на говори може да се користи во парламент, на јавни настапи, политички собири, дебати, дискусии во парламенти, за носење закони или одлуки, за прашањата за војна или мир итн. Политичките говори се во директна релација со демократијата и слободата на изразувањето. Во демократијата секој може да се изрази и спротивстави. А, говорот е едно од најмоќните политички орудија. Историјата оставила голема архива на прочуени и моќни политички говори.

Кај политичката реторика, доколку ја следиме истата логика како кај општата реторика, треба да бидат идентификувани следниве елементи: говорник, слушатели и говор. Преку политичките говори се креира јавното мислење, кое, пак, е пресудно при носење на политичките одлуки.

## 2.1. Говорникот како елемент на политичката реторика

Говорникот е една од особеностите на политичката реторика. Постојат примери каде што од говорникот настанале и трајни манифестации и појави кои се познати и денес: христијанството, будизмот и муслиманството ги добиле своите називи по своите основоположници, Ленин е синоним за Октомвриската револуција, Хитлер за фашизмот, Маркс за политичката економија, Сталин за диктатура итн. Овие лица биле политички лидери кои преку улогата на говорници ја издигнале својата личност на ниво на култ. Тука се надоврзува и дилемата дали историските моменти создаваат лидери или, пак, лидерите создаваат историја? Лидерите најчесто важат за големи говорници.

---

164 Hougardy, Maurice. La parole en public. Paris, Scientifiques et litteraires, 1946. p. 169.

165 Paignon, Eugene. Eloquence et improvisation. Art de la parole oratoire. Paris, Hachette BNF, 1854. p. 215.

Политичката реторика создава политички оратори кои може да бидат: обични водачи или лидери. За обични водачи се сметаат оние кои се на чело на некое движење, партија или држава, но кои ги немаат квалитетите на лидер. Тие може да бидат и мудри, храбри и чесни, но, сепак, ги немаат сите особини на лидер. Лидерите имаат некои заеднички особини: изглед, одлучност и сугестибилност, храброст, способност за упростено изразување и сл. Изгледот е важен кај секој говорник. Тоа не значи дека тој треба да биде висок по раст, затоа што историјата познава многу одлични политички оратори со низок раст (Октавијан Август, Наполеон и др.). Од лидерот се бара да има некои посебни карактеристики кои ќе го разликуваат од профилот на обичниот човек. Тој треба да изгледа здраво, одлучно, опуштено, а народот да се идентификува со него. Лидерот треба да биде како хиена и да може да се приспособува на сите промени, особено ако планира подолго време да биде во врвот на политиката. Тој преку своите говори треба да ја зоврие крвта кај слушателите, а да влијае на нивниот разум. Лидерот треба преку говорот поразот да го претвори во победа. Лидерот со говорот треба да направи граѓаните да се чувствуваат важни, да ги минимизира нивните грижи и стравови, а да ја поткрене надежта. Лидерот преку говорите ќе создаде перцепција за харизматична личност.[166]

Ако тргнеме од општоприфатената дефиниција на реториката како вештина за убедување, целта на политичките говорници за време на предизборната кампања е да ги убедат гласачите да го заокружат нивниот број на денот на изборите. Станува збор за мотивациски говор кој треба да ги увери слушателите и да ја предизвика посакуваната акција.[167]

166 Станојевић, О. Аврамовић, С. Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 263 - 268.

167 Блажевска, Даниела. Политичкото говорништво – од идеја до презентација. Зборник во чест на Георги Ганзовски. Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први", 2010. стр. 376.

## 2.2. Аудиториумот кај политичката реторика

Вториот елемент е аудиториумот. Кај политичката реторика аудиториумот е на пиедесталот. Може да се каже дека кај овој вид реторика, аудиториумот е од поголемо значење отколку кај другите видови реторика. Само говорникот што ја познава својата публика може да воспостави одлична комуникација со неа. Освен тоа што говорникот треба да ја идентификува својата публика, мора да знае со какво ниво на знаење за конкретната тема таа располага. Целта е да биде разбрана идејата.[168]

Еден од најважните сегменти кај политичката реторика е јавното мислење. Јавното мислење претставува еден вид општа волја на граѓаните. Тоа настанува преку политичките говори, а овие, пак, се пренесуваат преку директни форми на комуникација или, пак, индиректно, преку пропаганда, медиуми и сл. Во теоријата се спомнуваат два вида политички аудиториуми: класичен и дифузен. Класичниот аудиториум е истражуван од Густав ле Бон, француски теоретичар, кој во делото „Психологија на масата" (The Crowd: A Study of the Popular Mind) врз основа на примери од римската историја и ренесансна Италија дошол до заклучоци како да се освои и да се задржи политичката власт. Тој извршил анализа и разработка на прашања поврзани со карактеристиките на масата. Притоа за маса мисли на народот во својство на слушател, односно пасивна средина во политичката комуникација. Според Ле Бон, постои разлика во психологијата на поединецот и психологијата на масата. Групата е несвесна, неспособна да размислува, туку способна да дејствува.

Општи карактеристики на масата се: душевно, односно психолошко единство, односно масата е составена од различни луѓе, но со исти чувства. Под дејство на околината, а, пред сè, водени од говорот

168 Блажевска, Даниела. Политичкото говорништво – од идеја до презентација. Зборник во чест на Георги Ганзовски. Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први", 2010. стр. 379.

на говорникот, аморфниот збир се трансформира во суштество со посебна, колективна свест. Потоа, масата е импулсивна, иритирана и подвижна – таа често пати под дејство на говорот на политичкиот говорник се однесува како хипнотизиран човек. Масата е сугестибилна, констатира Ле Бон. Оваа карактеристика е поврзана со претходната. Дури и лица со висок капацитет се подложни на сугерирано однесување или дејствување под дејство на говорот. Исто така, масата е нетолерантна. На работите гледа со црно или бело. Доколку кој било ги оспорува идеологијата или политиките, тогаш постои склоност на агресија кај масата. Дополнително, постои врска помеѓу масата и моралот. Има разлики, смета Ле Бон, помеѓу моралот на поединецот и моралот на масата. Масата е подготвена да направи нешто за што никогаш не би се одлучиле индивидуално. Масата е неспособна за рационално размислување и одлучување и постои сериозен недостиг на критичко расудување.[169] Во основа, оваа анализа е сеопфатна и вистинита. Но, постојат и некои недостатоци. Сепак, ова се само дел, доминантно негативни карактеристики на масата, која авторот ја нарекува „психологија на масата". Гледано од друг аспект, големите промени во општествата не би биле можни без масата и нејзиниот колективен дух и дејство. Секако, не треба да се заборави улогата на говорникот и говорот, кои служат како кислород за организмот (аудиториумот) да дише со полн капацитет.

Собирите од стариот вид, во кои биле испорачувани говори, секако, постојат и денес. Но, многу од тогаш до сега е изменето. Современите средства за комуникација придонесоа за промена во делот на публиката, односно за појава на нова психологија на масата. Прашањето за таканаречен „дифузен аудиториум", исто така, е детаљно разработувано во теоријата. Денес публиката поретко е присутна на едно место на кое се испорачува политички говор. Тоа најчесто се врши преку традиционалните и новите меди-

169 http://socserv2.socsci.mcmaster.ca/~econ/ugcm/3ll3/lebon/Crowds.pdf

уми. Тоа до некаде го оспорува учењето на Ле Бон во однос на психологијата на масата. Но, сепак, денес постои една поразлична публика која повторно е дел од маса. Свесно или не, ние сме постојано информирани за сите политички и општествени случувања. Со тоа, ние сме дел од аудиториумот. Таквата достапност до информации придонесува за градење на јавното мислење. Може со сигурност да се каже дека дифузната публика е дури и повеќе изложена на достапност до информации, вклучително и говори, преку кои се однесува како маса, со сите нејзини карактеристики.

Граѓаните секогаш се определуваат за оние луѓе на кои им веруваат најмногу, а својата одлука најчесто ја засноваат на ирационални моменти. Токму затоа, политичарите за време на предизборната кампања користат повеќе елементи на патос (емоции), а помалку на логос (разум) и етос (морал). Добриот политички говор треба да ги содржи сите три елементи.[170]

## 2.3. Говорот кај политичката реторика

Третиот елемент кај политичката реторика е говорот. Според Даниела Блажевска, кај говорот е потребно да се обрати внимание на следните аспекти: неговата подготовка, целта на говорот, информации за публиката, изборот на темата за која ќе се говори, како и структурирањето и обликувањето на говорот.[171] Постојат неколку видови политички говори: политичка агитација, дебата, пропаганда, дипломатски говор, манипулација и реклама.

**Политичка агитација** – политиката има многу сличности со бизнисот. Кај бизнисот продавачот се обидува да го продаде својот производ, а кај политиката политичарот се нуди за гласовите на гласачите. Техниките кои се применуваат во бизнисот се

170 Блажевска, Даниела. Политичкото говорништво – од идеја до презентација. Зборник во чест на Георги Ганзовски. Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први“, 2010. стр. 376.

171 Ibid

применливи и во политиката. Политичарот се обидува преку говор да го убеди гласачот дека токму неговиот производ е најдобар. Затоа, може да се констатира следното: без кампања и агитација, нема успех.

**Дебата** – најчесто се случува во претставничките тела на граѓаните, националните парламенти или општинските собранија. Таа, исто така, може да се спроведе преку медиумите. Карактеристично за овие говори е следното: аудиториумот се членовите на претставничките тела, директно и дифузниот аудиториум, односно сите граѓани преку медиумите. Важно е говорникот да има природна дарба и развиен осет за брза реакција, за да може брзо и остроумно да одговори во дебатата. Не е препорачливо во дебатите да се оди на лична дискредитација, туку на побивање на аргументите на говорникот. Дебатата била присутна уште во антиката, во говорите во Атина и Рим. Дебатите може да бидат посветени на сите важни прашања, при носење акти и сл. Во современите демократии, дебатата е особено присутна во парламентарниот живот на Велика Британија.

**Пропаганда** – потекнува од латинскиот збор propago, propagere – ширење, распространување. Пропагандата претставува планско ширење информации, планско влијаење на јавното мислење, свеста и однесување на луѓето. Постојат неколку видови пропаганда: политичка, верска и воена.[172] Пропагандата има за цел да се убеди што е можно поширок круг на луѓе во исправноста на некој став, мислење, одлука, политика или обратно, во нивната неисправност. Пропагандата, исто како и дебатите, постои уште во антиката. Таа се засновува на повторување на некои информации или пораки, кои треба да го охрабрат или да го обесхрабрат дејството. Цели на пропагандата се: слабеење на позициите на противникот, придобивање на јавното мислење, рушење на угледот на опонентот, разбивање или градење единство кај народот,

---

172 Станојевић, О. Аврамовић, С. Ars Rhetorica, вештина беседништва. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002. стр. 289.

предизвикување смелост или страв и др. Карактеристики на пропагандата се: агресивност, прикажување на работите црно-бело, повторување, едноставност во изразувањето и сл. Повторувањето било познато и кај Римјаните. Катон Стариот секој говор го завршувал со пораката дека Картагина треба да биде уништена, нешто во што на крај успеал да ги убеди Римјаните. Императив на пропагандата е влијаење на емоциите, а не на разумот. Кај пропагандата речиси да нема застапеност на етиката.

**Дипломатски говор** – овој вид говор може да се смета за вид на политички говор, во кој убедувањето е најтешко да се достигне. Цел на овој вид говор е да се добие што повеќе, а да се даде што помалку.[173] Кај дипломатскиот говор треба однапред јасно да се знае што е крајна цел. Овој вид говор бил применуван, исто така, уште во антиката. Познати се многу пратенички мисии и говори особено во Хелада и Рим. Кај овој вид на говор, многу поважно е брзо да се размислува отколку брзо да се говори.

**Манипулација** – смислен, системски и контролиран начин или постапка со помош на која манипулаторот, користејќи симболички средства, во за него поволни психосоцијални услови, испраќа до масата, преку средствата за информирање, одредени пораки со цел да влијае на уверување, ставови и однесување на голем број луѓе, така што тие за работи за кои нема општа согласност, а за кои се животно заинтересирани, би се насочиле кон убедувањето, ставовите и вредностите на манипулаторот, а за тоа да не бидат ниту свесни. Оваа дефиниција е најописна и сеопфатна. Истата ја прифатиле повеќе автори – Обрад Станојевиќ, Сима Аврамовиќ, Шушњиќ, Димитријевиќ, Тркуља, Ковачевиќ и др.

**Реклама** – праќањето порака преку реклама е еден од начините кои се користат за политичка комуникација.

173 Yale, Richmond. From nyet to da. London, Yarmouth, 1992. p. 140.

Сретен Петровиќ дава малку поинаква класификација на видовите политички говори. Смета дека политичките говори имаат широк модалитет: од говори во парламентите или сенатите, преку предизборни говори и беседи на тркалезна маса и во комисии, до излагања на партиски состаноци. Што се однесува до говорите во парламентите, Петровиќ определил два вида политички говори: 1. Експозициски говори (говор од престолот, владини декларации, законодавен говор по повод носење закони, устав, програма на влада и сл.). Говори од престолот се применуваат кога претседател на република или влада или монарх се инаугурирани од парламентот или се започнува нов мандат. Законодавните говори претставуваат правничко експозе, чиешто носење е надлежност на парламентот. Владина декларација е експозе на владата пред парламентот, во кое во општи црти се изложува политичката и економската програма на владата. 2. Дебатните говори претставуваат цела низа на говорнички интервенции на предлог-закони, дискусии за одделни членови на актите, формулации и се нарекуваат „примедби" (objections). Нив ги поставуваат членовите на законодавниот дом. На нив следат „одговорите", на „примедбите". Во оваа категорија се и „интерпелациите", прашања кои ги поставува членот на законодавниот дом до претставниците на извршната власт и „експликациите", односно објаснувања кои ги дава претставникот на извршната власт. Што се однесува до политичките говори вон парламентот, Петровиќ смета дека постојат: предизборни говори – претставување на кандидатот и другите претставници на партијата, чијашто цел е придобивање на што поголем број гласачи, како и да се претстави програмата што тие ја претставуваат. Потоа говори на митинзи, на кои на насобраните луѓе им се обраќа некој политички претставник. За разлика од говорите на митинзи кои може да се однесуваат на која било тема од општ интерес, партиските говори

се однесуваат на внатрешно-партиски теми и се излагаат во рамки на политичката партија.[174]

Петровиќ на крајот ги класифицира политичките говори и според темата на која се однесуваат: патриотски говори, говори за демократија, воени и антивоени говори, говори за и против закони итн.[175]

Политичките говори денес, особено оние кои се испорачуваат во парламентите, сè повеќе се кратковиди. Тоа е последица на примарните професии на политичарите и пратениците, што резултира со пониска политичка култура, а со тоа и непоседување култура на беседење. Говорите многу често се импровизирани, ретко кога се однапред планирани или подготвени. Одлика на денешните политички говори е што истите се пласираат и вон форумите (парламентите, сенатите), затоа што говорниците се претставници на целиот демос. Исто така, политичката припадност на говорникот ја дефинира рамката на говорење и ставовите кој говорникот ги следи како одредници при дефинирањето на своите аргументи.

174 Petrović, Sreten. Retorika. Beograd, ISP Savremena administracija d.d., 1995. str. 329.

175 Ibid

# ТРЕТ ДЕЛ

## ПОЛИТИКА И РЕТОРИКА

# ГЛАВА 1

## ЈАВНО МИСЛЕЊЕ



## ВОВЕД

Најопшто „јавното мислење" го означува мислењето на луѓето во одреден конкретен период за одредено конкретно прашање.

Јавно мислење претставува агрегат од индивидуални погледи, ставови и верувања за посебна тема, изразени од страна на значителен дел од една заедница. Едни научници или школи го третираат овој агрегат како синтеза од погледите од сите или од конкретни сегменти од општеството; додека, пак, други го гледаат како колекција од многу различни често спротивставени ставови. Пишувајќи во 1918, американскиот социолог Чарлс Нортон Коли го дефинира јавното мислење како процес на интеракција и меѓусебно влијание наместо како состојба на широка расправа. Американскиот политички научник В.О. Кеј во 1961 година го дефинира јавното мислење како „мислења кои ги делат приватни лица, чии влади треба внимателно да ги послушаат". Супсеквентниот напредок во вршењето на статистички и демографски анализи и истражувања во 90-тите години од минатиот век, доведуваат до разбирањето на јавното мислење како колективен поглед на дефинирана популација, како што е некоја партикуларна демографска група или етничка заедница.

Влијанието на јавното мислење не е рестриктирано на политиката или изборите. Тоа е влијателна сила во многу други области, како што се: културата, модата, литературата, уметностите, конзумеристичкото трошење, маркетингот и односите со јавност итн.

## 1. ТЕОРЕТСКИ И ПРАКТИЧНИ КОНЦЕПТИ

Во својата истоимена студија „за Јавното мислење" објавена во 1922 година, американскиот едиторијалист Валтер Липман ја оквалификува својата опсервација дека демократиите претендираат да прават мистерија од јавното мислење со декларацијата дека „постојат вешти организатори на јавното ми-

слење кои ја разбираат мистеријата доволно за да креираат мнозинство на денот на изборите." Иако реалноста за јавното мислење денес е универзално прифатена, постојат многу варијации во нејзиното дефинирање, кои ги рефлектираат во голема мера различните перспективи од кои научници и школи пристапуваат кон оваа област.

Политичките научници и некои историчари настојуваат да ја потенцираат неговата улога во владеењето и во политиката, обрнувајќи особено внимание на неговото влијание во развојот на владините политики. Имено, некои политички научници го сметаат јавното мислење како еквивалент на националната волја. Во таква лимитиратна смисла, сепак, постои можност за само едно јавно мислење по конкретно прашање во одредено време.

Како контраст на споменатото, социолозите најчесто го обмислуваат јавното мислење како продукт на социјална интеракција и комуникација. Во согласност со овој поглед, не може да постои јавно мислење по конкретно прашање доколку членовите на јавноста не комуницираат еден со друг во однос на тоа прашање. Дури и во случај нивните лични мислења и уверувања да се слични уште од почеток, истите нема да формираат јавно мислење додека не се пренесени на други во некоја форма, како, на пример: весници, радио, телевизија, интернет, дури и телефонски разговор и разговор лице во лице. Социолозите, исто така, посочуваат на можноста на постоење различни јавни мислења за некое прашање во конкретно време. Иако едно тело на мислење може да доминира или да рефлектира некоја владина политика, на пример, тоа не ги исклучува од постоење другите организирани тела на јавно мислење на политички теми. Социолошкиот пристап, исто така, ја препознава важноста на јавното мислење во области кои имаат малку или, пак, ништо со владеењето.

Самата природа на јавното мислење, според американскиот истражувач Ирвин Креспи, е тоа да биде интерактивно, мултидимензионално, како и постојано

променливо, па оттаму трендот и модата се соодветни теми за студенти по јавно мислење, како и ставови спрема јавни личности, но и корпорации**. Скоро сите школи на јавно мислење, независно од нивниот начин на дефинирање на истото, се сложуваат дека за еден феномен да може да биде сметан за јавно мислење, треба да бидат исполнети најмалку четири работи:**

- **Прво, мора да постои проблем/прашање;**
- **Второ, мора да постои значителен број на личности кои се засегнати од тој проблем/прашање, односно имаат формирано и го изразуваат своето мислење, став, верување по тој проблем или прашање;**
- **Трето, мора да постои некаков консензус по однос на најмалку некои од овие мислења, ставови или верувања;**
- **Четврто, овој консензус мора директно или индиректно да врши влијание.**

Во контекст на теоријата, тие кои целат да влијаат на јавното мислење се многу помалку загрижени со теоретските пристапи и аспекти и се повеќе фокусирани на практичните проблеми на формирање мислења на специфични „публики," како што се: вработени, акционери, организации од соседството, или која било друга група чии постапки може да имаат ефект врз богатството на клиентите за кои работат овие професионални „опинион мејкери". Во таа смисла, на пример, политичарите и публицистите се во континуирана потрага по начини на кои можат да влијаат на гласачи, односно на купувачки навики, соодветно – оттука нивната желба да се утврдат какви било ставови и мислења кои може да влијаат или да имаат ефект врз формирање на посакувано однесување.

Често се покажува како случај мислењата кои се изразуваат во јавност да се разликуваат од оние кои се изразуваат приватно. Некои мислења – иако широко прифатени – може да не се изразат воопшто. Па така, во тоталитарна држава, голем број граѓани може да се спротивставуваат со владата, но истовремено се

плашат да го изразат, односно да го споделат своето несогласување и ставови дури и со својата фамилија и пријатели. Во такви случаи, антивладино јавно мислење нужно потфрла да се формира.

## 2. ФОРМИРАЊЕ И ПРОМЕНА НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

Независно како колективните мислења (оние кои ги делат повеќето членови на одредена група) се претопуваат во јавното мислење, резултатот може да биде самоодржлив. Францускиот политички научник Алексис де Токвил, на пример, заклучил дека штом едно мислење ќе пушти корен низ демократски народ и се воспостави во умовите на поголемиот дел од заедницата, потоа опстојува само од себе и се одржува без напор, бидејќи никој не го напаѓа.

**Во 1993 година германската истражувачка на јавно мислење Елизабет Ноел-Њуман го карактеризирала овој феномен како „спирала на тишината," забележувајќи дека луѓето кои сметаат дека поседуваат малцински став ќе бидат помалку наклонети да го изразат истиот во јавност.**

Како, всушност, многу луѓе формираат мислења по одредено прашање, како и тоа каков тип на мислења тие формираат зависи од три нешта:

- **Прво**, од нивните моментни ситуации;
- **Второ**, од одредени општи социоекономски фактори; како и
- **Трето**, од нивното преегзистентно знање, ставови и вредности. Бидејќи ставовите и вредностите играат круцијална улога во формирањето на јавното мислење, голем број научници од оваа област се нормално заинтересирани за природата на овој феномен, како и за начините на кои може да добијат пристап да влијаат на нивната варијабилност и интензитет.

На концептот на мислење, став и вредност користени во истражувањата на јавното мислење им е даде-

на влијателна метафорична карактеризација од политичкиот аналитичар Роберт Ворчестер, кој сугерирал дека „вредностите се како длабоката плима на јавното расположение, бавно се менуваат но се многу моќни. Мислењата во контраст се брановите на површината на свеста на јавноста – плитки и лесно променливи, најпосле ставовите се струите под површината, подлабоки и посилни – претставувајќи опсег помеѓу вредностите и мислењата". Според Ворчестер, исто така, уметноста во разбирањето на јавното мислење се пронаоѓа не само во мерењето на мислењата на луѓето, туку и во разбирањето на мотивациите кои придонеле за формирање на тие мислења. Независно од тоа колку силно некои ставови се врежани, тие се субјект на промена во случај индивидуата која ги поседува да дознае за нови перспективи и факти кои ги предизвикуваат неговиот/нејзиниот претходен начин на размислување. Ова е особено точно за луѓето во случај кога ќе чујат спротивно мислење или спротивна позиција која ја поседува личност чиј суд тие го почитуваат. **Овој курс на влијание, познат како „Opinion leadership", е често употребуван од публицисти како средство на поттикнување на луѓето да преиспитаат – и многу можно, да променат – некој свој став.**

Некои истражувачи на јавно мислење го спорат стандардниот технички концепт на „став" како недоволно корисен за разбирање на јавното мислење, бидејќи е недоволно комплексен. Кареспи, на пример, преферирал да говори за „ставовни системи", кои тој ги карактеризирал како комбиниран развој од четири сета на феномени:

- **Прво**, вредности и интереси;
- **Второ**, знаење и верувања;
- **Трето**, чувства;
- **Четврто**, навики во однесувањето (т.е. свесни инклинации да се постапува на конкретен начин).

Веројатно најбитниот концепт во истражувањата на јавното мислење е тој кој е насочен кон вредностите. Вредностите се од особена важност во детермини-

рањето на тоа дали луѓето ќе формираат мислење по некое прашање; во суштина, тие се многуповеќе наклонети кон тоа, кога тоа го перципираат како нешто што нивните вредности го бараат од нив, односно се очекува од нив да формираат мислење по конкретно прашање поради системот на вредности кој го поседуваат. Вредностите се стекнуваат во раниот живот, во многу случаи се пренесени од родителите и образовниот систем. Тие не се лесно променливи и се зајакнуваат како што луѓето растат и стареат. Тие опфаќаат верувања во врска со религијата (вклучувајќи верување или неверување) во Бог, опфаќаат политичка перспектива, морални стандарди и слично. Како што Ворчестер аналогно сугерира, вредностите се релативно отпорни кон обичните обиди на убедување, како и на влијанијата од медиумите, тие ретко се променуваат како резултат од позиции или аргументи кои  се изразени во една дебата. Сепак, тие можат да бидат обликувани – и во некои случаи целосно променети – преку пролонгирана изложеност на конфликтни вредности, преку здружена мисла и дискусија, преку наметнување на чувства доведувајќи ја индивидуата во состојба на „расчекор“ со другите кои таа ги знае и ги  почитува, како и со развој на значително нови докази и околности.

## 3. ФОРМИРАЊЕ СТАВОВИ

Штом некое прашање е генерално препознаено, некои од луѓето по автоматизам ќе почнат да формираат ставови по истото. Доколку некој став е споделен од поголем број луѓе со други луѓе доволен број пати, се формира јавно мислење на таа тема. Не сите луѓе ќе формираат партикуларен став по конкретно прашање, некои нема да бидат заинтересирани за тоа, некои едноставно нема ни да слушнат. Ставовите кои се формираат може да се одржуваат од најразлични причини. Оттаму, помеѓу луѓето кои се противат на високи даноци на имот, една група може да не биде во можност да си ги дозволи, друга може да одбива дополнителни даночни приходи на примателите

на социјална помош, трета може да не се согласува со конкретна владина политика, додека, пак, четврта можеби ќе се реши да протестира против она што таа го перципира како расипничко владино трошење. Навидум хомогеното тело од јавно мислење, всушност, е составено од лични мислења кои се вкоренети во многу различни интереси и вредности. Доколку некој став не извршува некоја од овие гореспоменати функции, многу е неверојатно истиот да биде формиран: ставот мора да биде од некаква корист на личноста која го поседува.

## 4. ФАКТОРИ КОИ ВЛИЈААТ НА ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ

Факторот средина на живеење игра критична улога во развојот на мислења и ставови. Најприсутно е влијанието на социјалната среднина: фамилија, пријатели, соседство, работно место, црква или образовна институција. Луѓето најчесто ги приспособуваат своите ставови, за да се приспособат на тие кои се најмногу застапени во нивните социјални групи на кои припаѓаат. Истражувачите откриле, на пример, дека доколку личност во Соединетите Американски Држави, која себеси се смета за либерална, се најде опкружена во својот дом или на своето работно место со луѓе кои преферираат конзерватизам, многу е веројатно истата да почне да гласа за конзервативни кандидати, отколку, на пример, либерална личност чии фамилија и пријатели ги делат нејзините либерални погледи. Слично било откриено за време на Втората светска војна дека луѓе кои биле прераспределени од една единица во друга, често ги приспособувале своите мислења за да ги усогласат со тие на единицата во која се прераспределени.

Факторот медиуми за масовно комуницирање, под кој спаѓаат весниците, радиото, телевизијата и интернетот се обично помалку влијателни од социјалната средина, но, сепак, се многу значајни, особено во афирмирање на ставови и мислења кои се веќе

етаблирани. Медиумите го фокусираат вниманието на јавноста на конкретни личности или проблеми, водејќи многу луѓе да креираат мислења за истите. Во согласност со ова, владините претставници напоменуваат дека комуникацијата со јавноста преку нив има тенденција на „следење на насловите".

Медиумите за масовна комуникација, исто така, можат да зајакнат латентни ставови и да ги „активираат" истите, предизвикувајќи ги луѓето да преземат акција. Во предиодот на предизборието, на пример, гласачите кои порано имале само мала блага преференција за една партија или кандидат, можат да бидат инспирирани од медиумската покриеност на таа партија или кандидат, не само да се помачат да гласаат на денот на изборите за нив, туку дури деновите кои претходат да донираат пари или да ја помогнат на еден или на друг начин кампањата на таа партија или кандидат. Медиумите за масовно комуницирање играат уште една критична улога, а тоа е да им овозможат на индивидуите да дознаат што другите луѓе мислат, како и на политичките лидери да им овозможат голема публика. На овој начин медиумите овозможуваат јавното мислење да опфати голем број  индивидуи од широк спектар на демографски области. Се чини дека во некои европски држави порастот на јавното емитување, конкретно на телевизиското емитување, го засегнал функционирањето на парламентарниот систем. Пред телевизијата, парламентарните системи биле перципирани главно како натпревар помеѓу одреден број  кандидати или партии за распределување на бројот на пратеници. Со порастот на електронските медиуми и нивната сè поголема технолошка софистицираност, изборите забрзано заземаат изглед на персонална борба помеѓу лидерите на спротивставените партии. Во Соединетите Американски Држави претседателските кандидати ги персонифицираат своите партии. Штом е избран за претседател, тој/таа лесно може да се додворува на националната публика преку избраните членови на конгресот или други избрани претставници.

Во области каде медиумите за масовна комуникација не се широко застапени, како во некои од

земјите во развој, или во земји каде што медиумите се стрикно контролирани, „кажаниот збор" (word of mouth) некогаш може да ја врши истата функција како пресот и емитувањето, но на многу помала скала. Во земјите во развој е вообичаено тие кои се писмени да читаат весници отколку тие кои тоа не се, или пак, вообичаено е за поголем број на личности во едно село да се соберат околу радиото или телевизорот кој го нема во изобилство или не е достапен во секое домаќинство. Во таков случај, на пазарот или во соседството „кажаниот збор" има битна улога да ја однесе информацијата подалеку, односно истата да допре до сè поголем број личности. Во држави во кои битни вести се супресирани од владата, голем дел од информациите се пренесувани преку „гласини". Кажаниот збор (или други форми на лице во лице комуникација, како што се текст пораките) така станува основно средство за подземното јавно мислење во тоталитарни држави, иако овие процеси се бавни и често инволвираат малку луѓе отколку во држави каде што медиумските мрежи се чести и застапени, како и неконтролирани.

Фактор на интересовни групи — тука спаѓаат невладините организации (НВО), религиозни групи, синдикати, трговски унии и сл. Имаат за цел да култивираат формирање и ширење јавно мислење по прашања кои се од интерес на нивните членови. Овие групи можат да бидат насочени кон политички, економски или идеолошки проблеми, и повеќето од нив работат на тоа преку медиумите за масовна комуникација, како и преку „кажаниот збор". Некои од поголемите и поимотни интересовни групи ширум светот можат да си дозволат „адвертајзинг" или односи со јавност. Една сè поваќе популарна тактика е неформалната анкета или „straw poll". Со овој пристап, групите ги анкетираат своите членови и поддржувачи да гласаат – најчесто преку телефон или интернет – во несистематски „анкети" на јавното мислење кои не се извршени правилно и се без правилно определен репрезентативен примерок.

Причините за воспоставување ненаучни анкети варира од нивната забавна вредност до нивната корисност во манипулирање на јавното мислење, специјално од интересовните групи, или групи за притисок насочени кон конкретни прашања. Некои дури ги експлоатираат овие резултати (straw polls) како средства за претставување на своите каузи како позначајни отколку што навистина се. Во секој случај, за секој еден проблем политичарите ќе ги одмерат релативно дезинтегрираните мислења и ставови на мнозинството во спротивност на оние вредности на помалите но попосветени групи чија одмазда е сè поизвесна преку гласачката кутија.

Факторот предводници на јавното мислење игра главна улога во дефинирање на популарните. Политичките лидери во практика можат да претворат непознат проблем во национално прашање, ако тие одлучат да го свртат фокусот на медиумите врз истото. Еден од начините на кој предводниците на јавното мислење го собираат вниманието и ги надминуваат разликите меѓу оние со кои се во базичен договор на некоја тема е со измислување симболи или кованици од слогани: со зборовите на претседателот Воудроу Вилсон, сојузниците во Првата светска војна, се бореа во „Војна за завршување на сите војни", целејќи „да го направат светот безбеден за демократија"; релациите после Втората светска војна со Советскиот Сојуз се сумираат под терминот „Студена војна", за прв пат употребен од претседателскиот советник Бернард Барух во 1947 година. Еднаш воведени, симболите и слоганите се фреквентно одржувани во живот и истите комуницираат до големи публики преку медиумите за масовна комуникација и можат да станат меѓни камења на јавното мислење на кое било прашање. Предводништвото на јавното мислење не е ограничено на проминентни фигури во јавниот живот. Предводник на јавното мислење може да биде која било личност, во која другите луѓе бараат водство на конкретна тема. Па затоа, во конкретна социјална група една личност може да биде сметана како посебно добро информирана за локалната политика, доде-

ка, пак, друга личност може да биде третирана како добро информирана за меѓународните односи, трета, пак, за експерт во недвижнини. Овие локални предводници на јавно мислење се генерално непознати надвор од нивниот круг на пријатели и познаници, но нивното кумулативно влијание во формирањето на јавното мислење е доста значително.

Фактор на комплексни влијанија. Бидејќи психолошката заднина, персоналните околности, како и надворешните влијанија сите заедно играат улога во формирањето на мислењето на секоја личност, тешко е да се предвиди како ќе се оформува јавното мислење по конкретно прашање. Некои од јавните мислења можат да бидат објаснети преку специфични настани и околности, но во други случаи причините, односно каузалитетот за нивното формирање е многу повеќе таинствен.

Поверојатно е луѓето да ги променат своите ставови кога истите веќе не кореспондираат со новонастанатите околности и затоа потфрлаат да служат како водилки кон акција. Слично, специфичен настан, како, на пример, природна непогода или човечка трагедија, може да ја зајакне свесноста за основните проблеми и грижи и да предизвика промени во јавното мислење. Сепак, без разлика како едно јавно мислење е формирано и одржувано, тоа во најголема мера зависи од вниманието кое го добива од медиумите за масовно информирање.

## 5. ЈАВНОТО МИСЛЕЊЕ И ВЛАДЕЕЊЕТО

По самата своја природа, демократскиот процес ги поттикнува граѓаните да формираат мислења по голем број прашања. Гласачите се повикани да изберат од кандидатите на денот на изборите. За скоро секоја работа за која легислативата и егзекутивата треба да одлучат, може истата да стане дел од јавното мислење, ако значаен дел од луѓето посакаат да го направат тоа. Политичките ставови на овие луѓе често се стимулирани од надворешни агенции.

Англискиот филозоф и економист Џереми Бентам (1748-1832) ги увидел големите потешкотии на легислаторот во следните негови функции: „во помирување на јавното мислење, во поправањето на истото кога е погрешно и во обликувањето на истото за да предизвика послушност кај своите мандатари". Во исто време, Бентам и некои други мислители верувале во тоа дека јавното мислење е корисна кочница за неприкосновениот авторитет на владетелите. Бентам барал сите официјални акти да се публикуваат, така што просветлената публика ќе формира мислење и ќе може да донесува судови, како што тоа го прави трибуналот: „На ерозивната извршна власт тоа е единствената кочница" – сметал тој.

Во раните години на модерната претставничка демократија, некои научници ја обзнаваат моќта на јавното мислење, но предупредуваат дека може да биде опасна сила. Токвил бил загрижен дека владата која произлегува од масите може да се претвори во „тиранија на мнозинството." Но, и во двата случаја, и кога јавното мислење се смета за конструктивно, но и кога се смета за штетна сила во демократијата, постојат многу малку политичари кои се подготвени да сугерираат дека владата може да го игнорира.

Политичките научници се помалку загрижени за тоа каква улога треба да игра јавното мислење во една демократска заедница, односно повеќе се посветени на изнаоѓање суштинска улога која веќе ја има или ја игра. Од испитувањата на многу историски записи кои содржат информации за конкретни политики, јасно се гледа дека не постојат сеопфатни генерализации кои се важечки во сите случаи. Улогата на јавното мислење варира од проблем до проблем, исто како што јавното мислење се наметнува себеси различно во една или во друга демократија. Можеби најбезбедна генерализација која може да се направи е тоа дека јавното мислење не влијае на деталите на повеќето од владините политики, но, пак, затоа, поставува граници во кои креаторите на политики можат да оперираат. Ова значи дека јавните претстав-

ници, често, ќе се трудат да ги задоволат широкоприфатените мислења – или, пак, во најмала рака, да ги земат  предвид дискусиите и намерите на јавноста – и тие најчесто ќе одбегнуваат да преземаат одлуки кои се сметаат за широко непопуларни.

Сепак, напорите од политичките лидери да ги акомодираат владините политики не се секогаш перципирани како легитимни. Имено, новинарите и политичките коментатори често ги карактеризираат истите како додворувачи на јавното мислење, за фаворизација и нудење услуги на своите гласачи или како да се водени од најновите резултати на анкетите. Од друга страна, ваквите ставови се предизвикани  од научниците на јавно мислење, Лоренс Р. Јакобс и Роберт У. Шапиро, кои расправаат во својата книга „Политичарите не се додворуваат: Политичка манипулација и загуба на демократската респонзивност (2000)"

Обвинувањата за „додворување" (угодување) на јавното мислење се користени од проминентни новинари, политичари и други елити како средство за намалување на влијанието на јавното мислење врз владините политики.

Иако го отфрлаат обвинувањето за додворување или угодување, т.е. приспособување кон јавноста, односно јавното мислење, Јакобс и Шапиро, исто така, тврдат дека повеќето политичари претендираат да се однесуваат на циничен начин со јавното мислње; повеќето од нив, на пример, користат истражување на јавното мислење не за да ги воспостават своите политики, туку само за да идентификуваат слогани или симболи кои ќе ги направат предетерминираните политики повеќе прифатливи и привлечни за своето гласачко тело. Според овие двајца автори, повеќето од истражувањата на јавното мислење се користат за манипулирање на јавноста отколку за да се приспособат на нејзините желби.

Јавното мислење отелотворува уште помоќно влијание во политиката преку неговите латентни ас-

пекти. Како што е дискутирано од В.О. Кеј, латентно јавно мислење, е во ефект, веројатна идна реакција од јавноста на конкретна одлука или акција на некој јавен претставник или влада. Политичарите кои ги игнорираат можните последици од латентното јавно мислење ризикуваат пад или пораз на идните избори. Лидерите на влади кои сериозно го земаат предвид латентното јавно мислење, од една страна, може да бидат подготвени да преземат некоја непопуларна акција која има негативен ефект врз јавното мислење на краток рок, знаејќи дека истата таа акција може да има значителен позитивен ефект на долг рок и во поважно време.

Јавното мислење изгледа дека е многу поефективно врз влијанието на креирање на политиките на локално ниво, отколку на државно, односно национално ниво. Една причина за ова е што проблемите кои се од важност за локалните влади – како што се патишта, школи и болници – се помалку сложени од оние проблеми со кои се соочуваат владите на државно, односно на национално ниво; друга причина е тоа што на локално ниво има помалку институционални или бирократски бариери помеѓу креаторите на политики и гласачите. Самата претставничка власт, секако, се стреми да ја лимитира моќта на јавното мислење, за да влијае врз специфични владини одлуки, во смисла на тоа што единствениот избор кој ѝ е оставен е да одобри или да негира владини претставници на денот на изборите.

# ГЛАВА 2

# ЕСЕНЦИЈА НА ПОЛИТИЧКАТА РЕТОРИКА



## ВОВЕД

Класичните книги и прирачници давале строги формални правила за реториката, додека, пак, современата реторика дава само упатства и совети. Но, оној кој сака да стане добар оратор треба да ги знае и правилата на старите мајстори. На следните неколку страници, се наоѓаат повеќе совети како да се стане добар говорник.

## 1. ГОВОР

**Целта на говорот** е да ги убеди слушателите. Како цел на говорот може да се јави и потребата да се информира  или да се забавува публиката. Можно е во говорот да се прави и комбинација на цели. Пожелно е во говорот да има една, доминантна цел.

Добрите говори се резултат на добра **подготовка**. Денес, сепак, говорите сè почесто се исполнети со импровизации. Доколку немате време за подготовка, најчесто во вакви ситуации молкот е најдобар одговор. Ако говорникот не е во можност да избира, тогаш најдобро е неговиот говор  да се базира на искуството и убедувањето, за што е потребен посебен пристап и вештина.

Колку е подобар изборот на **предметот** за кој се говори, толку и говорот е подобар. Изборот на предметот и темата на која се говори зависи и од тоа за што треба да се говори, односно за приликата во која треба да се одржи говор. Тоа, исто така, зависи и од самиот говорник, неговото образование, интелигенција, дарба, местото каде треба да се говори, особеностите на публиката итн.

При изборот на предметот (темата) за која треба да се говори, говорникот треба да се води од следниве моменти: кои теми него го интересираат а кои би можеле да ја интересираат публиката, која тема најмногу одговара на приликата во која ќе се говори, како таа тема може да се поврзе со неговата профе-

сија, дали има доволно информации на темата, дали образованието на говорникот е адекватно на темата, какво е личното искуство на таа тема, дали има доволно аргументи и слично.

Препорачливо е да се пристапи кон критичко размислување за предметот на говорот. Користењето на сопственото знаење и искуство е најдобар патоказ за подготовка на говорот. Потоа, препорачливо е пристапување кон истражување на различни извори на информации поврзани со конкретниот предмет. Собраниот материјал треба методолошки да се обработи, а потоа да се издвојат корисните аргументи и примери кои ќе бидат искористени во говорот. Дополнително, доколку дозволува времето при подготовка на говорот може да се спроведе и истражување или интервјуа со лица кои се упатени во предметот на говорот. Откако ќе бидат спроведени гореспоменатите постапки, може да се пристапи кон изработка на концепт на говорот.

**Концепт на говорот:** во основа постојат три вида концепти. **Еден концепт е говорникот да користи подготвен текст**, кој го содржи целиот говор. Ова најчесто е одлика на почетниците кои го читаат целиот говор буквално. Овој начин на говорење ја одзема вредноста на говорот. Доколку како цел се постави убедувањето или повикот за дејство, тогаш со сигурност тоа нема да биде постигнато преку читање на говорот. Ова не се однесува на оние ситуации во кои говорот треба да биде прочитан, за да не се постигнат несакани последици. Исто така, можна е ситуација во која говорот е научен напамет. Ваквиот начин на излагање на говорот често пати е механички, без да може да се демонстрира лична заложба или убедување. Ризикот при ваков настап е заборавање на делови од текстот, по што навистина е тешко да се продолжи да се говори.

Кај говорниците-почетници е дозволено да го имаат напишан целиот говор пред себе. Тоа влева доверба кај нив. Но, препорачливо е пред таков настап

да го проучат добро говорот и истиот да го извежбаат. Секако, меморирање на делови од текстот можат да бидат од корист. Не е препорачливо меморирање на целиот текст, затоа што таквите говорници не се добри оратори.

**Вториот тип на концепти е свесно импровизирање во говорењето**. Кај овој тип на говори, говорникот повторно мора сериозно да се подготвува за настапот, но со таа разлика што тој наместо цел говор, подготвува само главни поенти и мисли, односно елементи на говорот, кои потоа лицето ги користи, но најчесто тоа публиката не го ни забележува. Најчесто говорникот ги користи првите реченици напишани, а потоа само го следи редоследот, без при тоа да мора да се ослонува на тој материјал. Практично, говорникот го користи како помошно средство, еден вид потсетник при говорењето. Во него се наведени главните поенти и по некој аргумент за нив. На крајот на овој говор се изведуваат заклучни согледувања, кои треба да ја постигнат крајната цел. Кај овој концепт, говорникот има поголема слобода да воспостави контакт и интеракција со слушателите. На овој концепт му се забележува дека не е класична импровизација, затоа што, сепак, говорникот претходно се подготвувал и ја дефинирал мисловната рамка во која ќе се движи при говорењето.

**Третиот вид концепти** најчесто се користи кога говорникот има малку време за подготовка. Овој говор го нарекуваат **импровизиран говор**. Препорачливо е и при ваквите ситуации, доколку има можност, да се направи минимален концепт, кој би послужил како поддршка при говорот. Во крајна сметка, говорникот треба да размисли што треба да каже. Со тоа, тој креира мисловен концепт на говор. Овде е важно добро да се обмисли првата воведна реченица, која треба да биде ударна. Исто така, препорачливо е да се потенцира главната порака, која е комплементарна со главната цел на говорот. И кај импровизираните говори може да дојде до lapsus memoriae. Во тој случај, поискусните говорници најчесто се навраќаат на

дотогаш кажаното, со прераскажување на основните тези, не преку буквално повторување на истите. На тој начин говорникот добива дополнително време да размисли како да продолжи понатаму. Доколку и потоа тој не може да се сосредоточи, препорачливо е на духовит начин да признае дека има недостиг на меморија, да продолжи да импровизира, без да се доведе во ќор-сокак, да се обиде да го финализира говорот, да премине логично на заклучокот, да постави некое прашање кон присутните во публиката итн.

Говорите треба да бидат **пократки**. Во современиот живот, луѓето немаат време да следат долги говори.

Говорот да не се учи буквално. Избегнувајте да читате.

**Структура на говорот**: денес, се настојува говорот да има воведен дел, изнесување на суштината и заклучок, но ниту овие правила не се строги, односно дозволени се скокови од еден во друг дел.

Изложите ги **фактите**, изнесете ги **мотивите кои ќе предизвикаат акција**.

Пожелно е говорот да има некаква **занимливост** за да го привлече или да го задржи вниманието на слушателите.

Говорот мора да има **порака**. Пораката може да се каже уште на самиот почеток. **Повторувајте** ја пораката. Обидете се да го завршите говорот со пораката. **Последната реченица најдолго се памти**. Заклучокот треба да биде во природен след со говорот, а не вештачки додаток. Добро е да се повторат главните поенти на говорот и да се поврзе почетокот со крајот.

Говорот нека биде исполнет со **примери од животот**, а не со воопштени мисли или податоци како за енциклопедија. Употребете некој предмет кој ќе им го покажете на слушателите.

**Прашувајте прашања.** Не чекајте на одговор, одговорот лежи во вашиот говор.

Пробајте да ја поврзете темата за која говорите со **прашања кои се од животно значење за слушателите**. По природа, човекот сака да се занимава со прашања кои директно го засегаат, а не со „светските проблеми“.

**„Постои мерка за сите работи“** – говорот нека трае додека говорникот може да стои на една нога (не долго).

**„Зборувај бавно, размислувај брзо“**.

Треба да се почувствува **кога треба говорот да заврши**, а тоа најдобро се мери од реакциите на слушателите.

Користете **досетки и шеги,** но не во секоја пригода. Немојте да ги користите личните недостатоци на соговорникот или на друго лице како тема во говорот, особено не како шега.

## 2. ГОВОРНИК

**Личноста на говорникот** може да се дефинира според различни параметри, како што се: изглед, углед, интелигенција, карактер, образование, глас, ораторско искуство, физичка кондиција, темперамент, мотивираност и слично.

а) *Изгледот* е важен, но не е пресуден. Може да му помогне на говорникот, но не и да го направи добар говорник.

б) *Угледот* на говорникот е многу поважен од изгледот. Угледот се стекнува преку докажаните морални вредности.

в) *Интелигенција* е способност да се разбере, да се учи, да се уочат разликите помеѓу причините и последиците. Интелигенцијата е дарба, која со многу труд може да се унапредува.

г) *Карактерот* го означува психолошкиот склоп кај човекот. Од аспект на реториката, прашањето за

карактерот, односно за психолошките карактеристики на ораторот: разумноста, доблеста, добронамерноста, лутината, смиреноста, стравот, срамот, љубезноста, сожалувањето, огорченоста, зависта и слично.

д) *Образованието* на говорникот било и ќе остане доста важно. Без добро образование, но и солидно а не површно познавање на работите, не може да се стане добар говорник. Говорот секогаш треба да биде приспособен на публиката. Не треба високото ниво на образование кое едновремено значи и посложен речник за изразување да се применува пред аудиториум кој има пониско ниво на образование. Истото може да има спротивен ефект, особено кај делиберативната реторика.

ѓ) *Гласот,* односно неговата јачина и боја се многу важни за говорникот. Денес, јачината на гласот може да се надомести со достигнувањата на технологијата. Но, пријатната боја на гласот не може да биде надоместена ниту со помош на технологијата и претставува сѐ уште важен елемент кај говорот.

е) *Ораторското искуство и увежбаност* – латинската изрека „fabricando fit faber" или „со ковање се станува ковач" е најдобар приказ за важноста од вежбањето и повторувањето, а преку тоа стекнување на искуство. Ниту еден голем оратор не стапнал на пиедесталот без пракса и вежба.

ж) Говорникот треба да има добра *кондиција*. Говорењето предизвикува психички и физички напор. Говорникот треба да направи неколку работи: да го запамти текстот или главните поенти по кои треба да го разгради говорот, да внимава на начинот на кој говори, да ја следи реакцијата на публиката, да прави напори за да го задржи вниманието на слушателите, а тоа подразбира голем напор.

з) *Темпераментот* кај говорникот е доста важен. Не постои универзален модел, но, сепак, добро е кога говорникот има определена жестина во говорењето. Независно дали и какви аргументи користи говорникот при настапот, доколку тие не се проследени со

одредени емоции, тогаш нивниот ефект е намален. Слушателите брзо го губат вниманието кај млитавите говорници. Говорникот треба да се познава самиот и да знае до каде се границите на неговите способности и каков вид емоции се својствени за него. Важно е говорникот да ја следи публиката. Доколку вниманието се намалува, треба да вложи дополнителен напор за да внесе жар во настапот, за да може повторно да го врати вниманието на публиката. Не треба да се заборави дека кај говорот една од најважните цели е убедувањето на публиката.

s) *Мотивираноста* е во директна врска со уверливоста при настапот, односно со основната цел на говорот, убедувањето. Говорникот треба со секој говор да си постави јасна цел: што сака да постигне. Во таа насока, многу помага ако говорникот е убеден во тоа што го говори.

и) *Тремата* често пати ги обзема говорниците, особено оние со помало искуство. Што може да ја предизвика тремата? Тремата, пред сè, е последица на чувството за одговорност, односно од стравот дали говорникот ќе биде на висина на задачата или ќе се посрамоти. Тремата, сепак, може да биде од корист. Најдобар одговор на тремата е посветување на говорникот на подготовка на говорот и подобар настап. Добро е ако може говорот да се извежба, а најважните поенти во него да бидат означени со препознатлив стил за говорникот. Добар совет е говорникот да се соочи со публиката, односно да ги гледа слушателите во очи. Иако тоа е ризично за почетниците, сепак, може за почеток да се гледа во неистакнатите делови на телото на слушателите сè додека не се осети чувство на пријатност при настапот, па дури потоа говорникот може да воспостави личен контакт со публиката. Важно е говорникот да се фокусира на тоа што сака да каже. Заклучно, најдобар начин да се совлада тремата е праксата.

Современите говорници се **поопуштени, непосредни, помалку помпезни и патетични**.

Науки како психологија и социологија се корисни и за говорникот и за слушателите. Како говорникот да ја совлада тремата, како реагираат слушателите, како се однесува мала група а како голема група луѓе, за што треба да води сметка говорникот кога ќе застане пред аудиториумот итн.

**Не говорете додека не сте сигурен дека имате што да кажете** и добро да знаете како тоа да го сторите.

**Научете да се смеете**. Публиката сака позитивни говорници.

Разбивајте ја монотонијата со **промена на тоналитетот и нагласување на некои зборови. Правете паузи** особено после важен дел од говорот.

Лицето на говорникот секогаш треба да биде видливо. Практикувајте да стоите. Не седите кога говорите, освен ако условите го налагаат тоа.

**Изгледајте самоуверено** дури и кога имате трема. Избегнувајте гестикулации кои манифестираат несигурност и нервоза. Гестикулирајте, но не извештачено или монотоно, гестовите треба да се во хармонија со говорот.

## 3. ПУБЛИКА

**Придобијте го вниманието и интересот на слушателите**, стекнете ја нивната доверба. Користете претходни сознанија за слушателите и аудиториумот.

Приспособете го говорот на публиката, **добро анализирајте ја публиката**.

Добро е да се знаат **целните групи кај публиката**, а кое групирање може да се врши според различни индикатори: пол, старост, образование, политичка определба, интереси, економска и социјална положба и слично. Колку повеќе информации има говорникот за публиката, толку подобро може да биде подготвен.

Проучете го **просторот во кој ќе говорите**.

Кога се говори на отворено, препорачливо е да се користат повеќе **гестикулации и движење на телото** за да може да се постигне ефект кај сите присутни, дури и најоддалечените, особено ако не се употребува соодветна технологија.

Кај **публиката** важни се следниве елементи: **бројноста, составот на публиката и нејзиното расположение**. Не е ист говорот кога се говори пред помала публика, и обратно, кога се говори пред голема публика. Кога се говори пред помал состав, голема е веројатноста дека говорникот ќе биде понепосреден, ќе воспостави контакт со слушателите и нема да користи повишен тон на гласот. Кај ваквите говори може да дојде до израз самата личност на говорникот. Обратно, кај говорите пред голем аудиториум, говорникот е посреден, воспоставува контакт со маса на слушатели и полесно може да предизвика колективни емоции кај публиката. Говорникот може да биде потемпераментен, да гестикулира, но и да користи поедноставен речник и да биде директен.

Кај **публиката** важно е да се има предвид расположението на слушателите. Разликуваме три вида: добро, односно **пријателско расположение**, рамнодушно и непријателско. Пријателски став има тогаш кога публиката го познава говорникот или, пак, темата побудува одреден интерес кај слушателите. Тоа најчесто подразбира дека говорникот го говори она што публиката сака да го слушне или го препознава својот интерес, став, мислење или убедување во кажаното. Позитивно расположение може да има, исто така, ако говорникот нуди определени решенија за некој проблем кој ги засега слушателите, кога публиката може да научи нешто ново и слично.

Спротивно на тоа, **непријателското расположение** кај публиката е еден од најголемите предизвици за говорникот. Тоа е присутно кога говорникот застапува ставови или мисли кои се спротивни со верувањата или убедувањата на слушателите. Говор-

никот треба да биде одлично подготвен за да може да се носи со една таква публика. Треба да има добра подготовка, да ја познава реториката како вештина, да владее со себе, но и да ја познава публиката. Препорачливо е говорот да го почне со нешто за што сите се согласуваат, а потоа да ги нотира разликите. Говорникот може да признае дека има тешка задача, односно дека треба да ги убеди слушателите во нешто во што тие не веруваат. Корисно е ако говорникот ги повика слушателите на разум или толеранција и да изрази надеж дека публиката, сепак, може да го смени својот став. А, потоа, на системски начин, преку изложување аргументи и податоци, примери и паралели, да се обиде да ја докаже својата теза. Добро е доколку говорникот може да ги предвиди контрааргументите на спротивната страна, да се обиде да ги доведе до апсурд и, секако, да биде подготвен за можни прашања.

**Рамнодушен или инфериорен аудиториум,** исто така, е голем предизвик за ораторот. Говорникот, слично како и кај непријателски настроен аудиториум, мора добро да биде подготвен, да се обиде да го привлече вниманието на публиката, истото да го задржи и на тој начин да ја стекне благонаклонетоста на публиката. Препорачливо е говорот да биде жив, динамичен, добро аргументиран, говорникот да биде убеден за да може да ги убеди слушателите.

Луѓето денес се презаситени од информации кои ги добиваат на најразлични начини. Публиката денес **сака да слуша кратки говори, јасни, ненакитени и без непотребни додатоци**.

Ова се само дел од корисните совети и препораки кои можат да им помогнат на сите они кои треба да го практикуваат говорот како средство да ги убедат слушателите. Имајте предвид дека познавањето на правилата, препораките и советите нема да ве направи подобри говорници. Добра подготовка, солидно образование, дарба и вежба се клучот за да станете добар оратор.

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

# ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА



## ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

1. Како што концептите на владеењето, на интересот и на јавноста го определуваат карактерот на современиот свет на внатрешната политика на државите, истите го определуваат карактерот и на современиот свет на надворешната политика, се разбира, земајќи ги предвид сите специфичности во кои се јавува и дејствува таа. Специфичностите, пак, се огледаат во анархичната структура на меѓународниот поредок и во отсуството на примена на монополот на физичкото насилство, како крајна инстанца од страна на врховен арбитер, кој се претпоставува дека ќе врши контрола врз субјектите во меѓународните односи, во согласност со нормите на меѓународното право, исто така, како што институциите на системот во една држава, врз основа на внатрешното право, се грижат за одржување на поредокот во државата.

2. При определувањето на позиционираноста на системот на организацијата на власта во Република Македонија во групата на некој од четирите основни видови на организација на власта, уште на самиот почеток од сферата на нашиот интерес го исклучуваме собранискиот систем, кој почива врз начелото на единство на власта, за разлика од македонскиот, пак, кој почива врз начелото на поделба на власта. Имајќи го предвид и фактот дека извршната власт во Република Македонија е сосредоточена во рацете на владата и на претседателот на Републиката, односно таа е двоглава (бицефална), од нашиот теоретски видокруг го исклучуваме и претседателскиот систем, каде извршната власт е сосредоточена во рацете на шефот на државата, односно таа е едноглава (моноцефална). Во таа смисла при определувањето на карактерот на организацијата на власта во Република Македонија со примена на методот на елиминација, упатени сме на споредба на нашиот систем со дефинираните карактеристики, дел од парламентарниот и дел од мешовитиот систем. Во таа насока, а низ призма на споредба на овластувањата на македонскиот претседател со шефот на државата во двата система, се соочуваме

со констатацијата дека обликот на организацијата на власта на Република Македонија во потполност не се вклопува со дефинираните карактеристики на парламентарниот и на мешаниот систем. Имено, за разлика од парламентарниот систем, каде шефот на државата е избран од страна на претставничкото тело и тој има сосема симболични овластувања, во Република Македонија претседателот на државата е избран од страна на граѓаните на избори, а неговите овластувања ги надминуваат рамките на симболичното претставување на државата во земјата и странство и во најопшта смисла сфатено, раководењето со државата. Од друга страна, пак, во мешовитиот систем на организација на власта, шефот на државата, избран од граѓаните на избори, поседува значително поголеми оргинерни моќи, за разлика од претседателот на Република Македонија. Имено, за разлика од шефот на државата во мешовитите системи, ефективниот дел од овластувањата на претседателот на Република Македонија е сосредоточен во делот на одбраната и надворешните работи, каде тој е упатен на соработка со Владата и со Собранието. Како заклучок од ова објаснување се наметнува констатацијата дека организацијата на државната власт во Република Македонија е позиционирана помеѓу виртуелниот свет на парламентарниот и на мешовитиот систем. Тоа, пак, е најизгледната причина зошто претставниците на научната и стручна јавност системот на организацијата на власта на Република Македонија го класифицираат во групата на парламентарниот или во групата на мешовитиот систем, секако, сфатено во најширока смисла на зборот.

3. Претседателот на Република Македонија, како еден од столбовите на власта, поседува извршни овластувања, кои во најголем дел се сосредоточени во рацете на Владата. Односите на шефот на државата со Владата и со Собранието се меѓусебно испреплетени. Имено, главните сопствени овластувања во меѓународните односи и во одбраната, претседателот на Република Македонија ги извршува во координација со Владата, а Собранието поседува средства за кон-

трола над нив. Од друга страна, шефот на државата, со легитимитетот кој го стекнува преку непосредниот избор, како и институционалните можности што му стојат на располагање (право да го известува Собранието за прашања од негова надлежност, право да стави вето на актите усвоени од Собранието, право да свика седница на Собранието, право да побара да присуствува и да учествува во работата на закажана седница на Собранието итн.) може да влијае врз работата на Владата и на Собранието. Ваквата поставеност на институциите во системот на организација на власта во Република Македонија упатува на заклучокот дека за клучните политички прашања, особено оние што спаѓаат во сферата на надворешните работи и безбедноста, потребна е согласност во рамките на извршната власт (владата и претседателот), како и помеѓу извршната власт и Собранието.

4. Можноста за меѓусебно влијание на институциите во извршната власт (владата и претседателот), како и помеѓу извршната власт и Собранието претставува силен контролен механизам, кој ја сведува на минимум веројатноста од донесување неприфатливи, односно нелегитимни одлуки на која било институција, бидејќи преку силата на формалната и фактичката моќ, односните институции имаат капацитет да го спречат тоа. Меѓутоа, во услови на забрзан развој и промени во светот, ваквата поставеност, особено во сферата на меѓународните односи, може негативно да се одрази врз брзината на приспособувањето на Република Македонија кон новите околности, поради, во одредена мера, логичната потреба значајните политички одлуки да бидат прифатени од претседателот на Републиката, од Владата и од Собранието.

5. Партискиот систем во Македонија се обликувал под влијание на општите историски прилики поврзани со остварувањето на стремежите на граѓаните за создавање независна држава, како и под влијание на вкупните историски процеси поврзани со етаблирањето на претставничката демократија во современа смисла на зборот.

6. Во периодот од воведувањето на политичкиот плурализам во 1990 година сè до донесувањето на првиот Закон за политичките партии во 1994 година, во РМ се регистрираат дури 68 политички партии. Наспроти тоа, во следните пет години, односно во 1995, 1996, 1997, 1998 и 1999 година се регистрирани 15 политички партии. Со други зборови, **во првите пет години од воведувањето на политичкиот плурализам во Македонија се регистрирани пет пати повеќе нови политички субјекти наспроти следните пет години**. Како заклучок од споменатото, може да се каже дека во **првиот бран на политичка плурализација, кога се појавија најголемиот дел од политичките партии во Македонија, тие ја поминаа процедурата во согласност со одредбите на адаптираниот социјалистички правен акт за општествените организации и здруженијата на граѓани**.

7. Со воспоставувањето на демократијата, во Република Македонија настанаа и промени во условите во кои се развива реториката. Неретко е кажано дека реториката дише со полн капацитет само кога има апсолутна демократија. Политичката демократија и плурализмот, човековите права и граѓанските слободи, поделбата на власта на законодавна, извршна и судска, децентрализацијата, улогата на медиумите и граѓанскиот сектор и многу други фактори придонесуваат за постојан развој и унапредување на улогата на реториката.

8. Политиката се професионализира, се доближува до науката и технологијата. Политичкото и јавното мислење се градат преку дебата и преку комуникација со јавноста, јавно претставување на платформи и решенија, што подразбира плодна подлога за развој особено на политичката реторика. Во политиката веќе постојат стручни тимови на пишувачи на говори и цели тимови кои работат само на прашања од областа на делиберативната комуникација. Овој вид на комуникација е суштинско средство во тие односи, кои на системски начин ја пренесуваат пораката, со што кај аудиториу-

мот влијаат на мислењето и уште повеќе, поттикнуваат политичка акција. Аудиториумот никогаш не бил толку достапен за говорникот. Од друга страна, самата преоптовареност на аудиториумот со голем број информации го прави да биде селективен во изборот. Таа селективност дополнително влијае кај политичките елити да бидат што поконкурентни, а со тоа јавниот настап и говорите да ги доведат до совршенство. Но, тоа не значи дека реториката го достигнала својот врв. Постои страв од говорот, постои и неукост во говорот, постои и неумност во говорењето, макар и не нужно со деструктивна намера. Имено, тоа е еден парадокс што се провлекува низ сета, а особено низ поновата политичка историја на човештвото. Слободата на говорот, исто како и слободата на мислата, писмото, јавниот протест, изборот и учеството во политиката, секогаш била меѓу врвните и темелните вредности на демократскиот универзум.[176] Слободата на говорот созрева. Плуралната демократија создава форум за слободно говорење, не само во политичките институции на системот на власта. Стана природно да се говори пред граѓаните, а забележливо е дека нема недостиг на говорници.

9. Ако појдеме од претпоставката дека политичката реторика е вид на реторика која има за цел убедување на помал или поголем број луѓе во исправноста или неисправноста на некој став или идеја која има политички карактер, тогаш оваа претпоставка може во целост да важи за значењето на политичката реторика во Република Македонија. Аристотеловата определба дека задача на политичкиот говор е да советува, да наговара или да одвраќа, а целта на овој вид говор е да ги убеди луѓето во тоа што е корисно а што штетно, исто така, во целост се однесува на политичката реторика кај нас. Иако Аристотел определил пет области, односно теми кај политичката реторика за кои сметал дека говорникот треба да дава совети: протокот на средства, војна и мир, одбрана на земјата, увоз и извоз и законодавство, денес, оваа листа,

176 Мирчев, Димитар. Политичките говори на современието. Скопје, Мисла, 1998. стр. 14.

не само поради временската разлика, туку и поради сплет на дополнителни околности, е многу поширока. Кај нас во политичкиот форум можеме да забележиме дека се говори за секоја тема, речиси без исклучок.

10. Од антиката се сметало дека за да може говорникот да советува за која било тема, треба да има познавање за определени состојби и тоа не само во сопствената земја туку и во другите, а особено во соседните.[177] Можеби денес оваа претпоставка не е доследно почитувана, па неретко, многу политички актери говорат на теми за кои немаат ниту соодветно образование, ниту познавање. Овој вид говори се користи во парламентот, јавни настапи, политички собири, дебати, дискусии во парламенти, за носење закони или одлуки и во многу други околности. Политичките говори се во директна релација со демократијата и слободата на изразувањето. Во демократијата секој може да се изрази и да се спротивстави. А, говорот е едно од најмоќните политички орудија. Кај политичката реторика, доколку ја следиме истата логика како кај општата реторика, се идентификувани следниве елементи: говорник, слушатели и говор. Преку политичките говори се креира јавното мислење, кое, пак, е пресудно при носењето на политичките одлуки. Говорникот е секој активно вклучен граѓанин во политичкиот живот и случувања, но и секој zoon politikon.

11. Вториот елемент е аудиториумот. Кај политичката реторика, аудиториумот е на пиедесталот. Може да се каже дека кај овој вид реторика аудиториумот е од поголемо значење отколку кај другите видови реторика. Еден од најважните сегменти кај политичката реторика е јавното мислење. Јавното мислење претставува еден вид на општа волја на граѓаните. Тоа настанува преку политичките говори, а овие, пак, се пренесуваат преку директни форми на комуникација или, пак, индиректно, преку пропаганда, медиуми и сл. Собирите од стариот вид, во кои биле испорачу-

---

177 Аристотел. Реторика. прев. од старогрчки Весна Томовска. Скопје, Македонска книга, 2002. стр. 44.

вани говори, секако, постојат и денес. Современите средства за комуникација придонесоа за промена во делот на публиката, односно до појава на нова психологија на масата. Денес публиката поретко е присутна на едно место на кое се испорачува политички говор. Тоа најчесто се врши преку традиционалните и новите медиуми. Свесно или не, ние сме постојано информирани за сите политички и општествени случувања. Со тоа, ние сме дел од аудиториумот. Таквата достапност до информации придонесува за градење на јавното мислење.

12. Третиот елемент кај политичката реторика е говорот. Постојат неколку видови политички говори: политичка агитација, дебата, пропаганда, дипломатски говор, манипулација и реклама.

13. Политичките говори денес, особено оние што се испорачуваат во парламентите, сѐ повеќе се кратковиди. Тоа е последица на примарните професии на политичарите и пратениците, што резултира со пониска политичка култура, а со тоа и непоседување култура на беседење. Говорите многу често се импровизирани, ретко кога се однапред планирани или подготвени. Одлика на денешните политички говори е што истите се пласираат и вон форумите, затоа што говорниците се претставници на целиот демос. Исто така, политичката припадност на говорникот ја дефинира рамката на говорење и ставовите кои говорникот ги следи како одредници при дефинирањето на своите аргументи.

14. Од легислативен аспект, прашањето за говорот е регулирано со највисокиот правен акт во државата, Уставот на Република Македонија. Така, според член 16 од Уставот, слободата на говорот, заедно со слободата на уверувањето, совеста, мислата и слободата на изразување на мислата се загарантирани.[178] Уставот, исто така, ги гарантира и јавниот настап, јавното информирање, слободниот пристап до информации и

178 Службен весник на Република Македонија бр. 52/91.

слободата на примање и пренесување информации, а цензурата е забранета. Со овој член е воспоставена основата за слободата на говорот и слободата на изразување на мислата, како претпоставка за развој на реториката.

15. Ако форум за политичка дебата и политичка реторика во старото време беше агората кај Хелените и сенатот кај Римјаните, денес кај нас тоа е собранието. Работењето на собранието е регулирано со соодветен закон и деловник за работа. Законот воспоставува општа рамка за собранието, а деловникот дава подетаљна разработка. За издвојување се неколку членови од овој акт. Така, според член два од Деловникот за работа на Собранието, седниците на ова тело се јавни, а јавноста може да биде исклучена само во посебни случаи предвидени со Уставот или со Деловникот. Ова значи дека за сите прашања за кои се дискутира во Собранието на Република Македонија јавноста може постојано да биде информирана.[179] Неколку инструменти на парламентарната демократија кои своето потекло го црпат од постарите демократии, како што се пратеничките прашања и интерпелацијата, исто така, се предвидени со овој акт, а истите се познати на нашата пракса. Зошто овие два инструмента се значајни од аспект на реториката? Затоа што кај пратеничките прашања, членот на законодавниот дом може на носител на јавна функција од извршната власт да му постави, најчесно во усна форма, прашање кое се однесува на нивната работа или е од нивна надлежност. При поставувањето на пратеничкото прашање и при давањето одговор, и покрај тоа што законодавецот се одлучил, најверојатно од практични причини за временско ограничување на дискусијата, до израз доаѓа политичката реторика и вештините на ораторот. Што се однесува на интерпелацијата, иако таа се поднесува во писмена форма, а нејзина цел е преиспитување на работењето на некој носител на јавна функција или на владата, можноста за политич-

179 http://www.sobranie.mk/delovnik-na-sobranieto-na-republika-makedonija-precisten-tekst.nspx

ка дискусија е основен предизвик за политичката реторика и нејзините актери. И овде е предвидено временско ограничување на говорите, како и временско ограничување за исцрпување на дискусијата, но, сепак, често пати сме биле сведоци на жестоки дебати и одлични говори.

16. Деловникот за работа на Собранието, исто така, го регулира и прашањето за политичката дискусија, но повеќе од технички, отколку од суштински аспект, што, секако, е и основна цел на овој акт. Така, со Деловникот се опфатени претресот, говорот и репликата, како прашања кои се разработени од процедурален аспект. Тоа не значи дека Собранието како поле за политички дискурс е ставено во една формална рамка која ја гуши слободата на изразување или креативноста на говорниците. Напротив, поновата историја ќе остави запаметени низа говори, особено оние кои означиле значајни настани, како што се прашањето за референдумот за независност на државата, носењето на Уставот на државата, носењето на некои закони, воведувањето на денарот како национална валута, формирањето на државната армија, прашања поврзани со економскиот развој, националната безбедност, надворешната политика, измените на Уставот и многу други говори кои опфатиле различни прашања од општествено значење.

# РЕЗИМЕ

# РЕЗИМЕ (МК)

## ПОЛИТИКА И РЕТОРИКА



# ПОЛИТИКА И РЕТОРИКА

Живеејќи во период кога партиите ја освојуваат власта единствено на избори во фер и демократски натпревар, врската помеѓу реториката и политиката станува уште поцврста поради што се наметнува потребата од натамошна анализа на овој меѓусебен однос. Последното, пак, претставува и основен мотив за пишување на делото „Политика и реторика", кое настојува понатаму да го разјасни овој однос (политика – реторика), разработувајќи го истиот во еден општ (теоретски) контекст, но и во конкретна (практична) смисла преку примерот со Република Македонија (РМ).

Делото, како што упатува на тоа и самиот наслов, е составено од два сегмента: политика и реторика. Во нив се настојува клучните теоретски аспекти на овие две носечки теми да се стават во еден практичен контекст.

Делото е составено од три дела.

Првиот дел од книгата кој се занимава со темата „политика" е составен од две глави, при што во првата со наслов: „Воведни и теоретски прашања" се анализирани клучните поими, процеси и категоризации какви што се поимите политика и власт, во чии рамки се обработуваат особеностите на една законодавна, извршна и судска власт, а потоа, врз основа на изнесеното, следува осврт на клучните системи на организација на државната власт, односно парламентарниот, претседателскиот, мешовитиот и собранискиот систем.

Таквата теоретска основа во втората глава од овој прв дел на книгата со наслов: „Аспекти на политиката во РМ" добива практична смисла во нејзините две глави: првата, во која е направена анализа на системот на организација на државната власт во РМ, и втората глава, во која е направен осврт на конкретните уставно-правни аспекти на партискиот систем на нашата држава.

Така, преку овие две глави од овој прв дел се утврдуваат дел од клучните столбови на кои почива оваа широка тема, на што, во продолжение, се надоврзуваат информациите од вториот дел кој се занимава со прашањето на клучното „оружје“ на современата политика – реториката.

Вториот дел од книгата, пак, посветен на реториката, се состои од шест дополнителни глави. Така, во првата глава со наслов: „Поим на реторика“ е даден осврт на прашањата: од каде потекнува реториката, како е дефинирана, што е цел на реториката и што не може да се класифицира како реторика. Во следната глава, пак, со наслов „Видови реторика“ е направена логична транзиција кон поделбата на говорите, односно реториката врз основа на следните параметри: содржината на говорот, начинот на подготовка, според аудиториумот и според техниката. Во главата што се надоврзува со наслов „Значење на реториката“ е направен обид да се изложат јасните причини зошто реториката е значајна, особено за изучувањето и практикувањето на политиката, нејзините релации со етиката и кои се најзначајните функции на реториката. Конечно, четвртата глава е посветена на реториката во современиот век и нејзиниот однос со т.н. стара реторика. Понатаму, петтата глава од книгата е посветена на „Посебната реторика“ со што се прави спој помеѓу теоријата и праксата. Во неа се елаборирани основните елементи на практичната реторика: говорникот, публиката и говорот, како „свето тројство“ на реториката. Направен е и обид да се прикаже модел на организациска поделба на говорот со посебен фокус на стиловите на говор. На крајот, посебна, шеста глава е посветена на мостот помеѓу насловот на оваа книга: политичката реторика. Следејќи ја логиката на претходната глава, политичката реторика е разработена низ моделот: говорник, аудиториум и говор.

Врз основа на изнесените сознанија, во првиот и во вториот дел од книгата, следува третиот дел, со

наслов „Политика и реторика". Во овој дел, врз основа на изнесените сознанија во првите два дела од книгата се разјаснети два каузалитета во овој заемен однос. Имено, во првата глава се разработува феноменот на „јавното мислење", во смисла на ефектите од спроведувањето на една политика, додека во втората глава се разглобува самата реторика, во смисла на откривање на начините и својствата кои ја детерминираат нејзината успешност.

На самиот крај, пак, врз основа на изнесените информации во првиот и во вториот дел од книгата, се поместени  заклучните согледувања.

Авторите искрено веруваат дека оваа книга ќе им биде од корист на сите оние кои ги интересира сложениот сет на елементи што ја карактеризираат современата политика, а особено на студентите на правните факултети, на факултетите за политички науки, како и на факултетите по новинарство и за односи со јавноста. Истовремено, со оглед на сеприсутноста на политиката во животите на луѓето, веруваме дека овој практичен водич ќе има и поширока општествена примена помеѓу активните политички чинители, новинарите или граѓанските активисти.

# REZYME (SQ)

## POLITIKA DHE RETORIKA



# POLITIKA DHE RETORIKA

Duke jetuar në një kohë në të cilën partitë e fitojnë pushtetin vetëm në zgjedhje, në një garë të ndershme dhe demokratike, lidhja midis retorikës dhe politikës bëhet akoma më e fuqishme, me ç'rast imponohet nevoja për një analizë të mëtutjeshme të kësaj marrëdhënie të ndërsjellë. Kjo e fundit, është motivi kryesor për hartimin e veprës "Politika dhe retorika", e cila përpiqet që edhe më tej ta sqaroj këtë marrëdhënie (politika – retorika), duke e trajtuar të njëjtën në një kontekst të përgjithshëm (teorik), por edhe në aspektin konkret (praktik) përmes shembullit të Republikës së Maqedonisë (RM).

Vepra, siç e vë në dukje edhe vet titulli, përbëhet nga dy segmente: Politika dhe Retorika.

Në të njëjtat bëhen përpjekje që aspektet kryesore teorike të këtyre dy temave bartëse të vendosen në një kontekst praktik.

Vepra përbëhet nga tri pjesë.

Pjesa e parë e librit, e cila e trajton temën "Politika", përbëhet nga dy kapituj, me ç'rast në të parin me titullin: "Çështje hyrëse dhe teorike" analizohen nocionet kryesore, proceset dhe kategorizimet, siç janë nocionet politika dhe pushteti, në kuadër të të cilave trajtohen veçoritë e pushteti ligjvënës ekzekutiv dhe gjyqësor, ndërkaq pastaj, në bazë të asaj që është prezantuar, vijon një vështrim mbi sistemet themelore të organizimit të pushtetit shtetëror, përkatësisht mbi sistemin parlamentar, presidencial, të përzier dhe të Kuvendit.

Baza e këtillë teorike në kapitullin e dytë të pjesës së parë të librit, me titull: "Aspektet e politikës në RM" e fiton kuptimin praktik në dy kapitujt e tij: në kapitullin e parë, është bërë një analizë e sistemit të organizimit të pushtetit në RM dhe në kapitullin e dytë është bërë një vështrim mbi aspektet konkrete kushtetuese-juridike të sistemit partiak të shtetit tonë.

Së këtejmi, përmes këtyre dy kapitujve të pjesës së parë përcaktohet një pjesë e shtyllave kryesore në të cilat bazohet kjo temë gjithëpërfshirëse, ndërkaq në vazhdim ndërlidhen informatat e pjesës së dytë e cila e trajton çështjen e "armës" kryesore të politikës – retorikës bashkëkohore.

Pjesa e dytë e librit, e cila i përkushtohet retorikës, përbëhet nga gjashtë kapituj shtesë. Kështu që, në kapitullin e parë me titull: "Nocioni i retorikës" është bërë një vështrim i çështjeve: ku e ka origjinën retorika, si është përkufizuar, kush është qëllimi i retorikës dhe çka nuk mund të klasifikohet si retorikë. Në kapitullin e radhës, me titull: "Llojet e retorikës" është bërë një tranzicion logjik sa i përket ndarjes së fjalimeve, përkatësisht të retorikës në bazë të këtyre parametrave: përmbajtja e fjalimit, mënyra e përgatitjes, sipas auditorit dhe sipas teknikës. Në kapitullin i cili ndërlidhet me titullin: "Rëndësia e retorikës" janë bërë përpjekje që të prezantohen në mënyrë të qartë shkaqet se pse retorika është e rëndësishme, veçanërisht sa i përket mësimit dhe praktikimit të politikës, relacioneve të saj me etikën dhe kush janë funksionet më të rëndësishme të retorikës. Përfundimisht, kapitulli i katërt i përkushtohet retorikës në shekullin bashkëkohor dhe marrëdhënies së saj me të ashtuquajturën retorikë të vjetër. Në vazhdim, kapitulli i pestë i librit i përkushtohet "Retorikës së veçantë" , me ç'rast kemi një bashkë-dyzim të teorisë me praktikën. Këtu, elaborohen elementet kryesore të retorikës praktike: folësi, publiku dhe fjalimi, si "trinia e shenjtë" e retorikës. Është bërë përpjekje që të prezantohet modeli i ndarjes organizative të fjalimit me fokus të veçantë mbi stilet e fjalimit. Në fund, kapitulli i gjashtë në mënyrë të veçantë i përkushtohet urës midis titullit të këtij libri: Retorika politike. Duke e ndjekur logjikën e kapitullit paraprak, retorika politike trajtohet përmes modelit: folësi, auditori dhe fjalimi.

Në bazë të njohurive të prezantuara në pjesën e parë dhe të dytë të librit, pason pjesa e tretë, me titull: Politika dhe Retorika. Në këtë pjesë, në bazë të njohurive të prezantuara në dy pjesët e para të librit janë shpjeguar

dy kauzalitete në këtë marrëdhënie të ndërsjellë. Me fjalë të tjera, në kapitullin e parë trajtohet fenomeni i "opinionit publik", në aspekt të efekteve nga zbatimi i një politike, ndërsa në kapitullin e dytë trajtohet vet retorika, në aspektin e zbulimit të mënyrave dhe karakteristikave që e determinojnë suksesin e saj.

Në fund, në bazë të informacioneve të prezantuara në pjesën e parë dhe të dytë të librit, janë vendosur pikëpamjet përfundimtare.

Autorët, sinqerisht besojnë se nga ky libër do të përfitojnë të gjithë ata që janë të interesuar për spektrin kompleks të elementeve që e karakterizojnë politikën bashkëkohore, dhe veçanërisht studentët e fakulteteve juridike, fakulteteve të shkencave politike, si dhe të fakulteteve të gazetarisë dhe marrëdhënie me publikun. Njëkohësisht, duke e pasur parasysh prezencën gjithnjë e më të madhe të politikës në jetën e njerëzve, besojmë se ky Manual praktik do të ketë një zbatim akoma më të gjerë shoqëror midis faktorëve aktiv politik, gazetarëve ose aktivistëve të sektorit civil.

# ZUSAMMENFASSUNG (DE)

## POLITIK UND RHETORIK



## POLITIK UND RHETORIK

In einer Zeit, in der Parteien allein durch den fairen und demokratischen Wettstreit im Rahmen von Wahlen an die Macht kommen, zeigt sich der Zusammenhang zwischen Rhetorik und Politik umso deutlicher. Daher ist es notwendig, diesen Zusammenhang näher zu betrachten. Der Band "Politik und Rhetorik" widmet sich dieser Aufgabe: Die Verbindung zwischen Politik und Rhetorik wird sowohl theoretisch erörtert, als auch praktisch am Beispiel der Republik Mazedonien aufgezeigt.

Das Werk vereint die zwei Segmente Politik und Rhetorik. Die wichtigsten Aspekte dieser beiden Leitthemen werden in einem praktischen Kontext zusammengeführt.

Das Buch besteht aus drei Teilen.

Der erste Teil, der sich mit "Politik" auseinandersetzt, besteht aus zwei Kapiteln. Im ersten werden unter dem Titel "Einführende und theoretische Fragen" Schlüsselbegriffe sowie wichtige Prozesse und Kategorisierungen analysiert. Die wichtigsten Organisationsformen von Staatsmacht werden skizziert: Parlamentarismus, Präsidialsystem, gemischt präsidial-parlamentarisches Regierungssystem und Direktorialsystem.

Im zweiten Kapitel "Aspekte der Politik in der Republik Mazedonien" wird die in Mazedonien vorherrschende Organisationsform von Staatsmacht analysiert. Es folgt ein Überblick über konstitutionelle und rechtliche Aspekte des mazedonischen Parteiensystems.

An diese theoretischen und angewandten Grundlagen knüpft der zweite Teil an mit seinen Ausführungen zur "wichtigsten Waffe der heutigen Politik": der Rhetorik.

Dieser Teil besteht aus sechs Kapiteln, beginnend mit dem "Begriff der Rhetorik", der einen Überblick über die Definition und Ziele der Rhetorik bietet. Im zweiten Kapitel mit der Überschrift "Arten der Rhetorik" geht es um die Parameter, die eine Rede bestimmen: Inhalt,

Vorbereitung, Zielpublikum und Technik. Das nächste Kapitel erläutert Gründe für die "Bedeutung von Rhetorik", insbesondere für das Aneignen und Praktizieren von Politik und ihr Verhältnis zur Ethik. Des weiteren werden die wichtigsten Funktionen von Rhetorik aufgezählt. Im vierten Kapitel geht es um Rhetorik in der heutigen Zeit und ihr Verhältnis zur sogenannten alten Rhetorik, und im fünften um die "Besondere Rhetorik". Hier werden Theorie und Praxis verbunden, indem die Hauptelemente der praktischen Rhetorik beleuchtet werden: der Redner, das Publikum und die Rede, die sogenannte Dreifaltigkeit der Rhetorik. In einem Modell wird die organisatorische Einteilung einer Rede dargestellt, wobei verschiedene Stile ebenso im Fokus stehen. Das sechste und letzte Kapitel unter dem Titel "Politische Rhetorik" ist ein Brückenschlag zum Titel des Buches. Der Einteilung des vorangehenden Kapitels folgend, wird die politische Rhetorik anhand der Parameter Redner, Publikum und Rede analysiert.

Im dritten Teil des Buches, "Politik und Rhetorik", werden die Erkenntnisse der ersten beiden Teile zusammengeführt. Zwei aus dem Spannungsfeld der beiden Gebiete erwachsende Kausalitäten werden erklärt: Im ersten Kapitel wird das Phänomen der öffentlichen Meinung abgehandelt, bezogen auf die Wirkung der Durchführung bestimmter Politiken. Im zweiten Kapitel wird die Rhetorik selbst behandelt, welche Mechanismen und Methoden ihren Erfolg bestimmen.

Auf den letzten Seiten des Buches werden Schlussfolgerungen aus beiden Teilen nochmals im Sinne abschließender Betrachtungen aufgerufen.

Die Autoren sind überzeugt, dass ihr Werk für all jene von Nutzen sein wird, die sich für das komplizierte Gewebe interessieren, das die heutige Politik kennzeichnet, insbesondere für Studierende der Rechts- und Politikwissenschaften, wie auch für angehende Journalisten und

PR-Spezialisten. Angesichts der Allgegenwart der Politik im Leben der Menschen dürfte das Buch aber gleichzeitig bei aktiven politischen Akteuren, Journalisten und Aktivisten breite Anwendung finden.

# SUMMARY (EN)

## POLITICS AND RHETORIC



## POLITICS AND RHETORIC

As we live in a period when parties win governments only on elections in a fair and democratic competition, the relation between the rhetoric and politics becomes tighter, which imposes the need for further analysis of their mutual relation. This represents the basic motif behind the book "Politics and Rhetoric", which tries to clarify further this relation (politics-rhetoric), by elaborating it in a general (theoretical) context, but also in a specific (practical) sense, through the Republic of Macedonia's example.

The book, as the title itself points out, consists of two segments: politics and rhetoric. The intention is to render these key theoretical aspects of these two fundamental topics to a practical context.

The book consists of three parts.

The first part of the book that addresses the topic of "politics" consists of two chapters, where the first titled: "Introductory and theoretical questions" analyzes the key ideas, processes and categorizations, ideas such as politics and government, within which frames the features of a legislative, executive and judicial power are elaborated, and then, based on the presented, there is a review of the key systems of organization of the state power, i.e. the Parliamentary, the Presidential, the mixed and the Assembly system.

This theoretical foundation, in the second chapter of this first part of the book titled: "Political aspects in the Republic of Macedonia" gains a practical dimension in its two chapters: the first, which provides an analysis of the system of organising the state power in the Republic of Macedonia, and the second chapter, which provides a review of the specific constitutional and legal aspects of the party system in our state.

In this way, these two chapters from the first part determine the key pillars, which support this broad topic, which, in addition, is supplemented by the information presented in the second part, dealing with the issue of the key "weapon" of contemporary politics – rhetoric.

The second part of the book is dedicated to the rhetoric, and it comprises of six additional chapters. Thus, in the first chapter titled: "The concept of rhetoric" provides a general review of the follow questions: where does rhetoric originate from, how is it defined, what is the rhetoric's goal, and what cannot be classified as rhetoric. In the next chapter, titled "Types of rhetoric" there is a logical transition towards the division of speeches, i.e. rhetoric based on the following parameters: the contents of the speech, the way of preparation, based on the auditorium and based on the technique. In the following chapter titled "The significance of rhetoric" there is an attempt to present the clear reasons why rhetoric is important, particularly when it comes to political studies and practices, its relation with ethics and the most important functions of rhetoric. Finally, the fourth chapter is dedicated to the rhetoric in our modern times and its relation with the so-called old rhetoric. Furthermore, the fifth chapter of the book is dedicated to the "special rhetoric" which joins theory with practice. It elaborates the basic elements of practical rhetoric: the speaker, the audience and the speech, as the "holy trinity" of rhetoric. There is an attempt to demonstrate a model of organisational division of the speech with a special focus on the speech's styles. In the end, the special, sixth chapter is dedicated to the bridge shown in the title of this book: political rhetoric. In line with the logic from the previous chapter, the political rhetoric is elaborated through the model: speaker, auditorium, and speech.

Based on the presented facts in the first and the second part of the book, there is a third part titled "politics and rhetoric". In this part, based on the presented facts in the first two parts of the book, two causalities in this

mutual relation are clarified. Namely, the first chapter tackles the phenomenon of "public opinion", in relation to the effects from the implementation of a certain policy, while the second chapter elaborates the rhetoric itself, in terms of describing the ways and features that determine its success.

In the end, based on the presented information in the first and the second part of the book, final conclusions are included.

The authors sincerely believe that this book will be of benefit to all sides interested in the complex set of elements that characterize contemporary politics, and in particular to the students at the law faculties, including the faculties for political studies, as well as the journalism and public relations faculties. At the same time considering the fact that politics is present in all aspects of people's lives, we believe that this practical guidebook will have a broader application among its active political stakeholders, journalists or civic activists.

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

# КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА



» Arend Lijphart, Democracies: Patterns of Majoritarian and Consensus Government in Twenty-One Countries. New Haven: Yale University Press, 1984;
» Aristotle. *Politics*. transl. by Carnes Lord, second edition. Chicago and London, The University of Chicago Press, 2013;
» Baldwin, S. Charles. *Ancient Rhetoric and Poetic*. London, Kessinger Publishing. 2006;
» Brown, Louise Hasel. *Extemporary Speech in Antiquity*. Chicago, Chicago University Press, 1914;
» Burtt, John. *Minor Attic Orators*. London, Cambridge, MA. 1973;
» Carl Schmitt, Der Begriff des Politischen, Duncker und Humbolt, Berlin, 1979;
» Carnegie, Dale. *How to develop self-confidence and influence people*. USA, Pocket Books, 1956;
» Carnegie, Dale. *How to win friends and influence people*. New York, Simon & Schuster, 1940;
» Chaignet, A. Ed. *La Rhetorique et son histoire*. Paris, F. Vieweg, 1888;
» Cicero. *Brutus*. Transl. by G. L. Hendrickson. Harvard, Loeb Clasical Library, 1993;
» Cicero. *De oratore*. прев. на англиски E. W. Sutton, Cambridge, MA, Harvard University Press, 1967;
» Cicero. *De oratore*. прев. на англиски E. W. Sutton, Cambridge, MA, Harvard University Press, 1967;
» Cicero. *Murder Trials*. прев. Michael Grant. Harmondsworth, Penguin Group, 1990;
» David Iston, The Political System, New York, 1963;
» Dessoir, Max. *Die Rede als Kunst*. München, Ernst Reinhardt Buecherreihe. Erasmus Verlag, 1948;
» Douglas V Verny, Analyses of Political Systems, Routledge and Kegan Paul, 1959;
» Enciklopedija Političke Kulture, Savremena administracija, Beograd, 1993;
» George L. Grice, John F. Skinner. *Mastering Public Speaking*. SA, Pearson, 2013;
» Giovanni Sartori, Comparative Constitutional Engineering, Houndmills: Macmillan, 1997;

- Graver, Hans Peter. *Sense and Sensibility – Classic Rhetoric as a Model for Modern Legal Thinking*. Stockholm, Scandinavian Studies in Law, 2012;
- Hougardy, Maurice. *La parole en public*. Paris, Scientifiques et litteraires, 1946;
- Hougardy, Maurice. *La parole en public. Essai sur la rhetorique et l' eloquence aujord'hui et dans le passé*. Bruxelles, Edite par Baude, 1966;
- Jo, Sprague & Douglas, Stuart. *The Speakers Handbook*. Boston, MA, Wadsworth Cengage Learning, 2010;
- John Stuart Mill, Considerations on Representative Government, London: Dent, 1984;
- Lode, Eric. *Slippery Slope Arguments and Legal Reasoning*. California, California Law Review, 1999;
- Lucas, E. Stephen. *The Art of Public Speaking*. Boston, Massachusetts, Mc Graw – Hill, 1998;
- Maks Veber, Kritika Kolektivizma, Beograd, 1988;
- Maurice Douverger, A New Political System Model: Semi-Presidential Government, European Journal of Political Research Vol. 8, 1980;
- Murphy, J. James. *Rhetoric in Middle Ages*. Barkley, University of California Press, 1974;
- Paignon, Eugene. *Eloquence et improvisation. Art de la parole oratoire*. Paris, Hachette BNF, 1854;
- Patrick O'niel, Presidential Power in Post-Communist Europe: The Hungarian Case in Comparative Perspective, Journal of Communist Studies, 1993;
- Perelman, Chaim. *La Nouvelle Rhetorique: Traite de l'argumentation*. Bruxelles, L'Universite De Bruxelles, 2008;
- Petrović, Sreten. *Retorika*. Beograd, ISP Savremena administracija d.d., 1995;
- Plato. *Fedar*. https://ia801006.us.archive.org/14/items/28399909PlatonFedar/28399909-Platon-Fedar.pdf
- Pravni Leksikon (drugo izmenjeno i dopunjeno izdanje), Savremena Administracija, Beograd, 1970;
- Quintilian. *Institutio oratoria*. English transl. H.E. Butler. London, William Heinemann, 1920;
- Reboul, Oliver. *Introduction a la rhetorique, Theorie at practique*. Paris, PUF, 1991;

» Robert Elgie, Semi-Presidentialism in Europe, Oxford, Oxford University Press, 1999;
» Robert Elgie, Semi-Presidentialism: Concepts, Consequences and Contesting Explanations, Political Studies Review vol.2, Oxford, Blackwell Publishing, 2004;
» Ronzetti, Tucker. Humphreys, L. Janet. *Avoiding Pitfalls in Closing Arguments*. Florida, The Florida Bar Journal, 2003;
» Saikrishna Prakash, The esential meaning of executive power, University of Illinois Law Review vol. 2003, 2003;
» Samovar, A. Larry, Mills, John. *Oral communication: Speaking across cultures*. Boston, MA, McGraw-Hill, 1998;
» Saunders, M. Kurt. *Law as Rhetoric, Rhetoric as Argument*. Journal of Legal Education. Los Angeles, CA. 1994;
» Skene, Allyson. *Constructing a Logical Argument*. Toronto, University of Toronto, 2004;
» Strøm Kaare et.all, Delegation and Accountability in Parliamentary Democracies, Oxford University Press, 2005;
» Tadić, Ljubomir. *RETORIKA, Uvod u veštinu besedništva*. Beograd, Institut za filozofiju i društvenu teoriju, 1995.
» Walter Bagehot, The English Constitution, Blackmask Online, 2002, (www.blackmask.com);
» Yale, Richmond. *From nyet to da*. London, Yarmouth, 1992;
» Zbornik Pravnog fakulteta – Zagreb, бр. 4, 1977;
» Аристотел. *Реторика*. прев. од старогрчки Весна Томовска. Скопје, Македонска книга, 2002;
» Блажевска, Даниела. *Политичкото говорништво – од идеја до презентација*. Зборник во чест на Георги Ганзовски. Скопје, Правен факултет „Јустинијан Први", 2010;
» Димишковска, Трајаноска Ана. *Прагматиката и теоријата на аргументацијата*. Скопје, Ѓурѓа, 2001;
» Закон за дополнување на Законот за политичките партии, Службен весник на Република Македонија, год.: LXIX, бр. 23, Скопје, 14.2.2008;

- Закон за изменување и дополнување на Законот за политичките партии, Службен весник на Република Македонија, год. LXIII, бр. 5, Скопје, 16.1.2007;
- Закон за изменување и дополнување на Законот за политичките партии, Службен весник на Република Македонија, год. LXIV, бр. 5, Скопје, 11.1.2008;
- Закон за партиски истражувачко-аналитички центри, Службен весник на Република Македонија, год.: LXIX, бр.: 23, Скопје, 14.2.2013;
- Закон за политичките партии, Службен весник на Република Македонија, год. L, бр. 41, Скопје, 5.8.1994, стр.1197-1200;
- Закон за политичките партии, Службен весник на Република Македонија, год. LX, бр. 76, Скопје, 27.10.2004;
- Иан Маклин, Концизен оксвордски речник за политиката, Книгоиздателство МИ-АН, Скопје, 2002;
- Исправка на законот за изменување и дополнување на Законот за политичките партии, Службен весник на Република Македонија, год. LXIII, бр. 8, Скопје, 24.1.2007;
- Јелић, Велимир. *Стерија и Квинтилијан*. Нови Сад, Народна штампа, 1988;
- Квинтилијан. *Institutio oratoria*. https://archive.org/details/institutioorator04quinuoft;
- Лазар Китановски, Поделба на власта законодавна и политичкоизвршна, Анископ, Скопје, 1996;
- Нушић, Бранислав. *Реторика. Наука о беседништву*. Београд, 1938;
- Пајевић, Д. Касагић, Љ. *Војна психологија*. Београд, Војноиздавачки и новински центар, 2001;
- Платон. *Горгија*. Београд, Култура, 1968;
- Платон. *Федар*. превод на српски Милош Ђурић. Београд, Култура, 1970;
- Поленак–Аќимовска, Мирјана, Гоце Наумовски. *Реторика и правна аргументација*. Правен факултет „Јустинијан Први". Скопје, 2010;
- Рената Тренеска, Извршната власт во демократските системи, Матица Македонска, Скопје, 1999;

- Саво Климоски, Уставен и политички систем, Просветно дело, Скопје, 1998;
- Станојевић, О. Аврамовић, С. *Ars Rhetorica, вештина беседништва*. Београд, ЈП Службени лист СРЈ, 2002;
- Тацит, Корнелие. *Анали*. Прев. на српски, Љиљана Црепајац. Београд, Српска књижевна задруга, 1970;
- Тацит. *Разговор о говорницима*. Прев. Д. Невенић – Грабовац. Београд, 1969;
- Томовска, Весна. *Античка реторика*. Скопје, Магор, 2013;
- Филип Лово, Велике савремене демократије, издавачка књижарница Зорана Станковића, 1999;
- Хасанбеговић, Јасминка. *Перелманова правна етика и аргументација*. Београд, 1988;
- Хитлер, Адолф. *Мојата Борба*. Прев. Елена Николова. Скопје, ТНИД Ѓурѓа, 2005;
- Цане Мојаноски, Летопис на македонската демократија, Пакунг, Скопје, 2000.

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

32:808

СПАСЕНОВСКИ, Александар
Политика и реторика / Александар Спасеновски, Јован Андоновски. - Скопје : Фодација Конрад Аденауер, 2017. - 215 стр. : илустр. ; 24 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 209-213

ISBN 978-608-4648-30-7
1. Андоновски, Јован [автор]
а) Политичка реторика - Говорништво
COBISS.MK-ID 105180170

**Д-Р ЈОВАН АНДОНОВСКИ** е насловен доцент на Катедрата по граѓанско право на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Андоновски докторирал на областа римско право на тема поврзана со судската реторика во Стариот Рим и современата реторика. Од 2016 година е заменик народен правобранител. Поранешен стипендист на Фондацијата „Конрад Аденауер".

**Д-Р АЛЕКСАНДАР СПАСЕНОВСКИ** е доцент на Катедрата по уставно право и политички систем на Правниот факултет „Јустинијан Први" при Универзитетот „Свети Кирил и Методиј" во Скопје. Спасеновски докторирал на тема што се однесува на уставно-правниот статус на религиите и на слободата на вероисповед. Тој три пати бил избиран за пратеник во Собранието на Република Македонија (2006, 2008 и 2011), а бил и стипендист на Фондацијата „Конрад Аденауер".

## Фондација Конрад Аденауер во Република Македонија

Почнувајќи од јули 2000, кога беше отворено претставништвото на Фондацијата Конрад Аденауер во Скопје, беа реализирани значаен број активности кои имаат за цел да придонесат натамошно да се подобруваат вкупните прилики во Република Македонија. Во таа смисла, соработката со академската заедница, политичките партии и граѓанските организации за нас претставува посебен императив и предизвик, при што поддршката во издавањето и на ова дело е уште еден логичен чекор во оваа насока. Искрено се надеваме дека делото „Политика и реторика", чие издавање го поддржавме, ќе им ги збогати знаењата како на оние кои на академски начин ја истражуваат оваа значајна област, така и на сите практичари во политичките партии и во граѓанските организации. Истовремено, веруваме дека ова четиво ќе биде предизвик повеќе и за сите други добронамерници кои во рамките на своите професии или надвор од нив, исто така, се интересираат за прашањата што се третираат во него.